ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 17-122/9**

**Дата: 25.09.2012**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за економија (во понатамошниот текст МЕ) – сметка на основен буџет - 637, за 2011 година.

Ревизијата утврди дека најголем дел од дадените препораки од претходната ревизија за 2008 година се имплементирани, а само две се делумно спроведени.

Со ревизијата за 2008 година за финансиските извештаи искажано е мислење без резерва, додека за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции искажано е мислење со резерва.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година, додека активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај МЕ – сметка на основен буџет – 637, за 2011 година како позначајни ги истакнуваме следните слабости:

- Не е воспоставен целосен систем на интерни контроли на начин кој ќе обезбеди финансиското управување и контрола да се спроведува во сите организациони единици и на сите нивоа, со што би се намалил ризикот при управувањето со јавните средства. (точка 4.1.1)

- Не е извршен целосен и квалитетен попис на средствата и нивните извори со 31.12.2011 година, утврдени се непотполни и неточни податоци за фактичката состојба, не е извршен попис на нематеријалните и материјалните средства во подготовка, побарувањата и обврските, и не е извршено усогласување и сведување на сметководствената на фактичка состојба. (точка 4.2.3)
- Во водењето на судските постапки пред надлежен суд, констатирана е неажурност и неуредност, како и некоординираност и недоволна соработка на секторите и органите во состав на МЕ, како и недоволна соработка и ненавремена достава на докази до Државното правобранителство, што може да предизвика донесување на одлуки на штета на државата. (точка 4.2.4)
- Не е донесен подзаконски акт со кој ќе се пропише начинот, видот и висината на субвенциите, а `сеуште е во примена Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет, кое не е во важност. (точка 4.2.6)
- Спроведувањето на постапките за исплата на субвенциите во туризмот во текот на 2011 година ги вршела Комисија, која немала надлежност и овластување за оваа година, а за одделни исплатени субвенции не постои потполна и веродостојна документација, и не се почитува рокот, што доведува до неможност од уверување во исполнувањето на условите за добивање на истите. (точка 4.2.7 и 4.3.3)
- Вредноста на проектот „Македонско село“, која е отпочната во септември 2010 година, со планирани средства во износ од 240.000 илјади денари, ќе се зголеми за вишоците и дополнителните количини при што изградбата нема да заврши во рокот кој е договорен, а изведбата ја врши избран понудувач чија понуда е со голем број на неправилности, кои влијаат на висината на потрошените средства. (точка 4.3.5)
- Со години наназад во деловните книги и финаниските извештаи се искажуваат нематеријални средства и побарувања чија вредност учествува со 55% од вкупната актива, а истите се пренесени состојби од минати години, чие постоење не е потврдено со попис, ниту пак се преземени соодветни мерки, а кои ги оптеретуваат билансните позиции. (точка 4.3.9 и 4.3.10)
- Во изминатиот период МЕ како договорен орган нема спроведено електронска аукција, со што се намалува транспарентноста, а при спроведувањето на постапките за јавни набавки се утврдени недоследности и непочитување на законските прописи (точка 4.4.2, 4.4.3, 4.4.4 и 4.4.5).

Со цел подобрување на состојбата искажана во финансиските извештаи на МЕ, ревизијата даде препораки во насока на превземање на активности за воспоставување на целосен систем на интерни контроли, квалитетно

организирање и извршување на пописот, комплетирање на судските предмети од сите сектори во МЕ кои се водат пред надлежен суд, и нивно предавање во одделението за судски и управни постапки, информирање на јавноста за секој започнат проект или доделување на субвенции на транспарентен и јавен начин, преземање на соодветни мерки против одговорните лица во сите случаи на ненаменско исплатени субвенции, проверка на документацијата во врска со проектот „Македонско село " во смисла на утврдување на причините и одговорноста на лицата кои придонеле за појавените неправилности, и расчистување на пренесените состојби од минати години врз основа на попис и соодветна документација. Ревизијата даде препораки при спроведувањето на постапките за јавни набавки, во насока на надминување на утврдените слабости што ќе придонесе за правилен избор на најповолен понудувач за набавка на стоки, работи и услуги во идниот период.

Во поглавјето 6 од ревизорскиот извештај, системски слабости, ревизијата ја истакна потребата од промена на Законот за организација и работа на органите на државната управа при формирање на нов државен орган или институција со посебен закон.

Во поглавјето за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, точка 7 од ревизорскиот извештај, ревизијата ги обелодени состојбите во врска со:

- Сончевата тест лабораторија (СЛТ) која како неповратен грант во 2008 година ја добило МЕ, во вредност 150.000 евра, дадена на УХМР на времено користење без надомест, која `сеуште не е дооформена и ставена во целосна функција, поради што не е остварена целта за која е наменета - подобрување на условите за унапредување на користењето на сончевата топлинска енергија во РМ.
- Одобрени комисиони кредити на крајните корисници со одредена намена, во периодот од 1989 до 1995 година, чиј што краен рок е одамна изминат, сервисирани преку Стопанска банка АД Скопје, од средствата обезбедени од државата преку кредитните линии ЕБОР, Гасификација и СИЗ за енергетика, за кои нецелосно и недоволно се следи наплатата односно враќањето на буџетските средства.
- Судските спорови на МЕ во кои е тужител или тужена странка, со посочување на позначајни судски спорови, кои можат дополнително да го оптеретат Буџетот на РМ.

На Нацрт извештајот примени се забелешки од одговорното лице за периодот на ревизија и од законскиот застапник на министерството, кои од овластениот државен ревизор не се прифатени. Доставените забелешки не содржат елементи за промена на утврдените состојби односно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат утврдените состојби.

# 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 40 до 42 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за економија (во понатамошниот текст МЕ) – сметка на основен буџет – 637, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2011 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2012 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2008 година и издаден е извештај за финансиските извештаи на МЕ, во кој е искажано мислење без резерва за финансиските извештаи, додека за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е мислење со резерва. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- д-р Фатмир Бесими -министер за економија, до 28.07.2011 година.
- Ваљон Сараќини-министер за економија, од 29.07.2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на МЕ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делот „Делокруг на ревизијата - ревизорски постапки“ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Кај МЕ, не е воспоставен целосен систем на интерни контроли, не е извршен целосен и квалитетен попис на средствата и

нивните извори со 31.12.2011 година, при што утврдени се непотполни и неточни податоци за фактичката состојба, во водењето на судските постапки пред надлежен суд констатирана е неажурност и неуредност, исплатите на субвенции се вршени на непотполна и неверодостојна документација од страна на комисија која нема надлежност за 2011 година и по упатство кое не е во важност, изградбата на комплексот „Македонско село“ ја врши избран понудувач чија понуда е со голем број на неправилности, што дополнително ќе ги зголеми трошоците и вредноста на проектот, со години наназад се искажуваат билансни позиции на нематеријални средства и побарувања чие постоење не е потврдено со попис, ниту се преземени мерки за нивно расчистување.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи за 2011 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03. до 31.05.2012 година кај МЕ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2010 година извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи и усогласеност со закони и прописи за 2010 година и изготвен е преглед број 09-3/12 од 04.02.2010 година за статусот на препораките доставен до раководителот на субјектот. Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека: 7 препораки се спроведени, а 2 препораки се делумно спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 07.06.2012 година.
На ден 26.07.2012 година под архивски број 17-122/7, примени се забелешки на Нацрт извештајот од одговорното лице на министерството за економија за периодот од 01.01. до 27.07.2011 година. На Нацрт извештајот добиени се забелешки и од законскиот застапник на министерството на ден 06.08.2012 година, заведени под архивски број 17-122/8.
Забелешките се разгледани од овластениот државен ревизор и истите не се прифатени од причина што не содржат елементи за промена на утврдените состојби. Изнесените известувања и доставените прилози ревизијата ги

имаше во предвид а дел од доставените забелешки претставуваат известување за причините за утврдените состојби и плановите за идното постапување по дадените препораки.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот и одговорот на забелешките претставуваат интегрален дел на Конечниот извештај.

## 4.1 Интерни контроли

4.1.1 Во МЕ не е воспоставена целосна организациска структура и процедури за работа со кои ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на стабилно финансиско управување и контрола во 2011 година. Финансиското управување и контрола потребно е да се спроведува во сите организациони единици и на сите нивоа на субјектот и ги опфаќа вкупните средства на субјектот, вклучувајќи ги средствата и од други извори, на начин уреден со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Во секторот за финансиски прашања предвидено е работно место за спроведување на ех-анте и ех-пост финансиска контрола кое било пополнето до ноември 2011 година, меѓутоа не е извршувана ваквата задача. Дел од оваа контрола во пракса ја врши задолжено лице за ликвидатура од лицата одредени за вршење на сметководствени и финансиски работи по договор со СОЗР.

Во јули 2009 година министерот донел Правилник за внатрешна организација и функционирање на МЕ, со кој се уредува функционирањето на министерството. Меѓутоа, не се донесени упатства и процедури за финансиска контрола, а секторот за финансиски прашања не е дооформен односно пополнети се 8 работни места од вкупно 21, поради што не е обезбедено квалитетно финансиско управување и контрола.

Постои одделение за внатрешна ревизија од 2009 година, меѓутоа истото не е доекипирано односно од вкупно 4 предвидени работни места, пополнето е само местото раководител. Во изминатиот период заклучно со 2011 година извршени се вкупно 10 ревизии, во кои се утврдени неправилности главно од аспект на нефункционирањето на системот на интерни контроли во одделни области во надлежност на секторите во МЕ поради што постои ризик од манипулации и можни измами. Потребата од пополнување на одделението за внатрешна ревизија е уште поголема бидејќи ова одделение, не само што ја врши ревизијата во министерството, туку има обврска да врши контрола на работењето на повеќе агенции формирани врз основа на нивните закони за основање, од области кои се под надлежност на МЕ, и според кои надзорот и контролата над нивното работење го врши МЕ.

Согласно член 50 став 2 од ЗЈВФК министерот донел решение за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција во МЕ, од октомври 2009 година, меѓутоа до денот на ревизија, според дадениот исказ, лицето нема известувано за неправилности до надлежни

институции за преземање на потребни мерки поради недобиени известувања за постоење на вакви случаи во досегашниот период.

Поради напред наведеното, МЕ не е во можност да ги намали ризиците во работењето што може да доведе управувањето со јавните средства, да не се врши на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

**Препорака**

Одговорното лице во МЕ да воспостави целосен систем на интерни контроли, со донесување на пишани процедури и постапки на сите нивоа на работење и да се обезбеди нивно спроведување, со цел да се обезбеди ефикасен систем на финансиски менаџмент и контрола во сите процеси на работењето.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, органи во состав на МЕ се Државен инспекторат за техничка инспекција, Управата за наменско производство, Бирото за метрологија и Државниот пазарен инспекторат. БМ согласно наведениот закон и Законот за метрологија, донесен во јули 2002 година, има својство на правно лице, кое продолжува да ги работи работите од областа на метрологијата што претходно ги вршело Службата за стандардизација и метрологија. ДПИ, согласно Законот за државен пазарен инспекторат, од март 2007 година, ги врши своите работи како орган во состав на МЕ и има својство на правно лице. Во Централниот регистар на РМ, на крајот на 2007 односно на почетокот на 2008 година, извршен е упис на двата органи во состав на МЕ, врз основа на законите со кои се уредува нивната работа.

БМ и ДПИ, иако имаат својство на правно лице `сеуште многу активности и денес, се вршат во министерството за нив, како што се:

- Плановите за јавни набавки на ниво на МЕ, и за овие субјекти се донесуваат во рамките на министерството, кое ги спроведува и постапките за јавни набавки. Реализацијата и следење на договорите за јавни набавки склучени врз основа спроведените постапки се врши од страна на самите субјекти.
- Актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, постапката и договорите за вработување се спроведуваат/донесуваат од страна на министерот.
- Не е извршено целосно раздвојување на опремата која ја користи ДПИ и БМ како посебни правни лица односно во евиденциите на МЕ `сеуште останува опремата која е набавена пред 2008 година, што создава тешкотии при вршење на пописот.
- Пописот на средствата и изворите на средства се организира и спроведува во МЕ за министерството и за сите органи во состав, со формирање на Централна пописна комисија и посебни пописни комисии, при што

Извештајот за резултатите од спроведениот попис и Решението за негово усвојување ги потпишува министерот.

Согласно напред наведеното произлегува дека БМ и ДПИ не се целосно осамостоени како правни лица за да можат во целост да ги обавуваат сите надлежности самостојно и да ја презвземаат евентуалната одговорност при вршењето на нивните работи. Вака поставениот начин на работа во ова министерство со надлежности во голем број на области и сложена законска регулатива може да предизвика оптеретување во работењето и појава на грешки при работата.

**Препорака**

Одговорните лица во МЕ да преземат активности за целосно осамостојување на БМ и ДПИ, органи во состав на МЕ, со статус на правни лица, со цел сите нивни надлежности да ги обавуваат самостојно и да ја преземаат евентуалната одговорност при нивното извршување.

4.2.2 Со извршениот увид во Правилникот за систематизација на работните места во МЕ, донесен во април 2010 година, со измени и дополнувања во текот на 2010 и 2011 година, ревизијата го констатира следното:

- Во дел од организационите единици на МЕ не се предвидени звањата Соработник и Виш соработник односно по работното место Помлад соработник предвидено е работно место Советник. Овој начин на систематизирање на работните места ја оневозможува мобилноста на државните службеници во државна служба со интерен оглас согласно член 17-г од Законот за државни службеници. Согласно член 17-д, алинеја 2 , право да се пријави на интерен оглас има секој државен службеник кој ги исполнува условите од член 13 став 3 и да поминал најмалку една година во непосредно пониско звање од звањето за кое е објавен интерниот оглас.
- Кон крајот на 2011 година за потребите на МЕ и органите во состав, согласно член 17–ж од Законот за државни службеници, извршено е преземање на државни службеници од еден во друг орган на работно место со исто звање. Ревизијата утврди неусогласеност помеѓу степенот и видот на образованието за определено работно место утврдени во Правилникот за систематизација на работните места на МЕ и завршеното образование на преземените државни службеници. Ваквата состојба создава можност на работните места да се распоредат лица со несоодветно стручно образование, што може да влијае врз квалитетно извршување на работните задачи.

**Препорака**

Одговорното лице во МЕ да ги преземе следните активности:

- Да се изврши усогласување на систематизацијата на работните места со што ќе се овозможи мобилност во државната служба со интерен оглас од Помлад соработник во непосредно повисоко звање.

- При преземање на државни службеници од еден во друг орган на работно место со исто звање да се почитува степенот и видот на завршеното образование утврдено со Правилникот за систематизација на работните места на МЕ.

4.2.3 МЕ не ги применува во целост одредбите кои се однесуваат на вршењето на попис на средствата и нивните извори уредени со членовите од 29 до 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со што не е постапено согласно член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради следното:

- Пописните листи за извршен попис на опремата во зградата на МЕ се непотполни односно содржат податоци само за фактичка состојба по ист редослед на инвентарни броеви како што се во книгата на капитален имот односно не содржат податоци за сметководствената состојба и усогласување со евентуално утврдени разлики. Усогласувањето на двете состојби по излистаните прегледи на опрема (листинг) со сметководствена состојба ја вршела Службата за сметководство што е спротивно на чл 31-в од Правилникот. Пописната листа не е потпишана од сите членови односно не е потпишан еден член.
- Пописната листа за опремата набавена со Проектот БЕРИС е потврдена од пописната комисија на база на внесените сметководствени состојби според листингот во книгата на основни средства, а не според фактичката состојба. Ревизијата утврди дека голем дел од оваа опрема (компјутерска и информатичка опрема) воопшто не е примена во МЕ туку истата е директно однесена и се наоѓа во Централниот регистар, кој е еден од корисниците на средства од заемот од Светска банка.
- Пописните листи од Државниот пазарен инспекторат со подрачните одделенија се непотполни и неуредни односно не ги содржат сите потребни податоци за усогласување на фактичката со сметководствената состојба, и не е е доставен извештај до ЦПК.
- Пописните листи за туѓа опрема од Министерството за образование (300 компјутери), Секретаријатот за европски прашања (24 персонални компјутери) и Министерството за финансии (ласерски компјутер и ласерски печатар) на времено користење во МЕ, потпишани од ЦПК, не содржат податоци за фактичка и сметководствена состојба, и нивно усогласување, туку истите се препис на податоците за вкупната количина на компјутерска и информатичка опрема (персонални компјутери, монитори, уред за напојување, лап топ компјутери, ласерски принтери) на база на прегледи и записници од 2007 година, што значи дека не е извршен попис. Опремата не е евидентирана во деловните книги и ФИ и истата се води на пописни листи со години наназад како туѓа опрема на времено користење. Меѓутоа, ваквата состојба неможе да се потврди поради недостаток на соодветна документација односно ревизијата неможеше да утврди дали за оваа опрема

се донесени Одлуки од Владата на РМ за давање на трајно или времено користење на МЕ, колкава количина и за колкав период. За дел од опремата добиена од МО добиена е одредена документација, а за опремата од Секретаријатот и МФ не е добиена никаква документација. Голем дел од опремата добиена од МО веднаш, при приемот во 2007, е дадена и распоредена со реверси на други државни институции, меѓу кои и Министерството за правда, односно на 24.07.2008 година во МЕ останале само 28 компјутери. До денот на ревизија не се склучени договори за давање на движни ствари на трајно користење без надомест со одделни институции што не е во согласност со член 3 од Одлуките донесени од Владата на РМ.

- Со ревизијата утврдени се неправилности во врска со евидентирањето на основните средства во книгата на капитален имот и деловните книги, а кои влијаат и на точноста и квалитетот на самиот попис, како што се: голем број на основни средства немаат инвентарни броеви поради што и неможе да се потврди физичкото постоење на одделно основно средство, при набавката на компјутерска и информатичка опрема не се изготвуваат реверси за материјално задолжување на лицата кои ќе ракуваат со истите поради што и во самите пописни листи за фактичка состојба не се наведени податоци за место на наоѓање и ракувач, несоодветно се евидентирани материјални и нематеријални средства во деловните книги и во книгата на капитален имот, кои можеле да бидат утврдени доколку бил извршен реален попис и слагање и сведување на состојбите на фактичката состојба.
- Извршена е набавка на опрема ( мобилен бар код читач, термички принтер и комплет етикети) во април 2008 година, со цел воведување на електронска евиденција на опремата и спроведување на попис со бар код читач. Основните средства се евидентирани во книгата на капитален имот, се пресметува амортизација и ревалоризација во изминатите години 2008, 2009, 2010 и 2011 година, иако опремата не е ставена во функција и не ја извршува намената за која е набавена. Причината за ова е некомплетноста односно `сеуште нема набавено софтвер.
- Постои опрема, како што е случајот со дел од компјутерската и информатичка опрема, која е вратена од корисниците – ракувачи во секторот за информатичка и комуникациска технологија, и стои во просториите на секторот, повлечена од употреба, и за која не е утврдено со пописот дали `сеуште ќе се користи или не, за да може правилно да се постапи со истата.
- Не се доставени извештаи од извршен попис од Управата за наменско производство, Државниот пазарен инспекторат со подрачните одделенија и од Државниот инспекторат за техничка инспекција (нема ниту пописни листи) што не е во согласност со точка 5 од Решението за формирање на пописните комисии.
- Не е извршен попис на паричните средства и побарувањата и обврските на начин предвиден во член 31-б и 31-в од Правилникот, односно не е утврдена

состојбата на побарувањата и обврските преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи при што не го утврдила правниот основ за постоењето, дали и кои се ненаплатени побарувања, дали се преземени мерки за наплата на истите, причините за неизмирени обврски. Состојбите се преземени од сметководствената евиденција, без утврдување на старосната структура на салдата и без даден предлог за нивно расчистување.

- Не е извршен попис на нематеријалните средства и материјалните средства во подготовка со состојба на 31.12.2011 година, чија сметководствена вредност изнесува 496.334 илјади денари, ниту пак е вршен попис на овие средства во 2010 година.
- Не е извршен попис на АВР и ПВР со 31.12.2011 година, ниту пак е вршен во минатите години, иако преку овие сметки се евидентираат вкупните обврски по договорите со добавувачите, чија реализација може да се одвива повеќе години.
- По извршениот попис, ЦПК изготвила Извештај за резултатите од пописот кој што е доставен до министерот за економија, меѓутоа истиот не е потпишан од сите членови на ЦПК, а усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба во пописните листи заради утврдување на разликите утврдени со пописот го вршела Службата за сметководство, наместо пописната комисија што не е во согласност со член 31-а од Правилникот и има влијание на квалитетот и точноста на резултатите од пописот.
- Решението донесено од министерот со кое се усвојува Извештајот за извршен попис во МЕ, од 20.04.2012 година, е донесено после крајниот рок утврден во член 35 од Правилникот, поради што и утврдените разлики по пописот на средствата не се спроведени во сметководствената евиденција, со што не е извршено усогласување и сведување на сметководствената на фактичката состојба со 31.12.2011 година.
- Ревизијата има обврска да истакне дека и за минатата 2010 година не е извршен попис на начин пропишан во законските прописи односно целиот пописен материјал е изготвен на ист начин како и за пописот за 2011 година. За претседател на ЦПК е назначено истото лице како и за 2011 година, 6 члена од ЦПК се повторуваат за 2010 и 2011, изготвен е извештај од извршен попис со 31.12.2010 година, со датум од 31.01.2011 година, после кој изготвен е и дополнителен извештај, заради корегирање на одделни состојби со дополнителни пописни листи, кои требало да се вклучат во нови конечни пописни листи. Меѓутоа, првичните пописни листи во електронска форма се изгубиле поради што неможеле да се внесат корекциите по дополнителните листи. Овој дополнителен извештај не е потпишан од пописната комисија и нема архивски број и дата. Поради наведеното не е извршено усогласување и сведување на сметководствената на фактичка состојба со 31.12.2010 година.

Ваквиот начин на вршење/неизвршување на попис опишан во претходно наведените алинеи, има влијание на реалноста и објективноста на искажаните податоци за вредноста на средствата, побарувањата и обврските во деловните книги и во Билансот на состојба со 31.12.2011 година.

**Препорака**

Одговорното лице во МЕ да преземе мерки и активности за квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, согласно законските прописи.

4.2.4 Со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во МЕ, од април 2009 со измени и дополнувања во 2010 и 2011 година, и Упатството за комплетирање и постапување по судските предмети во МЕ, од декември 2010 година, предвидено е формирање на Одделение за судски и управни постапки во состав на Секторот за правни работи, кое е надлежно за организирање, насочување и координација на работите кои се однесуваат на судските и управни постапки во МЕ. Одделението не е доекипирано односно има назначено само раководител на одделение, од вкупно 5 предвидени работни места. Од причина што во ова одделение не се водат и не се комплетирани сите судски предмети на начин опишан во член 2 и 3 од Упатството, во кои МЕ се јавува во својство на тужен или тужител, а заради потребата од обезбедување на податоци за вкупниот број на судските предмети, доставен е допис-барање до сите сектори при МЕ и органите во состав. На барањето одговорено е писмено, меѓутоа добиените одговори не се целосни и комплетни односно не ги содржат сите судски предмети и дел од овие податоци не се потврдени со печат и потпис од одговорните раководители на секторите.

Во контекст на наведеното, ревизијата утврди дека во писмените одговори со приложените прегледи, не се содржани податоци за неколку значајни судски постапки, како што се:

- Судски спор што го води правно лице против тужено право лице во стечај, и Република Македонија, по основ на враќање на парични средства стекнати без основ, што е во надлежност на Управата за наменско производство како орган во состав на МЕ, а кој што предмет не е пријавен во писмениот одговор по дописот за барање на податоци за судски предмети. Доставено е писмо од државниот секретар на МЕ од 30.09.2011 година дека Управата за наменско производство е должна да постапи по Ургенцијата од Државното правобранителство Гостивар и другите дописи, за произнесување по тужбата.
- Судски спор што го води правно лице пред меѓународен суд во Вашингтон, за надомест на штета поради оспорување на постапката за продажба на компанијата, за кој се проценува отштета на терет на државата во износ од 20 милиони евра, и за кој ревизијата не доби документација од МЕ.

- Судски спор што го води Република Македонија против правно лице, за сопственост на Гасоводниот систем, кој што предмет не е пријавен во писмениот одговор од Секторот за енергетика, а според писмото добиено од Државно правобранителство за подрачје Скопје, од 23.12.2011 година, се бараат докази по тужбата со цел да се утврди процентот на вложувањата на правното лице во Гасоводниот систем кој е од важно значење за Република Македонија.
- На увид на ревизијата дадени се и неколку дописи од Државното правобранителство доставени до МЕ во текот на 2011 и почеток на 2012 година, со барање за податоци со комплет документација за одделни предмети кои се однесуваат на Секторот за минерални суровини по кои МЕ односно државата може да има прилив или одлив на средства во зависност од конечниот исход при решавањето во судските постапки. Меѓутоа, поради неажурност и неуредност во водењето на постапките постои ризик од ненавремена достава или воопшто недоставување на бараните податоци кои може да предизвикаат негативен исход односно донесување на одлука на штета на државата. Имено, ревизијата изразува сомневање во комплетноста на судскиот предмет во Секторот за минерални суровини во кој тужител е правно лице од Гостивар од причина што истиот не ја достави документацијата по овој судски спор што се води против Република Македонија, а во врска со склучен концесиски договор, по кој се бара надомест на штета во износ од 36.000 илјади денари.

Согласно напред наведеното ревизијата констатира неажурност и неуредност во водењето на судските постапки во МЕ и органите во состав, како и некоординираност и недоволна соработка на секторите и органите во состав на МЕ со Секторот за правни работи - одделението за судски и управни постапки, што не е во согласност со одредбите од Законот за организација и работа на државната управа и Протоколот за соработка помеѓу Владата на РМ, органите на државната управа и Државното правобранителство на РМ, од декември 2010 година. Ваквата состојба придонесува и има за ефект неоправдан одлив на буџетски средства во случаи кога МЕ се јавува како тужена странка односно губење на приход во случаите кога МЕ се јавува како тужител и има обврска да ги наплати средствата од одделни субјекти дадени по различни основи.

**Препорака**

МЕ како орган на државната управа, да преземе активности во насока на комплетирање на сите судски предмети кои се водат во МЕ пред надлежен суд и истите да бидат предадени на постапување во надлежност на Одделението за судски и управни постапки, со цел да се обезбеди заштита на интересите на државата при водењето на судските постапки.

4.2.5 Во 2008 година донесен е Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот, со кој, во преодни и завршни одредби од истиот, било уредено, вработените во МЕ кои вршеле работи од областа на промоција на туризмот да ги преземе Агенцијата согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Агенцијата, а надзор над работењето на Агенцијата да врши МЕ. При тоа не се земени во предвид одредбите од членот 27 од Законот за државни службеници, со кој е предвидено дека државен службеник без негова согласност може да биде распореден во ист или друг орган надвор од местото на неговото живеалиште во случај на вонредни околности `се додека тие траат, но не подолго од 3 месеци. Агенцијата е основана со седиште во Струга, а вработените во секторот во МЕ се од Скопје, поради што неможело да се спроведе траен премин на вработените од еден во друг град. Со измените на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот, во мај 2012 година, наместо Струга седиштето се пренесува во Скопје.

Врз основа на членот 57 од Законот за туристичка дејност, Владата на РМ носи Програма за развој на туризмот која се реализира од буџетски средства преку МЕ и Програма за промоција и развој на туризмот која се реализира од буџетски средства преку АППТ, за 2010, 2011 и 2012 година. Активностите во програмите кои се реализираат преку Агенцијата се многу слични со активностите предвидени со програмите за развој на туризмот, за чија реализација е задолжено МЕ – сектор за туризам и угостителство.

Со ваквиот начин на поставеност се врши поклопување на надлежностите во областа на туризмот преку основање на агенција и истовремено функционирање на секторот во МЕ за кои се носат програми и се обезбедуваат буџетски средства за исти цели и активности што доведува до нееекономично и нерационално трошење на буџетските средства.

**Препорака**

МЕ да преземе активности за доуредување на законските прописи во смисла на целосно раздвојување на надлежностите и активностите во Секторот за туризам во однос на АППТ и преиспитување на постоењето на секторот во МЕ.

4.2.6 Врз основа на Законот за туристичка дејност и донесеното упатство, во текот на 2010 и 2011 година преку МЕ преземени се активности и извршено е субвенционирање на реализиран странски туристички промет, врз основа на спроведена постапка од комисија и доставена документација од странски и домашни туроператори по исполнување на условите за добивање на субвенција. До денот на ревизија министерот за економија нема донесено подзаконски акт со кој ќе се пропише начинот, видот и висината на субвенциите, а `сеуште е во примена Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет, донесено во февруари 2010

година, а во примена од 1 јануари 2010 година. Битни измени во начинот, условите и висината на доделување на субвенциите во ова упатство се направени во јануари 2011 година, во „Сл. весник на РМ“, бр. 2/2011, а истото престанува да важи со измената на Законот за туристичка дејност, на 19 февруари 2011 година. И покрај тоа што упатството не е во важност повторно се врши измена во јануари 2012 година, во „Сл. весник на РМ“, бр. 14/2012.

Во текот на 2011 година при исплатата на субвенциите на странскиот организиран туристички промет се применувало упатството со донесените измени во јануари 2011 година, иако со измената на законската одредба на 19 февруари 2011 година, министерот бил должен да донесе нов подзаконски акт со кој ќе се пропише начинот, видот и висината на субвенциите, во рок од 15 дена од денот на влегување во сила, за што е истечен рокот на 6.03.2011 година.

Ваквиот начин на работење со примена на акт кој не е во важност при исплата на субвенциите во туризмот не е во согласност со член 57 став 2 од Законот за туристичка дејност и создава ризик од ненаменска исплата на буџетски средства без да се утврди начинот, видот и висината на исплата на субвенциите во туризмот наменети за реализиран странски туристички промет со нов акт кој требало да се донесе заклучно со март 2011 година.

**Препорака**

Одговорното лице на МЕ да преземе активности за носење на нов подзаконски акт со кој ќе се пропише начинот, видот и висината на субвенциите, согласно Законот за туристичка дејност, кој ќе се применува во случај на обезбедување на средства за исплата на субвенции во туризмот преку Програма за чија реализација ќе биде задолжена АППТ.

4.2.7 Со Законот за туристичка дејност и со Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет, не е уредено кој ја спроведува постапката за доделување на субвенции, во кој рок, со кој акт и од кого донесен, и дали барателот има право на жалба по донесеното решение за исплата/одбивање, што значи дека во наведените прописи не е уредена постапката при одлучувањето по барањата или жалбата, ниту пак е уредено формирањето на Комисија, деталните процедури (чекори) при извршувањето на задачите и роковите за поднесување на предлог до министерот.

Спроведувањето на постапките во текот на 2011 година ги вршела Комисија формирана со решение од министерот, донесено во јуни 2010 година, со задача да ги спроведува постапките за доделување на буџетски средства опфатени со Програмата за развој на туризмот за 2010 година. Оваа комисија ги разгледувала барањата со приложената документација и носела предлог за исполнетост/неисполнетост на условите за доделување на субвенциите, иако немала надлежност и овластување за 2011 година.

При донесувањето на решенијата со кои се одобрува исплатата на субвенција или се одбива барањето, МЕ постапува на различен начин во однос на правната поука, и тоа:

- Во текот на 2011 до февруари 2012 година, дадено е право на барателот на субвенции (туроператорот) да поднесе жалба до Комисијата на Владата на РМ за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата, по однос на решението за исплата со поинакво одлучување во однос на доставеното барање или по однос на донесено решение за одбивање, поради неоснованост или ненавременост (член 6 став 3 од Упатството), иако истото не е уредено со Законот за туристичка дејност.
- После овој период, решенијата што се донесуваат а со кои се одбива барањето за субвенција се со правна поука согласно укажувањата наведени во Решението на Државната комисија, од февруари 2012 година, за одлучување во управна постапка, со кое се отфрла жалбата како недопуштена, бидејќи Комисијата упатува, против решенијата од МЕ, да се поведе управен спор, не земајќи ги во предвид одредбите од од Законот за управни спорови, посебно членот 17 од истиот закон, со кој се уредува стварната надлежност на Управниот суд, во смисла дека истиот одлучува по тужби против управни акти донесени од институции и други организации и заедници во кои не влегуваат органите на државната управа односно министерствата. Ваквиот начин на донесување на Решенија со правна поука од страна на МЕ, предизвикува погрешно упатување на физичките и правни лица во остварувањето на правата или обврските.

Ревизијата не дава препорака од причина што активностите во врска со субвенциите се пренесени во АППТ.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на успех

4.3.1 Во 2005 година, донесен е Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка по договор за заем, за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување, на износ од 8.800.000 евра, со рок за отплата од 17 години, грејс период од 5 години и каматна стапка од ЛИБОР+0,75% годишно. За реализација на договорот за заем по проектот надлежно е МЕ, а корисници покрај МЕ, се Централниот регистар и НБРМ.

Согласно член 5 и 6 од Законот, склучени се поединечни договори во 2006 односно 2007 година, помеѓу МЕ и НБРМ односно Централниот регистар, за користење на средствата од заемот одобрен од Меѓународната банка за обнова и развој, според кои НБРМ користи средства од заемот во износ од 276.000 евра, а ЦР користи средства во износ од 1.400.000 евра.

Во 2010 и 2011 година достасаните рати (главнина и камата) целосно се сервисирани од страна на МЕ односно обезбедени се средства за отплата на главнина и плаќање на камата од Буџетот на МЕ (сметка 637-15) наместо дел од овие обврски, соодветно на користените средства, да се обезбедуваат од корисниците, што не е во согласност со одредбите од поединечните склучени договори со НБРМ и Централниот регистар на РМ за користење на дел од средствата од Заемот одобрен од Светска банка. На ваков начин постапено е спротивно на член 5 и 6 од Законот за задолжување на РМ со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка по договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување.

Во текот на 2010 и 2011 година од Буџетот на МЕ целосно се отплатени три главнини во вкупен износ од 796.288,50 евра односно во денарска противвредност од 49.246 илјади денари и камата, во вкупен износ од 174.078,69 евра односно во денарска противвредност од 10.783 илјади денари.

МЕ нема податоци дали и колку се вршат уплати на главнина и камата на посебна сметка, ниту се врши известување за задолжување на корисниците најдоцна седум дена пред датумот на достасување на обврските. Од страна на МЕ односно МФ не се изготвени посебни амортизациони планови за износот на главнината соодветно на процентот на користените средства и согласно амортизациониот план од Светска банка, а за каматата во моментот на добиеното писмено известување од Светска банка соодветно да се врши распределба и задолжување на корисниците, најдоцна седум дена пред датумот на достасување. Поради наведеното отплатата на главнината и плаќањето на каматата `сеуште се врши само од средства кои се обезбедуваат во Буџетот на МЕ наместо дел да се надополнува и плаќа од корисниците преку уплати на средства на посебна сметка. На ваков начин се обезбедуваат и исплатуваат буџетски средства во поголем износ отколку што е обврската согласно Законот за задолжување на РМ со заем, што не е во согласност со Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2010 и 2011 година.

**Препорака**

МЕ да преземе активности за целосно спроведување на одредбите од поединечно склучените договори со корисниците на дел од средствата од заемот согласно Законот за задолжување на РМ со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка по договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување.

4.3.2 Основањето на Иновативен релеен центар (ИРЦ) и учеството на РМ во Рамковната програма за конкурентност и иновации (ЦИП) преку кофинансирање на проектот со 100.000 евра на годишно ниво во период од 2007-2011 е започнато со Извадок од Конечен записник од 11 седница на Владата на РМ, бр. 19-17/11 од 24.10.2006 година. Средствата се обезбедуваат и исплатуваат од Буџетот на РМ преку МЕ со годишни програми за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП, во период од 2008 до денес. Со ревизијата на документацијата по која се извршени исплати по овој основ се констатира следното:

- Во Програмите за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија за 2011 и 2012, предвидени и планирани се средства по 3.100 иљади денари (50.000 евра), а според Изјавата за кофинансирање потпишана од тогашниот министер за економија изнесува 100.000 евра секоја година, започнувајќи од 1.01.2008 година во наредните 6 години (2008-2013). Ова значи дека на годишно ниво не се планираат и одобруваат средства согласно преземените обврски.
- Обврската од 50.000 евра за 2011 година не е пренесена и планирана како обврска во Програмата за 2012 година, објавена во „Сл. весник на РМ", бр. 12/2012.
- Во досегашниот период (од 2008 до денес) МЕ нема извршено контрола на исплатените средства во поглед на нивното наменско користење, како што е предвидено во точка 3 од Решението за исплата на средства, донесено од министерот, поради што постои ризик од незаконско и ненаменско трошење на буџетски средства. Согласно точка 3 од ова Решение, во случај на ненаменско користење на средствата, субјектот на кој му се одобрени средства, (ЕИИЦМ односно учесниците во проектниот конзорциум) должен е истите да ги врати со камата пресметана од денот на исплатата на средствата. Вкупниот износ на трансферирани средства на ЕИИЦМ заклучно со 31.12.2011 год изнесува 21.550 иљади денари (350.000 еур, во кои е влезена и директната уплата од Владата на РМ). Имено, случај на ненаменско трошење на средства кај АППРМ утврден е од страна на самиот Конзорциум на ЕИИЦМ. Без информирање на Конзорциумот, проектниот менаџер и координаторот, АППРМ во континуитет трошела средства од сметката на ЕИИЦМ и истите воопшто не ги пријавувала во финансиските извештаи, во

период од 2008/2010, поради што недостасуваат средства во висина од 1.906 илјади денари. Поради прекршување на одредбата од точка Ц во Спогодбата за Конзорциумот на ЕИИЦМ, (кој `и наложил на Агенцијата да ги врати овие средства, во спротивно ќе биде исклучена од проектот), донесена е одлука за исклучување на АППРМ и на нејзино место да биде вклучен нов партнер Сојуз на стопански комори (ССК).

- Во 2012 година од страна на раководителот на секторот за поддршка на развој на мали и средни претпријатија при МЕ, доставено е писмено барање до министерот за економија, од 20.03.2012 година, за спроведување на внатрешна ревизија на проектот ЕИИЦМ со цел да се утврди законското и наменско трошење на средствата за целиот период (2008-2011), како и користење на средствата од аспект на економичност, ефикасност и ефективност (ревизија на успешност), со предлог да не се реализираат преостанатите средства за 2011 година (од 50.000 евра) `се до утврдување на фактичката состојба по извршената ревизија.

**Препорака**

Одговорното лице во МЕ во соработка со одделението за внатрешна ревизија да преземе активности за проверка и контрола на сите исплатени средства во периодот од 2008-2011 година по основ на кофинансирање на ЕИИЦМ. Во сите случаи на ненаменско и незаконско користење на средствата, кај субјектот на кој му се одобрени средствата, (ЕИИЦМ односно учесниците во проектниот конзорциум) да се задолжат одговорните лица за нивно враќање со камата и да се преземат соодветни мерки против истите.

4.3.3 Во текот на 2011 година исплатени се средства на странски и домашни фирми – туроператори врз основа на решенија, донесени од министерот, по спроведена постапка од страна на комисија по барање и документација од туроператорот, за субвенционирање на реализиран странски организиран туристички промет, во вкупен износ од 27.032 илјади денари.

Со извршениот увид во сметководствената документација и помошната евиденција и документација во секторот (Регистар и избран примерок на досиеја), ревизијата ги констатира следните неправилности:

- дел од барањата кои се примани во МЕ во архивата не се заведени поединечно по хронолошки редослед односно под еден ист архивски број се заведувани повеќе барања за организиран туристички промет по различни основи;
- на самите обрасци СУ 2 – барање за субвенција, не е заведуван број на барањето за да може да се провери дали е почитуван рокот за поднесување на барањето;

- барањата по кои е одлучувано, не се разгледувани од комисијата редоследно според датумот на прием, поради што дел од туроператорите биле ставени во повластена положба;
- носени се решенија за исплата за оделни оператори по повеќе барања заведени под ист број и датум односно во едно решение е одлучувано по неколку барања под еден ист број;
- документацијата во досиејата по кои е одлучувано, не е средена и заведена во самиот предмет, при што не се пополнувани прегледите и обрасците со податоци за доставената потребна документација за субвенционирање (согласно член 4 и 5 од упатството) која е различна во зависност од видот на превозот (автобуски, воздушен и железнички превоз);
- во неколку случаи утврдено е дека донесени се решенија за исплата на субвенции во вкупен износ од 24.245 евра врз основа на записници од комисијата за позитивно решени барања поднесени од странски туроператор, кои се доставени по истекот на крајниот рок, што не е во согласност со член 6 став 2 алинеја 2 и став 3 од Упатството;
- при комплетирање на документацијата не се обезбедува посебна писмена изјава дека сите обврски се подмирени со што не се почитува одредбата од член 5 став 1 алинеја 5 од Упатството;
- не се почитува член 6 став 3 од упатството во однос на одбивање на барањето заради непотполна документација односно се одлучува и решава по барањето иако не е комплетирано со сите документи односно комисијата дава свој рок по своја оценка, за дополнително доставување на документација (покана за поднесок), кое не е предвидено во Упатството;
- во Регистарот нема податоци за прием на барањето и датум на завршување на поединечна тура во зависност од видот на превозот и видот на турата (редовен или чартер лет, поединечна или кружна тура) за да може да се провери дали е почитуван рокот за поднесување на барањето како услов за одлучување по барањето, согласно член 6 од Упатството.
- не се врши усогласување на податоците за донесени решенија за исплата на субвенции во регистарот во однос на исплатените субвенции по решенија евидентирани во сметководствената евиденција поради што постои ризик од двојни исплати по исто решение или можност да не се изврши исплата по донесено решение;
- исплатени се средства во износ од 1.691 илјади денари за кои не се планирани и одобрени средства во Програмата за 2011 година, во посебна точка за неисплатени обврски од 2010 година.

Поради непочитувањето на одредбите од Упатството, ревизијата неможеше да се увери во реалноста и објективноста при одлучувањето од

страна на комисијата по барањата кои се доставени од туроператорите во смисла на потполна и веродостојна документација и почитување на рокот за поднесување на барањето за субвенционирање како услови кои треба да се исполнат согласно член 6 од Упатството, ниту пак во навременоста и редоследноста во донесувањето на решенијата после изготвувањето на записниците од комисијата. Овој начин на работење може да доведе до фаворизирање и ставање во повластена положба на одделни туроператори. Истото влијае и на реалноста и објективноста на расходите по основ на субвенциите за 2011 година, при што МЕ како буџетски корисник не постапило согласно одредбите во член 37-в од Законот за буџетите, што доведува до ненаменски потрошени буџетски средства.

**Препорака**

Одговорното лице во МЕ да преземе активности по добивање на Извештајот од извршена внатрешна ревизија на исплатата на субвенциите во туризмот која е во тек, во смисла на преземање на соодветни мерки против одговорните лица во сите случаи на утврдени неправилности за ненаменско користење на средства за субвенции.

4.3.4 Во текот на цела 2011 година, во МЕ вршен е прием на барања од организатори на странски туристички промет за добивање на субвенции, и покрај тоа што во септември 2011 година се намалени средствата за оваа намена за 20.000 илјади денари, од 48.800 илјади денари на 28.800 илјади денари согласно Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт за 2011 година. Вкупно примени барања во 2011 година се 295, по кои вредноста на позитивно решените 225 барања изнесува 848.259 евра односно 52.168 илјади денари, од кои преку буџетот на МЕ до 31.12.2011 година исплатени се субвенции по 137 барања во вредност од 412.859 евра односно 25.391 илјади денари, а 88 се неисплатени позитивно решени барања кои се пренесуваат во АППТ за исплата во 2012 година, во вредност од 435.400 евра односно 26.777 илјади денари. По овие барања донесени се решенија за исплата/одбивање од министерот, а за дел донесени се само записници од комисијата во МЕ, кои придонеле за преземање на обврски над износот на средства одобрени за субвенции за 2011 година што не е во согласност со член 7 став 2 и член 37-в од Законот за буџетите и член 4 од Законот за извршување на Буџетот за 2011 година. Поради намалување на буџетските средства за оваа намена со Одлуката, во септември 2011 година, и префрлање на надлежноста на АППТ, согласно измената на Упатството во јануари 2012, во Информацијата од МЕ до Владата на РМ, од февруари со дополна во април 2012 година, се укажува на потребата од исплата на неисплатените позитивно решени барања со донесување на заклучок за измена и дополнување на Програмата на Агенцијата за 2012 година, заради нивно реализирање. На ваков начин се

пренесуваат обврски од 2011 за 2012 година од еден на друг буџетски корисник, по донесени акти (решенија и записници) во МЕ, потпишани од министерот и комисијата во МЕ, по кои треба да се врши исплата на субвенции во друга институција – АППТ. Согласно член 47 став 1 од Законот за буџетите, во случај на преземање на обврски од страна на буџетскиот корисник за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години, буџетскиот корисник претходно мора да обезбеди согласност. До денот на ревизија по информацијата нема донесено заклучок од Владата на РМ, ниту мислење од МФ за одобрување на преземените обврски. Исто така, до денот на ревизијата не е извршена измена и дополнување по овој основ на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2012 година, која треба да се реализира преку АППТ.

Ревизијата не дава препорака од причина што, активностите во врска со субвенциите за туризам се пренесени во АППТ.

4.3.5 Вкупната вредност во 2010 и 2011 година за изградба на комплексот „Македонско село“ изнесува 49.706 илјади денари. Комплексот е отпочнат да се гради во септември 2010 година, согласно Програмата за работа на МЕ и Заклучоците на Владата на РМ, со планирани средства на вкупен износ од 240.000 илјади денари, од Буџетот на РМ во наредните три години, за 2011, 2012 и 2013 година. Во периодот од 2006 до 2010 година Владата на Република Македонија преземала активности за остварување на идејата за изградба на комплексот Македонско село преку формирање на работна група составена од претставници на МЕ, МТВ и МК, со цел создавање на услови за реализација на проект „Македонско село“, како национална туристичка атракција за странски и домашни туристи. Со ревизијата на документацијата за овој проект се констатира следното:

- Вкупната проценета вредност по проектантски цени според изведбениот проект за комплексот Македонско село изнесува 296.398 илјади денари со ДДВ, во која се вклучени вредноста на изработка на архитектура (за секој објект посебно: 12 куќи, меана, ан, етнолошки музеј, и за стопанскиот дел: воденица, валалница, штала, трло, рибник), водоводот и канализацијата, термотехничките инсталации, и електроинсталациите. При проценката на вредноста на проектот, не се планирани средства за ентериер, кој е составен и неизоставен дел за ставање во функција на целиот комплекс, која дополнително ќе ја зголеми вкупната вредност на истиот и чија проценка, дадена од страна на МЕ, во почетокот на 2012 година изнесува 1.224.000 евра односно 75.276 илјади денари.
- Комплексот се гради на земјиште со вкупна површина од 12.195 м кв, определено со ГУП со урбанистички план вон населено место Горно Нерези – локалитет Македонско село, за што донесена е Одлука за трајно користење на недвижна ствар на МЕ, без надомест, од 14

септември 2010 година. За земјиштето се обезбедени имотни листови во текот на ревизијата од Агенцијата за катастар на недвижности, со датум од 11.04.2012 година, кои гласат на име на РМ, како сопственик на недвижна ствар, а корисник е МЕ. Земјиштето не е внесено во деловните книги на МЕ, односно не е спроведена Одлуката за трајно користење без надомест, од РМ на МЕ.

- Заради нерешениот пристап кон втората парцела преку јавниот пат, кој го користи месното население до денес, и неможноста истиот да се дислоцира а ќе се користи поради тоа што не постои друг избор, не се гради стопанскиот дел, во рок и начин предвиден со проектот. Ова укажува на непреземени активности, меѓу кои е и расчистувањето на теренот, на кој ќе се гради и решавањето на патот заедно со локалното население, што требало да бидат преземени пред почетокот на постапката за изградба на комплексот, може да предизвика евентуални промени на проектот, во смисла на неговиот краен изглед, зголемени финансиски средства, продолжување на рокот на изградба и слично.
- Избран е економски оператор чија понуда има голем број на неправилности, наведени во точка 4.4.3 од овој извештај, кои влијаат и на реализација на договорот и на вредноста на инвестицијата односно на висината на потрошените средства.
- Вредноста на проектот ќе се зголеми за вишоците и дополнителните количини и изградбата нема да заврши во рокот кој е договорен, со што двата критериуми кои биле клучни за извршен избор на изведувач се менуваат за многу краток временски период од денот на започнување со градбата (23.05.2011) до март 2012 година. Ова упатува на изработен проект кој не е соодветен и не ги задоволува целосно потребните позиции по вид и количина на работи за проектот, како и даден е нереален рок од страна на изведувачот со цел истиот да биде избран како најповолен во постапката за јавна набавка.

Претходно наведените состојби влијаат на реалноста и објективноста на потрошените средства и дополнително зголемување на вредноста на изградбата на проектот, со што МЕ како буџетски корисник не постапило согласно одредбите во член 37-в од Законот за буџетите.

**Препорака**

Одговорното лице во МЕ да преземе мерки и активности за проверка на целокупната документација во врска со изградбата на комплексот „Македонско село“ заради утврдување на причините кои придонеле за појавените неправилности со лоцирање на одговорноста.

4.3.6 Во 2011 година искажани се расходи за потрошено гориво во износ од 2.073 илјади денари, за кои ревизијата не доби компетентни и релевантни докази

за потврда на истите, поради необезбедена веродостојна и уредна документација за исплата што не е во согласност со член 12 и 17 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Имено, при користењето на службените возила не се почитува процедурата уредена со одредбите во Правилникот за внатрешна организација и функционирање на МЕ, од јули 2009 година. Како доказ за настанатиот трошок корисниците на вредносни картички доставуваат само месечен налог за користење на службени возила, без при тоа да се изготвуваат поединечни налози за користење на службени возила во кои при секое користење на возилото се внесуваат податоци за корисникот, време на користење, релација на која се користи возилото, помината километража и намената – целта на користење. Во текот на 2011 година донесени се решенија од министерот со кои се определени лицата кои имаат право да користат службени возила.

Ваквиот начин на работење создава можност од користење на службените возила за приватни наместо за службени цели што има за ефект исплата на средства спротивно на законските прописи.

**Препорака**

Одговорното лице на МЕ да воспостави систем на интерни контроли со кој ќе се обезбеди целосна примена на процедурата за користење на службени возила уредена со Правилникот за внатрешна организација и функционирање на МЕ, од јули 2009 година.

**Биланс на состојба**

4.3.7 Вредноста на материјалните средства во подготовка со 31.12.2011 година, е намалена за износ од 132.070 илјади денари, со истовремено пренесување на инвестицијата во тек во деловните книги на Бирото за метрологија, без да постои соодветен документ односно Одлука од Владата на РМ. Вредноста се однесува на дел од административните простории во деловен објект, кои ги користи БМ, и кои се во сопственост на Република Македонија.

Овие простории, кои `сеуште се водат на инвестиции во тек, потекнуваат од 2004 и 2005 година, за што постојат следните документи: Одлука за прибавување на недвижност од Владата на РМ, од 30.08.2004 година, на вредност од 1.548.780 евра без ддв, договор за купување на име на РМ преку Буџетот на МЕ од 29.09.2004 на вредност од 1.547.010 евра без ддв, односно со ддв во износ од 1.825.472 евра, потпишан од министерот за финансии и заверен на нотар, анекс договор од 01.12.2005 година на име на РМ потпишан од министерот за економија, на износ од 16.848 илјади денари и имотни листови за просториите во сопственост на Република Македонија. Со забелешките на Нацрт извештајот доставени од министерот на МЕ, доставена е копија од анекс договорот заверена на нотар.

До денот на ревизија, не е покрената постапка ниту од МЕ, ниту од БМ, за донесување на Одлука за давање на користење на просториите во административно - деловниот објект, при што ревизијата смета за потребно да истакне дека пред склучување на анекс договорот не е спроведена целосна постапка за набавка на недвижни ствари, односно не се почитувани одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и Законот за вршење на нотарските работи, согласно писмото од МФ – Управа за имотно правни работи, од 30.05.2005 година, односно не се обезбедени следните документи: мислење од Јавен правобранител по однос на текстот на анекс договор, пред да се потпише, согласност од Влада на РМ односно Одлука и нема заверка на нотар.

Административните простории кои ги користи Бирото за метрологија, орган во состав на МЕ, со својство на правно лице, за кои не е обезбедена соодветна документација при набавката, а во деловните книги се спроведени книжења и се евидентирани на инвестиција во тек, со години наназад, без да се изврши попис, не е во согласност со член 19 и 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае на нереалното и необјективно прикажување на вредноста на материјалните средства во деловните книги и ФИ на МЕ и на БМ.

**Препорака**

Одговорните лица во МЕ да ја преиспитаат целокупната документација во врска со набавката на просториите, да ја утврдат причината за евидентирањето на истите на инвестиција во тек и да покренат постапка за донесување на Одлука за давање на правото на користење на Бирото за метрологија, по што ќе се изврши и соодветно запишување во надлежниот катастар.

4.3.8 Согласно член 15 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, МЕ како орган на државната управа, потребно е да обезбеди чување и заштита на стварите, нивно економично и соодветно користење, и истите да ги осигура во согласност со прописите за осигурување, што не е направено, освен осигурувањето на службените возила. Неосигурувањето на стварите во државна сопственост може да има за последица, во случај на евентуална несреќа, оптеретување на Буџетот со дополнителни трошоци и неможност за надомест на штета.

**Препорака**

Одговорните лица во МЕ во наредниот период да вршат осигурување на целокупниот имот со кој располага министерството.

4.3.9 Во деловните книги и Билансот на состојба со 31.12.2011 година искажана е вредност на нематеријални средства во вкупен износ од 450.675 илјади денари, која не е потврдена со попис, и во најголем дел се пренесуваат како состојби од минати години. Според називите внесени во сметководствената евиденција во рамките на овие средства се евидентирани:

- Издатоци во истражувања и развој, во вредност од 449.332 илјади денари, во која се влезени изработка на техничко - технолошка документација за проектот „Македонско село“ во износ од 4.048 илјади денари, и други вложувања во геолошки истражувања, електрификација и истражувања и развој на проектна и друга документација во вкупен износ од 445.284 илјади денари, кои што потекнуваат од 2002 година и се надополнуваат до 2010 година (во 2011 година не се книжени деловни промени на овие вложувања). Со извршен увид во дел од документацијата од минати години ревизијата не се увери дека исплатените средства по различни основи претставуваат вложувања во истражувања и развој или дека МЕ има одреден влог во фирмите преку кои се реализирани средствата.
- Патенти, лиценци, концесии и други права, со набавна вредност од 15.618 илјади денари, исправка на вредност од 14.275 илјади денари и сегашна вредност од 1.343 илјади денари, кај кои се утврдени одредени забелешки: разлики помеѓу вредностите на овие средства искажани во книгата на основни средства и вредностите искажани во деловните книги и финансиските извештаи со 31.12.2011 година, софтверите се евидентирани на различни места односно дел се евидентираат во материјални средства, а дел се во нематеријални средства, нематеријалните средства (софтвери) не се правилно означени со назив односно не се знае на што се мисли бидејќи „софтвер“ означува широк поим, и во листата на нематеријални средства евидентирани се и материјални средства.

Неизвршениот попис, како и претходно дадените забелешки при евидентирањето на средствата влијаат на неувереност во проценувањето на билансните позиции односно во реалноста и објективноста на нематеријалните средства и изворите на капитални средства со 31.12.2011 година што не е во согласност со член 19 и 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорното лице во МЕ да преземе активности за преиспитување на документацијата врз основа на која се евидентираат нематеријалните средства со цел правилно утврдување на вредноста на истите, врз основа на попис.

4.3.10 Ревизијата има обврска да ги истакне побарувањата евидентирани во деловните книги и Билансот на состојба со 31.12.2011 година, а кои се пренесуваат и искажуваат како непроменети состојби како редовни побарувања со години наназад, во вкупен износ од 106.868 илјади денари, поради следното:

- Со извршен увид во нецелосната документација, која што беше дадена на увид, (копии од неколку ситуации – фактури од 2000 година), се констатира дека побарувањата произлегуваат од минати години (1999 и 2000 година), по склучени договори за извршување на услуги – геодетски - геолошки испитувања на вредност, без ддв, при што целосно се платени фактурите, а износот на пресметан
ддв, кој што е наплатен со авансите, од страна на МЕ е книжен како побарување од правниот субјект, бидејќи МЕ смета дека немало основ за наплата на ддв. Меѓутоа, ревизијата неможе да го потврди основот и реалноста на ваквите побарувања, а во изминатиот период не се преземени соодветни мерки за наплата на истите.
- За краткорочните финансиски побарувања била изготвена Информација за дадени позајмици во период од 1992 – 1995 година пренесени во МЕ од поранешното Министерство за стопанство, од 20.12.2007 година, со прилог преглед за дадени позајмици на 25-те загубари заради преструктуирање, во вкупен износ од 55.000 илјади денари (без конкретни податоци на кои фирми, износ и дата на исплата) и дадени позајмици на други правни лица, дадени во преглед, во вкупен износ од 50.973 илјади денари, односно вкупно 105.974 илјади денари. Во оваа информација дадени се предлог заклучоци за отпис на сите побарувања (од загубарите и од другите правни лица) поради застареност на побарувањата. По оваа информација од 2007 година не е донесена Одлука од Владата на РМ за изјаснување по однос на предлог заклучоците од МЕ. Исто така, до денот на ревизија МЕ нема доставено нова информација до Владата, ниту пак се превземени други активности за расчистување на состојбата на евидентираните побарувања како редовни побарувања во деловните книги и финансиските извештаи.

**Препорака**

Од причина што се работи за побарувања од минати години за кои не се преземени соодветни мерки за наплата во изминатиот период, потребно е да се преиспита целокупната документација во смисла на потврда на ненаплативоста на истите, да се даде предлог за отпис (`сеуште стојат како редовни побарувања во деловните книги), со утврдување на причините за ваквата состојба и преземање на соодветни мерки против одговорните лица.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1 Во текот на 2011 година за вршење на административно технички работи склучувани се договори на дело за ангажирање на лица во континуитет, за што се исплатени средства за надоместок со персонален данок на доход, во вкупен износ од 1.016 илјади денари. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од член 619-648 од Законот за облигационите односи, член 17-а став 12 од Законот за државните службеници, член 37-в став 3 од Законот за буџетите и член 18 од Законот за извршување на Буџетот за 2011 година, и има за ефект ненаменски и незаконски исплатени средства.

**Препорака**

Одговорното лице во МЕ да ја преиспита потребата од ангажирање на работници за вршење на привремени работи, а во случај на утврдување на потреба од евентуално ангажирање на одреден број на работници, истото да се врши согласно законските прописи.

**Јавни набавки**

4.4.2 Во изминатиот период МЕ како договорен орган нема воопшто спроведувано електронска аукција, како што е предвидено со член 24 од измените и дополнувањата на ЗЈН. Непочитувањето на законските одредби може да има влијание врз субјективното однесување на договорниот орган, рационалното и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка и намалување на конкуренцијата помеѓу економските оператори.

**Препорака**

МЕ да преземе активности за спроведување на електронската аукција, со оглед на тоа што почнувајќи од 01.01.2012 година, должност за спроведување на електронските аукции е 100% од бројот на објавени огласи за отворена постапка, ограничена постапка, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас и за постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас.

4.4.3 На крајот на 2010 година МЕ има спроведено ограничена постапка за јавна набавка за работи/изведба (градба) на комплексот „Македонско село„ со проценета вредност во вкупен износ од 240.000 илјади денари со ДДВ. Вкупната вредност на склучениот договор со избраниот понудувач изнесува 216.212 илјади денари со ддв, со плаќања по договор во текот на 2011, 2012 и 2013 година, При увидот во начинот на спроведување на постапката за јавна набавка, ревизијата ги констатира следните состојби:

- КЈН во првата фаза од ограничената постапка извршила оценување само на способноста на кандидатите. Во делот на докажување на техничката/професионалната способност, економските оператори имале обврска доколку не се во можност истата сами да ја докажат, да достават валиден доказ/изјава дека друг субјект ќе му ги стави на располагање соодветните технички и професионални ресурси. Според Извештајот од спроведената постапка, избраниот понудувач во оваа фаза на постапката доставил изјави заверени од самиот себе, во кои е наведено дека машинските инженери, иако се вработени во друг субјект, истите му се отстапуваат, што не е во согласност со член 154 од ЗЈН.
- КЈН извршила евалуација на понудите, врз основа на критериумите за доделување на договор за јавна набавка, цена (90 бода) и рок на изведба на работите (10 бода) и дала предлог за избор на најповолна понуда. Во понудата променет е рокот за изведба на работите, без потпис и печат од лицето што ја извршило корекцијата. Ова е утврдено и со увид во динамичниот план, прилог кон понудата, во кој рокот е подолг од наведениот во понудата, поради што постои неусогласеност на податоците дадени во понудата, што не е во согласност со одредбите од Правилникот за содржината на тендерската документација.

- КЈН, пред да пристапи кон вршење на евалуацијата на понудите, нема извршена посебна проверка/анализа на начинот на пополнување на предмер-пресметката, прилог кон понудата на избраниот понудувач, при што се утврдени следните неправилности:

- МЕ нема дадено насоки за начинот на пополнување на предмер-пресметката, поради што во истата се дадени голем број на позиции за кои не е јасно наведено дали за истите е потребно да се даде понуда или не, а истите биле пополнети од страна на избраниот понудувач, што влијае на вкупниот износ на понудата.
- Со извршената споредба на цените во предмер – пресметката на избраниот понудувач за исти позиции (работи или материјали) кај различни објекти, наведени се различни цени иако станува збор за ист вид на работа или вграден материјал. Овие разлики се видливи и значајни кај термотехничките инсталации, архитектурата и водоводот и канализацијата за одделни објекти. Ваквата неправилност е потврдена и со споредба на цените на исти позиции (работи и материјали) кај истите објекти (куќи, музеј, ан, меана, и сл) во изведбениот проект и во останатите понуди бидејќи во нив цените се секаде исти.

- Покрај рокот за изведба, голем број и на други позиции, во предмер-пресметката се корегирани, пишувано е врз претходен текст, иако истите се потпишани од лицето што ја пополнува понудата.
- Одредени позиции се пополнети на начин што оставена е обврска друг субјект истото да го реализира, меѓутоа избраниот понудувач нема доставено изјава дека тој дел од договорот има намера да го отстапи на подизведувач.
- При собирањето на поединечните износи по позиции заради утврдување на вкупниот износ во предмет пресметката, одредени позиции не се вклучени во вкупниот износ.
- Во предмер-пресметката недостасуваат повеќе страници што понудата ја прави нецелосна односно вкупниот износ на предмер-пресметката е нецелосен.

Со ваквиот начин на спроведување на постапката за јавна набавка не се обезбедува фер конкуренција и еднаков третман на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавни набавки.

4.4.4 Врз основа на донесена Одлука за јавна набавка од 22.12.2008 година, МЕ започнало со спроведување на отворена постапка за набавка на 50 книги од реномирани странски автори, во областа на економијата, на македонски и албански јазик, во тираж од 1000 примероци по книга, делива по наслови. Проценетата вредност за реализација на вкупната набавка за 2009, 2010 и 2011 година изнесува 53.389 илјади денари со ДДВ, а додека вкупната вредност на сите склучени договори 49.817 илјади денари со ДДВ. При увидот во начинот на спроведување и реализација на постапката за јавна набавка, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Како критериуми за доделување на договорите за јавна набавка се земени цена-80 и рок на испорака-20 бода. КЈН пред вршењето на евалуација на понудите, од вкупно 50 наслови, за два наслови на книги не извршила избор на најповолна понуда, поради тоа што Комисијата утврдила дека за тие наслови на книги тендерската документација содржела битни пропусти и недостатоци. Потоа, пристапила кон вршењето евалуација (бодување и рангирање) на понудите, при што Комисијата го имала во предвид само едниот критериум за доделување на договорите за јавна набавка, цената, а истовремено го користела заедно со дополнителниот критериум за утврдување на техничката/професионалната способност (минимален услов за утврдување на економската и финансиската состојба од 3.000.000 денари годишен обрт во последните три години за секој наслов од набавката одделно). При тоа, КЈН изготвила 5 ранг листи, кои се

различни една од друга, со различни зададени цели при рангирањето на понудите. Во едната ранг листа вршела рангирање на наслови на книги од реден број 1 до 50, во другата вршела рангирање на наслови на книги од реден број 50 до 1, во третата вршела рангирање на понуди со максимален број на бодови-100, во четвртата вршела рангирање на понуди со највисок износ. Како последно, Комисијата изработила ранг листа со комбинација од прворангирани, второрангирани и треторангирани понуди, па имајќи ја во предвид проценетата вредност на набавката дала предлог за избор на 43 наслови на книги од кои 28 понуди кои биле прворангирани, 7 предлози за избор кои биле второрангирани и 8 предлози за избор кои биле треторангирани. Ваквиот начин на вршење на евалуација на понуди не е во согласност со член 162 од ЗЈН и како таков претходно не бил објаснет дека истиот ќе биде применет во Тендерската документација, што не е во согласност со член 32 став 1 од ЗЈН, бидејќи тендерската документација се изработува на начин со кој ќе се обезбедат целосни, точни и прецизни информации на економските оператори во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

- При увидот во Извештајот од спроведената постапка не е извршена евалуација по вториот критериум - рок на испорака (20 бода), а имајќи ги во предвид роковите на изработка пооделно за секој наслов на книга, од вкупно 43 наслови на книги, 17 наслови на книги не се изработени во понудениот рок на изработка, односно задоцнувањето се движи од 1 до 6 месеци по истекот на понудениот рок за изработка за различни наслови на книги одделно.

- Гаранциите за квалитетно извршување на договорите за јавни набавки се обезбедени со закаснување од 1 месец од потпишување на договорите за 40 наслови на книги. За 5 наслови на книги, гаранциите се со рок на важност пократок од времетраењето на склучените договори, односно со закаснување од 21 ден за 4 наслови и 2 месеци за еден наслов.

Несоодветното и недоследното постапување при изборот и доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност за необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност, јавност при набавките и избор на најсоодветен економски оператор.

4.4.5 Врз основа на Договор за извршување на групна набавка за спроведување на Кампања за штедење на енергија, во 2009 година, склучен помеѓу АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ и МЕ, министерството имало обврска за спроведување на постапка

за јавна набавка за избор на Агенција која ќе ја организира кампањата. По спроведување на постапката за јавна набавка, од страна на КЈН составена од членови на МЕ, АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО, извршен е избор на најповолна понуда, и склучен е договор од 19.03.2010 година. Во тендерската документација и во склучениот договор за јавна набавка, наведена е обврска избраниот понудувач во рок од три месеци да ја реализира Кампањата, со доставување на извештај кој треба да биде одобрен од договорниот орган. Исто така, избраниот понудувач бил обврзан да обезбеди безусловна банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот со важност до целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

Од увидот во начинот на спроведување на постапката за јавна набавка, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Избраниот понудувач има извршено пречекорување на рокот за извршување на договорните работи, бидејќи има доставено три извештаи за реализирани активности за кампањата, со датуми 09.02., 06.05. и 30.05.2011 година. Извештаите се доставени со закаснување од 8 месеци, без да се превземат одредени активности од страна на МЕ, или активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот или пак без да се плати договорна казна во висина од 15 промили дневно, од вкупната вредност на договорот.
- Иако избраниот понудувач има обезбедено две гаранции за квалитетно извршување на договорот, едната со важност од 25.03. до 23.06.2010 година, другата од 01.11.2010 до 15.03.2011 година, истите не го покриваат целиот период на важност на договорот за периодот. Помеѓу двете издадени банкарски гаранции, периодот од 23.06. до 01.11.2010 година не е покриен, и активностите кои избраниот понудувач ги има превземено се по истекот на важноста на гаранцијата (15.03.2011 година), видно од извештаите од 06.05. и 30.05.2011 година.

Ваквиот начин на спроведување и реализација на постапката за јавна набавка, предизвикува отсуство од несоодветно следење на договорите за јавни набавки, што има влијание врз целта од спроведената постапка.

**Препораки:**

МЕ да превземе мерки и активности и тоа:

- тендерските документации, со прилог спецификации, да се изработуваат на начин што ќе му се овозможат на економските оператори целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапките за доделување на договорите.
- КЈН, пред да пристапи кон евалуација на понудите, да извршат проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за

утврдување на способноста на понудувачите, утврдена во тендерската документација.
- евалуацијата на понудите да се врши согласно критериумите за доделување на договорите, на начин претходно дефиниран и објаснет во тендерските документации.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точките 4.2. и 4.3 погоре кои се однесуваат на утврдени состојби за нецелосно спроведен попис на средствата и нивните извори со 31.12.2011 година, особено во делот на побарувањата и обврските и нематеријалните средства, утврдени непотполни и неточни податоци за фактичката состојба на средствата, неажурност и неуредност во водењето на судските постапки пред надлежен суд што може да влијае на дополнително оптеретување на Буџетот на РМ, извршени исплати на субвенции на база на непотполна и неверодостојна документација од страна на комисија која нема надлежност за 2011 година и по упатство кое не е во важност, изградбата на комплексот „Македонско село“ од страна на избран понудувач чија понуда е со голем број на неправилности, што дополнително ќе ги зголеми трошоците и вредноста на проектот, со години наназад се искажуваат билансни позиции на нематеријални средства и побарувања чие постоење не е потврдено со попис, ниту се преземени мерки за нивно расчистување, ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.3. од овој извештај, ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерството за економија – сметка на основен буџет – 637, на ден 31 декември 2011 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4 од овој извештај, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за економија – сметка на основен буџет - 637, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 6. Системски слабости

Ревизијата има обврска да истакне дека при формињето и основањето на државни органи и институции со посебен закон, не секогаш се врши измена на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ„ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011). Ова е случај и со состојбата обелоденета во точка 4.2.1 од овој извештај односно со основањето на Државниот пазарен инспекторат согласно Законот за државен пазарен инспекторат, од март 2007 година, орган во состав на Министерството за економија со својство на правно лице, а не е извршена промена на Законот за организација и работа на органите на државната управа. Ревизијата препорачува при формирањето на нови државни органи и институции Владата на РМ да поднесе иницијатива до Собранието на РМ за промена на Законот за организација и работа на органите на државната управа со цел да се постигне трансапарентност и запознавање на јавноста за новоформираните државни органи и институции.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

### Проект „Сончеви загревачи на вода“

7.1. Во рамките на проектот „Сончеви загревачи на вода“ – обука на експерти и подобрување на технологијата, со цел подобрување на условите за унапредување на користењето на сончевата топлинска енергија во РМ, на 30.05.2008 година набавена е и инсталирана сончева тест лабораторија (СЛТ) во Управата за хидрометеоролошки работи, која како неповратен грант ја добило МЕ. Вредноста на лабораторијата изнесува 150.000 евра, од кои 130.000 евра биле донирани од Германската влада, а 20.000 евра биле покриени со буџетски средства од Владата на РМ (извршено е плаќање на 16.04.2008 година преку Буџетот на МЕ).

Во текот на 2009 година, врз основа на донесена Одлука од Владата по која е склучен и договор, лабораторијата е дадена на УХМР на времено користење без надомест, за време од 20 години. Со договорот се уредени правата и обврските на договорните страни (МЕ и УХМР). Во информациите доставени до МЕ од УХМР за 2009, 2010 и 2011 година, наведени се активностите што се преземени во текот на овие години, како и укажувано е на проблемите кои се јавиле во текот на работата и функционирањето на СЛТ, поради што истата не функционира односно не ја обавува намената за која е набавена. Исто така, нагласена е незаинтересираноста на фирмите за тестирање на нивните произведени или увезени сончеви колектори по поканите што ги пратила УХМР

поради што СЛТ не ја обавува својата комерцијална функција за која е наменета. На крајот на секој месец септември истата се става во мирување бидејќи е конструирана да работи само во природни услови согласно стандардот ЕН 12975-2.

Од страна на МЕ во изминатиот период од 2008 до 2012 година не се преземени доволно мерки и активности за нејзино дооформување и ставање во целосна функција, поради што не се обезбедува квалитетно производство на соларни колектори и подобрување на квалитетот на соларните системи, како и заштита на купувачите на соларни колектори кои ги купуваат и вградуваат во своите домови.

**Одобрени комисиони кредити од средства обезбедени од државата преку кредитните линии ЕБОР, Гасификација и СИЗ за енергетика**

7.2. Во изминатиот период во МЕ – Сектор за енергетика недоволно и нецелосно се следела наплатата односно враќањето на средствата по одобрени комисиони кредити на крајните корисници со одредена намена (реализација на Програми за заштеда и супституција на енергија и набавка на опрема за адаптација на постројките за природен гас), во периодот од 1989 до 1995 година, со краен рок на достасување заклучно со 2000, 2004 и 2006 година, сервисирани преку Стопанска банка АД Скопје, од средствата обезбедени од државата преку кредитните линии ЕБОР, Гасификација и СИЗ за енергетика, а заради навремено поднесување на тужби во случаите кога не се враќаат средствата согласно условите во договорите, навремено пријавување на побарувањата во стечајната маса и нивно утврдување со правосилно решение, поведување на судски постапки за извршување со наплата на долгот преку заложно право (хипотека) на недвижен имот.

Во октомври 2010 година, за прв пат од страна на министерот за економија формирана е Комисија со задача да изврши анализа на состојбата по договорите за заем и комисионите кредити по кредитните линии, со детални податоци за состојбата по комитенти со предлог мерки и заклучоци, и да достави Извештај во рок од 3 месеци за трите кредитни линии. Заради комплетирање на податоците потребни за оваа анализа Комисијата имала обврска да одржува состаноци со претставници од Стопанска банка, Државно правобранителство и други инволвирани друштва/институции. До завршувањето на ревизијата изготвени се Извештаи за фактичката состојба на обврските на комитентите по комисионите кредити од средствата обезбедени од двете кредитни линии ЕБОР и Гасификација, доставени до министерот на 20.05.2011 година, а не е изготвен извештај за состојбите по комитенти од средствата по кредитната линија СИЗ за енергетика. Според извештаите, одобрени средства на крајни корисници од кредитна линија

ЕБОР изнесува 4.700.000 евра, а од кредитна линија Гасификација одобрени се средства во износ од 41.326 илјади денари.

Согласно Законот за облигациони односи, Стопанска банка со склучувањето на договорот за вршење на банкарски работи, превзела обврски да ги користи сите мерки за наплата и да се грижи за наплата на кредитите од кредитокорисниците. Во одделни случаи банката не се однесувала во согласност со превземените обврски односно не се ангажирала за целосна и навремена наплата на побарувањата, а од причина што МЕ не превзело соодветни и навремени мерки во однос на банката и кредитокорисниците, придонело дел од корисниците да не ги вратат средствата добиени со договорот за кредит, а поради стечај или ликвидација и необезбеден кредит со соодветна хипотека, неможност за наплата на истиот што доведува до стекнување на противправна имотна корист на терет на државата.

Во МЕ – Сектор за енергетика на ден 30.01.2012 година, добиени се прегледи од Стопанска банка АД Скопје, со податоци за побарувањата од комитентите по основ на комисиони кредити – давател на средства МЕ по трите кредитни линии, со состојба на 31.12.2011 година, и тоа:

- Одобрени средства од кредитна линија ЕБОР (заем) на 28 корисници по склучени договори за кредити во период од 1995 до 1997 година на вкупен износ од 4.623.023 евра, со краен рок на достасување заклучно со 2004 година, по кој долгот према МЕ (главница и камата) на 31.12.2011 година изнесува вкупно 3.060.525,77 евра.
- Одобрени средства од кредитна линија Гасификација (средства од Буџетот на РМ) во 1995 година на 7 корисници по склучени договори за кредити на вкупен износ од 41.326 илј ден, со краен рок на достасување заклучно со 2000 година, по кој долгот према МЕ (главница и камата) на 31.12.2011 година изнесува вкупно 1.327.501, 13 евра.
- Одобрени средства од кредитна линија СИЗ за енергетика на 75 корисници по склучени договори за кредити во период од 1989 до 1998 година на вкупен износ од 13.950 илјади денари, со краен рок на достасување заклучно со 2006 година, по кој долгот према СИЗ за енергетика (главница и камата) на 31.12.2011 година изнесува вкупно 143.036 илјади денари, а влогот на МЕ односно државата во претпријатијата изнесува 5.601.035 илјади денари.

Според претходно наведеното може да се заклучи дека крајниот рок за враќање на кредитите за најголем дел од истите е одамна изминат согласно Законот за облигациони односи, дел од корисниците не се активни, дел се во стечај или ликвидирани, и доколку ненаплатеното побарување не е пријавено во стечајна маса или не е обезбедено со хипотека - воспоставување на заложно право на недвижен имот, нема да има можност од негова наплата.

Со извадок од Конечен записник од 39 седница на Владата, на ден 17.01.2012 година, а по разгледување на Информацијата во врска со наплатата на долговите од неколку комитенти по кредитна линија ЕБОР, донесени се заклучоци со кои е задолжено МЕ и Јавниот правобранител во соработка со Управата за имотно правните работи, да превземат соодветни мерки во однос на запишување на право на сопственост на недвижен имот на име на РМ, односно за бришење на заложно право на недвижен имот на име на РМ во корист на комитентот кој целосно го има намирено долгот према МЕ. За сите преземени активности МЕ било задолжено да достави информација до Владата до крајот на март 2012 година.

Имајќи ги во предвид утврдените состојби на комитентите – корисници на кредити по кредитните линии одобрени преку државата со состојба на 31.12.2011 година, и висината на долгот кои ги имаат овие корисници према МЕ односно државата, кој требало да биде вратен со камата заклучно со 2006 година, ревизијата дава препорака поинтензивно и во пократок рок МЕ, во соработка и со вклучување на сите субјекти, меѓу кои: Стопанска банка АД Скопје, Државно правобранителство, Агенција за катастар на недвижности, стечајни управници и др, да продолжи со активностите заради преземање на сите неопходни мерки во однос на комитентите со цел да биде наплатен кредитот преку заложните права или во случај на неможност од наплата на одделни кредити по различен основ да се утврди одговорноста на сите одговорни лица кои придонеле за ваквата состојба со поведување на соодветна постапка пред надлежен суд. За сите предложени мерки потребно е да биде информирана Владата на РМ со цел за утврдување на натамошни мерки кои треба да се преземат за наплата на ненаплатените побарувања кои се буџетски средства и за кои постои можност за реална наплата.

**Судски спорови**

7.3. За судските спорови кои се водат преку МЕ како странка во својство на тужител или тужен во текот на ревизијата изготвени се прегледи од страна на секторите во МЕ и органите во состав, а кои произлегуваат или се поврзани со надлежностите од различни области во своето работење. Податоците што се внесени во прегледите не се во целост потврдени од страна на одговорните лица во МЕ, за што е дадено и соодветно образложение во точка 4.2.4 од овој извештај, поради што ревизијата изразува неувереност во релевантноста и веродостојноста на податоците.

Според прегледите, МЕ е тужена странка во 127 судски спорови главно по основ на надомест на штета за поништени продажби на фирми и по друг основ, неплатен долг по решенија или договори, и сл, врз основа на кои од МЕ се побарува вкупна проценета вредност од 116.359.878 илјади

денари. Истовремено, МЕ води голем број на судски постапки, вкупно 223 постапки, во кои се јавува во својство на тужител, по основ на ненаплатени услуги или побарувања по различни основи, чија проценета вредност изнесува вкупно 133.397 илјади денари.

Како позначајни судски спорови кои се водат против МЕ може да се наведат следните:

- тужба за надомест на штета по основ на разлика во цени на нафтени деривати, со проценета вредност од 192.289 илјади денари, за кој постапката е во тек.
- тужба за надомест на штета и раскинување на договор, со проценета вредност од 38.000 илјади денари, за кој постапката е во тек.
- тужба по основ на приватизација, со проценета вредност од 84.930.050 евра, за кој постапката е во тек.
- Постапка за надомест на штета од продажбата на Бучим, Радовиш, со проценета вредност од 110.214.000 илјади денари, за кој предметот е завршен.

Поради тоа што станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат поради што постои неизвесност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци, кај судските спорови во кои МЕ е тужена странка, што може значително да влијае и да го оптерети Буџетот на РМ во идниот период.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Сметка на основен буџет на РМ - 637**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 399,767 | 350,501 |
| **Вкупно приходи** | **399,767** | **350,501** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 203,688 | 199,715 |
| Резерви и недефинирани расходи | 0 | 1,550 |
| Стоки и услуги | 68,672 | 82,346 |
| Каматни плаќања | 5,532 | 2,021 |
| Субвенции и трансфери | 43,386 | 16,710 |
| **Вкупно тековни расходи** | **321,278** | **302,342** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 45,659 | 31,743 |
| **Вкупно капитални расходи** | **45,659** | **31,743** |
| **Отплата на главнина** | **32,830** | **16,416** |
| **Вкупно расходи** | **399,767** | **350,501** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Сметка на основен буџет на РМ - 637**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 854 | 854 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 106,014 | 106,014 |
| Побарувања од вработените | 74 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 396,934 | 70,045 |
| **Вкупно тековни средства** | **503,876** | **176,913** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 450,675 | 451,652 |
| Материјални средства | 17,357 | 18,717 |
| Материјални средства во подготовка | 45,659 | 132,070 |
| **Вкупно постојани средства** | **513,691** | **602,439** |
| **Вкупна актива** | **1,017,567** | **779,352** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 34,029 | 2,421 |
| Обврски спрема државата и други институции | 18 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 16,947 | 16,689 |
| Пасивни временски разграничувања | 297,798 | 157,803 |
| **Вкупно тековни обврски** | **348,792** | **176,913** |
| **Долгорочни обврски** | **155,084** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 513,691 | 602,439 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **513,691** | **602,439** |
| **Вкупна пасива** | **1,017,567** | **779,352** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | **602,439** | - | **602,439** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **53,516** | **320** | **53,836** |
| Набавки | 137 | 320 | **457** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 45,659 | - | **45,659** |
| Ревалоризација на капитални средства | 1,292 | - | **1,292** |
| Добиени средства без надомест | 6,428 | - | **6,428** |
| | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **142,264** | **320** | **142,584** |
| Отпис на капитални средства | - | 320 | **320** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | - |
| Преотстапени основни средства | 132,070 | - | **132,070** |
| Амортизација | 10,194 | - | **10,194** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **513,691** | - | **513,691** |

Министерство за Економија
Република Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 06.08.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 17 | 122 | 8 | |

Бр. 02-6004/2
Скопје 03-08-2012 година

Влада на Република Македонија
Министерство за економија
Јуриј Гагарин, 15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3093408
Ф: (02) 3084472

ДО: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Забелешки на Нацрт извештајот
**ВРСКА:** Ваш бр. 17-122/5 од 21.06.2012 година

Почитувани,

Министерството за економија го разгледа доставениот Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизијата на усогласеност на Министерството за економија за 2011 година за сметките за основен буџет 637 и 631.

Во прилог на наведените цели и препораки на ревизијата, Министерството за економија, ги доставува следните забелешки:

**1.Во однос на препораката кон точка 4.1** што се однесува на делот за интерни контроли "Одговорното лице во МЕ да воспостави целосен систем на интерни контроли, со донесување на пишани процедури и постапки на сите нивоа на работење и да се обезбеди нивно спроведување, со цел да се обезбеди ефикасен систем на финансиски менаџмент и контрола во сите процеси на работењето."
Забелешки:
Секторот за финансиски прашања е формиран со донесување на Правилникот за организација на работата на Министерството за економија 04-2292/3 од 26.04.2010 година и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за економија бр. 04-2292/4 од 26.04.2010 година. До екипирање на Секторот со пополнување на предвидените работни места кои опфаќаат ex ante и ex post финансиска контрола, секој документ кој предизвикува финансиска обврска е потврден од страна на Раководителот на секторот за кој се однесува финансиската обврска и од Раководитело на секторот за финансиски прашања. Задолженото лице за ликвидатура врши дополнителна контрола пред подготвување на налогот за исплата. Министерството за економија е во фаза на имплементација на ИСО 9001:2008 со кој ќе бидат опфатени и финансиските процеси со процедури.

**2.Во однос на препораката кон точка 4.2.1** што се однесува на делот за усогласеност со закони и прописи "Одговорните лица во МЕ да преземат активности за целосно осамостојување на БМ и ДПИ кои се органи во состав на МЕ, но со статус на правни лица, со цел сите нивни надлежности да ги обавуваат самостојно и да ја преземаат евентуалната одговорност при нивното извршување"

Забелешки:
Министерството за економија цени дека за целосното осамостојување на Бирото за метрологија и Државниот пазарен инспекторат треба да одлучи Владата на Република Македонија,со што ќе треба да пристапи кон измена на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

- **Во однос на препораката кон точка 4.2.2**"Одговорното лице во МЕ да ги преземе следните активности:Да се изврши усогласување на систематизацијата на работните места со што ќе се овозможи мобилност во државната служба со интерен оглас од Помлад соработник во непосредно повисоко звање;При преземање на државни службеници од еден во друг орган на работно место со исто звање да се почитува степенот и видот на завршеното образование утврдено со Правилникот за систематизација на работните места на МЕ"

**Забелешки:**
Во врска со забелешката по оваа точка, ве известуваме дека се прифаќа препораката на Државниот завод за ревизија со констатција дека ваквата состојба ќе се надмине со донесување на новиот Правилник за организација и работа на Министерството за економија и Правилник за систематизација на работните места во Министерството за економија.
Во врска со забелешката дека при превземање на државни службеници од еден во друг орган на работно место со исто звање треба да се почитува степенот и видот на завршеното образование утврдено со Правилникот за систематизација на работни места, укажуваме дека секогаш се почитува степенот и видот на завршеното образование при превземање и распоредување на соодветно работно место.

- **Во однос на препораката кон точка 4.2.3**"Одговорното лице во МЕ да преземе мерки и активности за квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, согласно законските прописи".

**Забелешки:**
Во врска со забелешките за извршен попис во Министерството за економија и органите во состав за 2011 година, од страна на Државниот завод за ревизија, Централната пописна комисија го дава следниот коментар:
Во изминатите години, 2007-2008 година, од страна на стручни лица и претставници на Секторот за информатика изработена е ексел табела која содржи инвентарен број, датум на набавка, набавна, отпишана и сегашна вредност на основните средства во Министерството за економија, во формат кој би се користел при спроведување на електронски попис со помош на бар код читач. Истата табела е можно да се користи и при спроведување на попис без бар код читач, на малку помодифициран начин. Имено, на посебни листи, членовите на пописната комисија ги запишуваат инвентарните броеви и описот на опремата во МЕ, после што следи рачно пребарување во табелата. Оваа ексел табела секоја година се ажурира и надополнува со новонабавената опрема. Од таа причина податоците во табелата се совпаѓаат со сметководствениот листинг, но не во целост. При внесувањето на фактичката состојба утврдена во поединечните листи на лице место, се нотираат и разликите кои се утврдуваат со споредба со листингот. По усогласување со сметководствените листи, забелешките се внесуваат од страна на комисијата, со напомена за исправките во финалниот извештај за извршен попис од страна на комисијата. Од таа причина само навидум изгледа дека не е извршен попис на основни средства, односно не е попишана фактичката состојба на затекнати основни средства, што всушност не е точно. Анализирајќи ги забелешките од ДЗР, во иднина потребно е да се воведе уште една колона во табелата, при што освен фактичката состојба ќе се евидентира и сметководствената состојба, што би придонело зголемување на транспарентноста и би се минимизирала можноста за забуни при читање на податоците во табелата од страна на лица кои не се вклучени во спроведување на пописот.
Во врска со опремата која е доделена на времено користење од Министерството за образование, Секретаријатот за европски прашања и Министерство за финансии, фактички е попишана само онаа опрема која физички се наоѓа во МЕ и Органите во состав. Поголемиот дел од таа опрема се дадени на користење на други органи, како Министерство за правда и неколку Бизнис инкубатори во внатрешноста на Републиката (бројката и видот на оваа опрема се гледа од уредно потпишани реверси помеѓу МЕ и органите). Со Одлука на Владата на Република Македонија, во 2011 година опремата дадена во Министерството за правда е отстапена на трајно користење. Опремата евидентирана во органите во состав на МЕ е уредно евидентирана, со напомена дека при нејзино попишување не е нотирано дека се работи за неа, односно не е издвоена при самиот попис, а за опремата дадена во Бизнис инкубаторите, МЕ и пописната комисија нема податоци (иако во претходните години писмено е побарано да доставаат извештај за извршен попис до МЕ).
Како основна забелешка во Извештаите за извршен попис од страна на Централната пописна комисија, неколку години наназат евидентиран е проблемот со налепниците со инвентарни броеви залепени на самата опрема. По спроведување на пописот, секоја година, на опремата се лепат инвентарни броеви кои недостасуваат. Но, и покрај тоа, голем број на основни средства немаат инвентарни

броеви (истите се одлепуваат, посебно при преместување на опремата што е честа појава во последните 2-3 години поради преселување на цели сектори од едни во други простории). Но, ова не значи дека оваа опрема не е евидентирана во фактичка состојба како што стои во забелешката од ДЗР. Имено, иако на самата опрема нема инвентарен број, Комисијата при пописот на истата, врз основа на описот и датумот на набавка и во консултации со лицата кои учествувале во изработката на ексел табелата и формулирањето на описот на тие средства, како и од сопствено искуство (поголем број од членовите на комисијата се вклучени во пописот веќе неколку години наназат), ги пронаоѓа нивните инвентарни броеви во табелата и истите ги евидентира. Истото е покомплицирано со компјутерската опрема, поради сличноста, но врз основа на разни интерни листи од Секторот за информатика за задолжување на лица со таа опрема, успешно се пронаоѓа и евидентира. Но, комисијата не е во можност прецизно да одреди каде се наоѓа таа опрема (во која канцаларија, кој ја користи), но со сигурност тврди дека истата се наоѓа во МЕ и се користи од страна на вработените. Исто така, мора да се напомене дека за опремата МЕ нема пракса да склучува реверси со секој вработен поодделно (освен за користење на службени мобилни телефони), туку се се води како опрема на МЕ, освен за компјутерската опрема за која постојат интерни секторски листи во Секторот за информатика, повторно со напомена дека не постојат задолжувања за секој вработен поединечно. Реверсите со изјавите за мобилните телефони се дадени на увид на ДЗР, поединечно за секој вработен.

Во врска со компјутерската опрема која се наоѓа во просториите на Секторот за информатика, а за која ДЗР дошол до заклучок дека е повлечена од употреба, при извршување на пописот на комисијата не и е предочено дека е неупотреблива. Од тие причини, Централната пописна комисја ја попишала како опрема ставена во функција на вработените во МЕ, без да ја предложи за расход. Во овој случај факт е дека информацијата за неупотребливоста на оваа опрема е отпосле дадена на ДЗР, наместо навремено да се информира за тоа членот на пописната комисија задолжен за попис на компјутерската опрема и да се постапи правилно со неа.

Во врска со пописот извршен во Државниот пазарен инспекторат, Централната пописна комисија навремено доби пописни листи за извршен попис од сите одделенија без изготвен извештај за извршен попис, од што неспорно се гледа дека пописот е детално и навремено извршен, но без сумирање на податоците, што е спротивно на нотираната забелешка од ДЗР за неизвршување на попис. Од страна на Државниот завод за техничка инспекција, по повеќе телефонски јавувања и ургенции од страна на заменик на претседателот на комисијата, не е доставен ниту извештај, ниту пописни листи. Централната пописна комисија во својот извештај го нотирала горенаведеното.

Извештајот за резултатите од пописот не е потпишан од еден член на Централната пописна комисија од причина што истиот во тој период се наогал на службено патување во странство. Во интерес на почитување на роковите, Извештајот како таков е доставен до министерот за економија.

Заклучок: Централната пописна комисија делумно ги прифаќа забелешките нотирани од ДЗР за извршениот попис во 2011 година со напомена дека дел од нив се забележани и се составен дел на Извештајот за извршен попис изготвен од самата комисија. Имено, во функција на извршување на пописот на средствата и нивните извори согласно законските прописи, потребно е да се воведе електронска евиденција на опремата со што би се овозможило ставање во употреба на веќе набавениот мобилен читач на бар кодови. Со тоа би се решил проблемот со одлепување на налепниците со инвентарни броеви и овозможување на брзо и квалитетно попишување на опремата. Истото е потребно да се направи и спроведе и во органите во состав на МЕ.

Централната пописна комисија во никој случај не ја прифаќа забелешката дека ваквиот начин на вршење/неизвршување на попис има влијание на реалноста и објективноста на искажаните податоци за вредноста на средствата, побарувачката и обврските во деловните книги и во Билансот на состојба со 31.12.2011 година, од причина што:

1. Пописот е извршен со целосна посветеност на сите членови на комисијата, навремено и согласно законските прописи, со извесни исклучоци кои никако не може целосно да влијаат на и да ја искриват реалната слика искажана во Биласите на МЕ;
2. Централната пописна комисија прифаќа дека се направени ненамерни пропусти и грешки под влијание и дејство на различни предвидливи и непредвидливи фактори што произлегуваат пред се од обемноста на целиот процес, во смисла на протокот

на информации помеѓу службите и членовите на комисијата, како и помеѓу самите членови во комисијата, потешкотии во координацијата при доставување на податоци потребни за извршување на пописот, а се од причина што сите членови на комисијата се ангажирани со секојдневни задачи кои произлегуваат од работните места на кои се наоѓаат и неможноста за целосна посветеност и достапност при спроведување на пописот.

Со налог за книжење 600083 направено е прекнижување на набавка на мобилен бар код читач и термички принтер ( прилог налог за книжење)

Со налогот се раскнижува амортизацијата и се става како основно средтво кое не е пуштено во употреба (прилог налог за книжење).

- **Во однос на препораката кон точка 4.2.4**"МЕ како орган на државната управа, да преземе активности во насока на комплетирање на сите судски предмети кои се водат во МЕ пред надлежен суд и истите да бидат предадени на постапување во надлежност на Одделението за судски и управни постапки, со цел да се обезбеди заштита на интересите на државата при водењето на судските постапки".

**Забелешки:**

Министерството за економија дополнително од сите сектори и органи во состав ќе побара подетални извештаји и информации во однос на сите судски предмети во кои Министерството се јавува како тужена страна.Потоа ќе се преземат активности за перманентно и постојано ажурирање на сите потребни податоци, со задолжување на контакт лица од секој сектор и орган во состав на Министреството кои ќе го известуваат навремено и уредно, Одделението за судски и управни постапки, за секој предмет поединечно, со копија за се што е преземено.Со Државното правобранителство на Република Македонија и понатаму ќе контактираат назначените контакт лица од Министерството и органите на состав.

- **Во однос на препораката кон точка 4.2.5**"МЕ да преземе активности за доуредување на законските прописи во смисла на целосно раздвојување на надлежностите и активностите во Секторот за туризам во однос на АППТ и преиспитување на постоењето на секторот во МЕ"

**Забелешки:**

Во врска со препораката дадена од страна на Државниот ревизор сакаме да укажеме дека належностите на Министерството за економија - Секторот за туризам и угостителство, во однос на надлежностите на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот јасно се дефинирани во Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на Република Македонија бр.58/00,44/02,82/08), Законот за основање на Агенција за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија (Сл.весник на РМ бр.103/08, 156/10, 11/12), Закон за туристичка дејност (Службен весник на Република Македонија„ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11 и 53/11), Законот за угостителска дејност (Службен весник на Република Македонија„ бр. 62/04, 89/08, 115/10 и 53/11) и Законот за такса за привремен престој (Сл.весник на РМ бр.19/96....17/11). Врз основа на вака утврдените законски надлежности на Министерството за економија во делот на туризамот и угостителството, неспорно е дека постои јасна дистинкција во надлежностите и активностите помеѓу Министерството за економија – Сектор за туризам и угостителство од една страна и Агенцијата за туризам од друга страна Во рамки на годишните програми на двете институции, освен активноста - репринт на промотивен материјал, не постојат паралелни активностите на Министерството за економија со Агенцијата за туризам. Предвидувањето на активноста - репринт на промотивен материјал како дел од годишните програми на МЕ и на Агенцијата е од причина - финансиска поддршка на Агенцијата, која располага со значително понизок буџет во однос на буџетот на МЕ, како и зголемување на фондот на промотивен материјал, поради огромната потреба и побарувачка за истиот од страна на државниот и приватниот сектор.

Цениме дека констатацијата на ДЗР за преиспитување на основаноста од постоењето на Секторот за туризам и угостителство е предимензионирана. Овој став го темелиме на фактот дека Секторот за туризам и угостителство при Министерството за економија, врз основа на законски утврдените надлежности е носител на креирањето мерки и политики за равој на туризмот во Република Македонија, во однос на Агенцијата за туризам која е оперативен орган со надлежност за извршување на претходно утврдените мерки и активности од страна

на Министерството за економија и Владата на Република Македонија. Ваквиот статус Министерство за економија-Сектор за туризам и угостителство v.s. Агенција за туризам аналогно постои и се применува и за останатите секторски единици во Министерството за економија за кои de facto паралелно постојат исто толку агенции / дирекции, со посебни надлежности утврдени во соодветни законски и подзаконски акти, како и со паралелни годишни програми кои повлекуваат значителен износ на буџетски средства.
Забелешката на ревизорот дека треба да се допрецизираат надлежностите на Секторот за туризам и угостителсво при МЕ во однос на Агенцијата за туризам ЈА ПРИФАЌАМЕ, во смисла на формално-правно доредување на постојната законска и подзаконска регулатива која го уредува ова прашање, за што МЕ веднаш ќе пристапи кон реализација на дадената забелешка

- **Во однос на препораката кон точка 4.2.6** "Одговорното лице на МЕ да преземе активности за носење на нов подзаконски акт со кој ќе се пропише начинот, видот и висината на субвенциите, согласно Законот за туристичка дејност, кој ќе се применува во случај на обезбедување на средства за исплата на субвенции во туризмот преку Програма за чија реализација ќе биде задолжена АППТ "

**Забелешки:**
Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет објавено во Сл. весник на РМ на 12 февруари 2010 година е донесено врз основа на членот 22 од Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност (Сл. весник на РМ бр.89/08), со кој членот 57 од основниот текст на Законот е изменет со нов став 2 кој гласи "*Заради побрз развој на туризмот и формирање поконкурентни цени на туристичките аранжмани, ќе се донесе Упатство за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет што ќе го донесе министерот надлежен за работите од областа на туризмот*". Врз основа на истиот овој член од Законот за туристичка дејност, на 5 Јануари 2011 година донесено е Упатството за изменување и дополнување на Упатството за субвенционирање (објавено во Сл. весник бр. 2/11) Неколку месеци покасно, на 20.02.2011 година стапи на сила Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност (Сл. веник на РМ бр.17 од 11.02.2011 година) во кој членот 57 став 2 се менува и гласи "*Заради побрз развој на туризмот и формирање поконкурентни цени на туристичките аранжмани за странски туристи, министерот надлежен за работите од областа на туризмот ќе го пропише начинот, видот и висината на субвенциите*". Со членот 22 од Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност (Сл. весник на РМ бр.89/08), на министерот му било дадено правото субвенционирањето да го регулура единственои со упатство, кое и било донесено.
Со Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност (Сл. веник на РМ бр.17 од 11.02.2011 година) на министерот му е дадено дискреционо право субвенционирањето да го регулира со било кој подзаконски акт, а со оглед на тоа што упатството е еден од видовите на позадаконсите акти, министерот одлучил истото да продолжи да се применува со оглед на тоа што во Законот од 2011 година нема никакви измени на одредби кои влијаат на самата содржина на Упатството. Забелешките на ревизорот би биле основани доколку беше донесен нов закон, а Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност (Сл. весник на РМ бр.89/08) врз основа на кој е донесено упатството престанеше да важи. Со оглед на тоа што Законот од 2008 година е сеуште на сила со измени и дополнувања кои воопшто не влијаат на содржината на Упатството, немало никаква причина истото да престане да важи, туку континурано може да остане да се применува.
Во прилог на ова говори и фактот дека на 05 Јануари 2011 година стапи на сила последната измена на Упатството, кое како и претходните измени е подготвено согласно спроведените консултации со Секретаријатот за законодавство и Комисијата за заштита на конкуренција и како такво разгледано и усвоено од страна на Владата на РМ, во редовна владина процедура од страна на сите работни тела. Се нагласува дека во ниту една фаза од изготвувањето и усвојувањето на последните измени на Упатството, Министерството за економија нема добиено забелешка или укажување од надлежните органи и тела, дека истото со измените на

Законот за туристичка дејност (Сл. веник на РМ бр.17 од 11.02.2011 година) е укинато т.е. не е на сила (во прилог Мислење од Секретаријатот за законодавство, Мислење од Комисија за заштита на конкуренција, Извадок од Нацрт-записник од седница на Влада на РМ)

Забелешката на ревизорот која цениме дека е од формален карактер, ќе ја реализираме, односно до крајот на месец август министерот за економија ке го објави новиот подзаконски акт.

- **Забелешки по точка 4.2.7 од Нацрт Извештајот :**

Надлежен државен орган за областа туризам и угостителство е Министерството за економија.Согласно Законот за туристичка дејност министерот за економија донесе Упатство за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет.Надлежен сектор за областа туризам и угостителство е Секторот за туризам и угостителство во рамките на министерството. Според тоа, надлежноста за работа по поднесените барања за субвенционирање е утврдена со Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македомжнијабр.58/00,44.02,82/08). Министерот за економија со цел да обезбеди поголема котрола во работењето на предметите, формира со решение бр.13-4988/1 од 14.06.2010 година Комисија за спроведување на постапката за доделување на средства од Буџетот на Република Македонија на барателите на субвенција. Комисијата, која беше составена од пет члена со лица од областа на туризмот, правото и економијата, има обврска најмалку еднаш месечно да ги разгледува поднесените барања, да се произнесе по нив и да достави предлог до министерот за економија кој треба да донесе решение за исплата/одбивање на барањето за субвенционирање.

**Во решението на Комисијата повикување е направено на Програмата за развој на туризмот за 2010 година, односно не е опфатена и Програмата за 2011 година. Мегутоа, вработените во секторот кои се и членови на Комисијата (од 5 члена 3 се од секторот), а при тоа никаде во решението не е спомнато престанок на важење на комисијата до кога таа може да работи, имаат неспорна надлежност да работат на предметите за субвенционирање. Со други зборови (доколку министерот не оцени поинаку) воопшто нема потреба да се формира комисија (која е од интерен карактер) при постоење на секторот.**

Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет е донесено врз основа на член 57 од Законот за туристичката дејност. Одредбата на членот 57 од овој закон, а ниту одредбите на предметното упатство, не предвидуваат право на жалба против решение донесено од страна на Министерот за економија. И покрај тоа, Министерството за економија, а врз основа на Законот за пошта управан постапка, како правно средство во донесеното решение за субвенционирање ја посочи второстепената комисија на Владата на Република Македонија (која во различен период носеше различни називи ) која беше посочена како второстепена комисија во одредени одредби од Законот за туристичка дејност. Мегутоа, со Законот за изменување на законот за Владата на РМ ( Сл.весник на РМ бр. 51/11 од 13 април) се избришани одредбите со кои беше регулирано постоењето и работењето на комисиите за одлучување во втор степен во управни работи кои што врз основа на овие одредби се формираа како постојани или повремени тела. Од 01 ноември 2011 не е во функција Комисијата на Владата на РМ за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата, додека во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен определена е надлежноста на државната комисија согласно материјалните закони со кои е уредена определена област.

Согласно членот 227 став 1 од ЗОУП, доколку со закон не е утврдено право на жалба на решение на орган на државна управа, може да се поведе управен спор.Според став 7 од овој член во сите случаи во управната постапка кога со закон не е предвиден орган за решавање во втор степен, странката против првостепеното решение може да поведе управен спор, (донесено решение од страна на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен УПБР 0810-2 од 18.01.2012 ).

**Ве известуваме дека сите решенија за субвенционирање од 01 ноември во делот на правната поука ја насочуваат странката дека против донесеното**

**решение може да поведе управен спор пред управниот суд во рок од 30 дена од неговото донесување.**
Воедно сакаме да укажеме на точка 4 од член 213 од ЗОУП која вели: кога во решението е дадено погрешно упатство, странката може да постапи според важечките прописи или според упатството. Странката што ке постапи погрешно поради даденото упатство, неможе поради тоа да има штетни последици.

**3.Во однос на препораката кон точка 4.3.1**"МЕ да преземе активности за целосно спроведување на одредбите од поединечно склучените договори со корисниците на дел од средствата од заемот согласно Законот за задолжување на РМ со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка по договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување "
**Забелешки:**
Забелешка 1: Корисници на кредитот за реализација на проектот БЕРИС беа и Институт за акредитација на Република Македонија, Комисија за заштита на конкуренција, Генерален секретаријат- Сектор за регулаторна реформа во делот на Регулаторна Реформа, Биро за метрологија.
Меѓутоа, единствено НБРМ и ЦРМ имаат обврска за враќање на искористениот дел од кредитот спрема Буџетот на Република Македонија.

Забелешка 2: Воопшто не може да стане збор за тоа дека се обезбедуваат и исплатуваат буџетски средства во поголем износ отколку што е обврската согласно Законот за задолжување на РМ со заем, а уште помалку дека не е во согласност со Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2010 и 2011 година, од две причини:

1/ Централен регистар и Народна Банка на Република Македонија се институции кои во целост припаѓаат на Република Македонија и сите средства со кои располаагаат без оглед дали се тоа сопствени приходи или приходи од основен буџет се работи за средства на институции на Република Македонија.

2/Невозможно е да се исплати повеќе буџетски средства во поголем износ отколку што е обврската согласно Законот за задолжување на РМ со заем од причина што амортизациониот план кој се следи за исплата е пресметан и усогласен помеѓу Р.Македонија и Светска Банка и како што ревизорот точно констатирал во извештајот: „Во текот на 2010 и 2011 година од Буџетот на МЕ целосно се отплатени три главнини во вкупен износ од 796.288,50 евра односно во денарска противвредност од 49.246 илјади денари и камата, во вкупен износ од 174.078,69 евра односно во денарска противвредност од 10.783 илјади денари." За овие износи од ревизорот не е утврдено дека го надминуваат усвоениот амортизационен план спрема Светска Банка па оттука не може да биде адекватен аргументот дека се исплаќаат повеќе средства од колку што е обврската кон Светска Банка.

Од таа причина е потребно ревизорскиот извештај да биде попрецизен во смисла дека Министерството за економија треба да преземе активности за целосно спроведување на одредбите од поединечно склучените договори со корисниците на дел од средствата од заемот согласно Законот за задолжување на РМ со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка по договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување. При тоа, Проектот БЕРИС иницијално беше испланиран да трае до 31.12.2009 но истиот беше продолжен од Светска Банка до 1.05.2011 година заради дореализација на договорите кои беа склучени. Затоа односно се до последната исплата на износ по договор, не беше во можност да се утврди точниот износ на потрошени средства од корисниците. Истовремено Министерството за финансии имаше алоцирано потребни средства за исплата на ратите + каматата од заемот како што истите пристигнуваа и Министерството за економија извршуваше исплата кон Светска Банка. Министерството за економија им презентираше на ревизорите остварена комуникација со Министерството за финансии каде е договорено односно добиено укажување дека Министерството за економија од сопствениот буџет ќе ги исплаќа обврските спрема Светска Банка за проектот БЕРИС за што Министерството за финансии секоја година ќе алоцира средства колку што изнесува амортизациониот план за отплата на кредитот.

Прашањето за отплата на делот кој е искористен од НБРМ и ЦРМ е сепак и исклучиво техничко прашање бидејќи на ниту еден начин не влијае ниту на износот на ратите + каматата согласно Амортизацискиот план за отплата на кредитот ниту на ажурноста во исплатата на Република Македонија спрема Светска Банка. Во оваа смисла од страна на Министерството за економија се прифаќа препораката да се преземат активности за целосно спроведување на одредбите од поединечно склучените договори со корисниците на дел од средствата од заемот согласно Законот за задолжување на РМ со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка по договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување.

- **Во однос на препораката кон точка 4.3.2** "Одговорното лице во МЕ во соработка со одделението за внатрешна ревизија да преземе активности за проверка и контрола на сите исплатени средства во периодот од 2008-2011 година по основ на кофинансирање на ЕИИЦМ. Во сите случаи на ненаменско и незаконско користење на средствата, кај субјектот на кој му се одобрени средствата, (ЕИИЦМ односно учесниците во проектниот конзорциум) да се задолжат одговорните лица за нивно враќање со камата и да се преземат соодветни мерки против истите "

**Забелешки:**

Имајќи ги во предвид Изводокот од Нацрт-записник од Единаесетта седница на Влада на РМ од 24.10.2006 година и Изјавата за кофинансирање потпишана од министер Вера Рафајловска од 21.03.2007 година (министер овластен од Владата да ја потпише изјавата), Министерството за економија почнувајќи од 2008 година преку годишните програми ги кофинансира активностите на ЕИИЦМ **како резултат на заклучок, а не на министерот за економија**.

Исто така кофинансирањето на работата на ЕИИЦМ е содржано во владините програми за работа и тоа:

-во Програмата за работа на Владата за периодот 2008-2012 во првата од петте стратешки приоритети 1. Економија со висок и одржлив раст (стр. 3), во делот Мали и средни претријатија (стр. 19) еден од проектите е Вмрежување со 400.000 претпријатија во ЕУ-мрежата на претпријатија (стр.21)[1],

-во Програмата за работа на Владата за периодот 2011-2015 година е наведено дека „Развојот на економијата, зголемување на економскиот раст и домашните и странски инвестиции, како услов за отворање на нови работни места и подобар живот на граѓаните, се главни цели на Владата за следните 4 години". Една од петте реформски политики и мерки за реализација на овие цели е: 5.Подршка на мали и средни претпријатија (стр. 4). Оваа поддршка ќе се реализира преку осум проекти и програми од кои втората е: „Интернационализација на МСП во ЕУ мрежата преку проектот Европски информативен и иновативен центар во Македонија, кој е дел од мрежата Enterprise Europe Network (континуирано)" (стр 14).

ПОЈАСНУВАЊЕ:

Согласно Изводокот од Нацрт-записник од Единаесетта седница на Влада на РМ од 24.10.2006 година, Изјава за кофинансирање од министер Вера Рафајловска од 21.03.2007 година, почнувајќи од 2008 година Министерството за економија ги кофинансира активностите на ЕИИЦМ префрлувајќи средства во противвредност од 100.000 Евра преку годишните Програми за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП. Проектот исто така е кофинансиран и од ЕУ преку ЦИП програмата 2007-2013, годишно по 90.000 евра.

Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ) отпочна со работа во март 2008 година во рамки на конзорциумот формиран од Универзитетот

[1] Преку поддршка на едношалтерскиот систем за мали и средни претпријатија ќе им овозможиме на нашите мали и средни бизниси вмрежување со преку 400.000 претпријатија во ЕУ. Овој проект е дел од Рамковната програма на ЕУ за конкурентост и иновации 2007-2013, кој предвидува финансиски средства за МСП за подобрување на конкурентноста и иновативноста, поголем пристап до информации и реализација на научно-истражувачки проекти. Програмата ќе ги обедини стопанските комори, здруженијата на претпријатија, универзитетите и научните и развојните центри од земјите на ЕУ.

Св.Кирил и Методиј-Скопје (во улога на координатор), Агенцијата за поттикнување на претприемништвото во РМ (АППРМ), Стопанската Комора на РМ и Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување-МИР. ЕИИЦМ е проект на европската CIP програма (Competitiveness and Innovation Program) и истиот претставува влезна порта за информирање за можностите за градење на европски партнерства и инволвирање во заеднички проекти со МСП преку оваа CIP програма.
Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија е дел од мрежата Enterpise Europe Network и има за цел преку контакти во рамките на оваа мрежа да ја зајакне бизнис соработката, да ги подигне технолошкото ниво и степенот на иновации и да ја подобри научно-истражувачката и развојната компонента на сите свои корисници.

- **Во однос на препораката кон точка 4.3.3** "Одговорното лице во МЕ да преземе активности по добивање на Извештајот од извршена внатрешна ревизија на исплатата на субвенциите во туризмот која е во тек, во смисла на преземање на соодветни мерки против одговорните лица во сите случаи на утврдени неправилности за ненаменско користење на средства за субвенции. "

**Забелешки:**
Врз основа на Законот за туристичка дејност, член 57 и Законот за такса за приремен престој член 9, се донесува Програма за развој на туризам каде се прикажани сите добиени финансиски средства од страна на Владата на Република Македонија и посебно од ресорниот орган Министерството за финансии. За 2011 година по сите направени анализи од страна на секторот за туизам, во разговори со туристичкото стопанство, склучени повеќе годишни договори за закуп на хотелските капацитети во државата, се побараа од наша страна околу 50.000.000 денари за исплата на субвенциите до Министерството за финансии. Од нивна страна беа одобрени исто толку, при што со заклучок на влада беа трансферирани 1.200.000 денари за друга активност, што вкупно секторот располагаше со 48.800.000 денари за оваа активност. Овие обезбедени средства доколку се погледне завршниот конечен извештај беа точно потребни за исплата на сите пристигнати побарувања, со што секторот максимално добро ги извршил своите анализи и барањето за потребните финансиски средства.
На 21 септември 2011 година, со Одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите на Буџетот на РМ за 2011, донесена од страна на Владата на Република Македониј, Министерството за финансии одзеде 20.000.000 денари од оваа ставка на Минситерството за економија за друга намена. Иако како сектор и ресорен орган укажувавме дека овие финансиии ни се многу потреби за исплата на сите побарувања кои достигнаа до нас, а побарувањата за субвенции во најголем број пристигнуваат во текот на летниот период кога е и најголемата френквенција на туристи и чартер летови од странство, сепак од страна на реосрните органи беа одземени средствата, со изговор дека доколку има нов ребаланс ќе ги добиеме потребните средства или ќе бидат исплатени наредната година. Наредната година исто така со заклучок на Владата на Република Македонија оваа активност се префрлува на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот и веќе како министерство немаме никаква надлежност во оваа активност, при што се создаде еден нов законски и финансиски простор во исплатата на субвенциите за организираниот странски туристички промет.
Алинеја 1 и 2 - Секое барање за субвенционирање поднесено од барателот за секоја поединечна група е заведено во архивата на Министерството за Економија и носи посебен архивски број со дата на прием од кој може да се види дали барањето е поднесено во рокот утврден во упатството. Само кај одделни барања од туроператорот Корендон каде што имаме две групи во два чартера со поагање во исто време и со престој во нашата држава во ист временски период, имаме спојување на барањата под еден архивски број, а што е во согласност со член 130 точка 1 од ЗОУП ( спојување на работите во една постапка ).
Алинеја 3 – Барањата за субвенционирање се решавани согласно рокот утврден во ЗОУП.Со мали отстапувања барањата се земани на обработка според нивното пристигнување, а не е можно барањата да бидат решени според датумот на прием од причина што за дел од нив е водена управна постапка. Имајќи го предвид член 7

од Упатството кој го обработува опфатот и периодот на субвенционирање, како и фактот што во текот на годината се повторуваат петнаесетина баратели на субвенции, исклучена е можноста за ставање во повластена положба на едни туроператори во однос на други. При разгледувањето на барањата секогаш се водевме како комисија која решаваше дека пред законот се сите еднакви и исти и целосно ја отрфламе оваа забелешка од страна на државната ревизија.

Алинеја 4 – Заведувањето на барањата не ги врши ниту секторот ниту комисијата, туку самата архива. Како сектор и комисија се разгледувани и повеќе барања под ист број затоа што така ни се сервисирани од страна на архивата, но со разграничени деловни броеви.

Алинеја 5 - документацијата во досиејата по кои е одлучувано е во целост средена, а обрасците и прегледите во зависност од видот на превозот се пополнувани од страна на подносителите на барањата.

**Точно е дека не е пополнета архивската листа мегутоа поголемиот дел од барањата не беа завршени, односно 84 предмети беа дојдени до форма на записник и се чекаше Владата да донесе одлука за нивно превземање и исплата од страна на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот.**

Алинеа 6 – **Предметите кои беа предмет на ревизија, а за кои државниот ревизор констатира дека се надвор од рок (се работи за прекорачан рок од само неколку дена ), Комисијата на записник ги поништи и донесе нови решенија за одбивање кои се потпишани од министерот за економија и истите се доставени до барателот на субвенцијата.**

Алинеа 7- Инспекторот точно констатирал дека во документацијата не е обезбедена посебна писмена изјава мегу сместувачкиот капацитет и домашната патничка агенција.

**Комисијата во обработката на документите констатира дека ако е доставена фактура за извршена услуга и има извод од банка дека истата е платена (домашна или странска) дека нема потреба од дополнителна изјава на странките дека сметките се подмирени од причина што од приложените документи тоа јасно е видливо, легитимно и потврдено. Сите документи што се доставуваат до минситерството и до комисијата се потврдени од страна на превозниците или сместувачките објекти врз основа на кои се води и целосна документација кај истите.**

Алинеа 8 - Во член 1 од ЗОУП се вели:според овој закон должни се да постапуваат министерствата, другите органи на државната управа организации утврдени со закон и други државни органи, кога во управните работи ,непосредно применувајки ги прописите решаваат за правата, обврските или правните интереси на физичките лица, правни лица или на други странки.

Според членот 2 од ЗОУП управни акти се сите оние акти и дејства со кои што се решава за правата, обврските или правните интереси на странките во управната постапка.

Членот 3 став 2 од ЗОУП вели дека според одредбите на овој закон се постапува по сите прашања во управните области што не се уредени со посебен закон.

Член 20 од ЗОУП- Под орган што ја води управната постапка, односно што решава во управни работи се подразбираат министерствата, другите органи на државната управа, други државни органи...

Член 65 точка 1 од ЗОУП – Ако поднесокот содржи некој формален недостаток што го спречува постапувањето по поднесокот, или поднесокот е неразбирлив или нецелосен, неможе само поради тоа да биде отфрлен. Органот што примил таков поднесок ке направи се што треба недостатпците да се отстранати на подносителот ке му определи рок во кој е должен да го стори тоа. Ова може да му се соопшти на подносителот по телефон, а и усно ако подносителот се затече кај органот кој ова го соопштува. За стореното соопштение органот ке стави забелешка на списот.

**Од погоре наведените членови од ЗОУП, Секторот за туризам и угостителство цени дека постапката ја има водено согласно закон.**

Алинеа 9 - **Согласно Упатството Секторот за туризам и угостителство нема обврска да води Регистар на поднесени барања за субвенционирање.**

**Со цел да се има дневен увид на поднесени и решени предмети и да може во секое време да се даде потребна информација до министерот за економија, Владата на Република Македонија и други заинтересирани институции, во Секторот се води Регистар на поднесени и решени предмети за субвенционирање. Во него се заведува архивскиот број на поднесеното барање и дата на поднесување, кој го поднесува барањето, решение за**

субвенционирање со број и дата на донесување и за позитивно решените предмети која е висината на субвенцијата која е доделена. Времето на доаѓање и враќање на групата странски туристи не се евидентира во Регистарот од причина што тоа е еден од главните параметри при решавањето на предметите за субвенционирање и тоа како податок се пополнува од страна на барателот на субвенцијата, во зависност од видот на превозот или турата во СУ1, СУ2,СУ5 и СУ6 образецот.

Алинеа 10 – **Секторот за туризам и угостителство еден примерок од потпишаното решение од страна на министерот за економија го доставува до барателот на субвенцијата, службата за сметководство и архивата на министерството. Исплатата ја врши службата за сметководство.**

Алинеа 11- Програма за 2011 –Буџет во кој се ставени сите потребни средства за исплата на достасаните побарувања за субвенции и како што спомнавме претходно, побараните средства и првично добиените средства беа доволни за исплата и на заостанатите барања од 2010 година, при што самата прогарам која ја донесува Владата на РМ, од страна на надлежните институции при Владата на Република Македонија, не ни беше укажано дека е потребно да се пренесат и несиплатените барања од минатата година, како што укажува државната ревизија.

**Секторот за туризам и угостителство не се согласува и не јаприфака констатацијата на Државниот ревизор дека Комисијата не била реална и објективна при решавањето на предметите и дека документацијата по која е работено е непотполна и неверодостојна. Ваквата констатација значи дека Комисијата не работела согласно закон што не е точно и е многу сериозно обвинување. Во триста решени предмети да се најдат неправилности кои се во рамките на секојдневната практика е разбирливо, меѓутоа ваква квалификација за сите сработени предмети е неприфатлива**

- **Забелешки по точка 4.3.4 од Нацрт Извештајот :**

По однос на оваа точка информираме дека се донесени заклучоци од страна на Владата на Република Македонија за исплата на заостанатите барања од 2011 година, заклучок е доставен и до Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во РМ, во тек е промена на нивната програма, зашто финансиските средства се одобрени во износ од 48.000.000 денари за ова намена и од страна на Министерството за економија е доставен допис со записник за сите останати и неисплатени побарувања по овој основ за 2011 година до самата агенција.

- **Во однос на препораката кон точка 4.3.5** "Одговорното лице во МЕ да преземе мерки и активности за проверка на целокупната документација во врска со изградбата на комплексот „Македонско село" заради утврдување на причините кои придонеле за појавените неправилности со лоцирање на одговорноста. "

**Забелешки:**

Министерството за економија ќе формира интерна Комисија која ќе пристапи кон проверка на целокупната документација во врска со изградбата на комплексот „Македонско село'', заради утврдување на фактичката состојба.

- **Во однос на препораката кон точка 4.3.6** "Одговорното лице на МЕ да воспостави систем на интерни контроли со кој ќе се обезбеди целосна примена на процедурата за користење на службени возила уредена со Правилникот за внатрешна организација и функционирање на МЕ, од јули 2009 година"

**Забелешки:**

Министерството за економија ја применува процедурата за користење на службени возила согласно Правилникот за внатрешна организација и функционирање на Министерството за економија бр.14-8151/1 од 21.10.2008 година.Исто согласно утврдените потреби ќе воспоставува и систем за интерни контроли.

- **Во однос на препораката кон точка 4.3.7**" Одговорните лица во МЕ да ја преиспитаат целокупната документација во врска со набавката на просториите, да ја утврдат причината за евидентирањето на истите на инвестиција во тек и да покренат постапка за донесување на Одлука за давање на правото на користење на Бирото за метрологија, по што ќе се изврши и соодветно запишување во надлежниот катастар "

**Забелешки:**
Со пописот до 31.12.2009 година Инвестција во тек, правен е попис од Министерство за економија – Биро за метрологија, додека со пописот од 2010 и 2011 година е пропуштено. Доказ дека бил попишуван објектот.
Склучениот анекс договор од 21.12.2005 година е заверен на нотар, доказ: копие од Анекс договорот и заверката од Нотар.

- **Во однос на препораката кон точка 4.3.8**" Одговорните лица во МЕ во наредниот период да вршат осигурување на целокупниот имот со кој располага министерството "

**Забелешки:**
Целокупниот имот во досегашниот период не се осигурува, со оглед на тоа што нема конкретно упатство за тоа, а и не се предвидени средства за таа намена.

- **Во однос на препораката кон точка 4.3.9**" Одговорното лице во МЕ да превземе активности за преиспитување на документацијата врз основа на која се евидентира нематеријалните средства со цел правилно утврдување на вредноста на истите, врз основа на попис "

**Забелешки:**
Не се прифаќа наодот за евиденцијата на издатоци во истражување и развој поради тоа што Евиденцијата на истите е по наод на Државната ревизија (прилог копие од ревизорските наоди) како капитални расходи, за геолошки истражувања, електрификација на неелектрифицирани села и консултански услуги во процесот на приватизацијата на АД ЕСМ .

Во 2003 година **по наод од Државната ревизија за 2002 година** на потставката 00120 – Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства сметководствено е евидентиран износ од **43.637.641,00 денари по основ на геолошки истражувања кои претставуваат капитални средства и тоа:**
10.426.000,00 денари од 2001 година,
18.562.000,00 денари од 2002 година и
14.649.625,00 денари во 2003 година.

Во 2004 година на потставкта 00120 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства за геолошки истражјвања во 2004 година евидентиран е износ од 1.424.000,00 денари.
На потставката 00120 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства **по наод на Државмата ревизија** евидентирани се **40.000.000,00 денари** за вложувања во електрификација на неелектрифицирани места во РМ кои се исплаќани на АД ЕСМ во пеириодот од 1999 до 2003 година и **10.000.000,00 денари** за електрификација на села за 2004 година или вкупно **50.000.000,00 денари.**
Во 2004 година на потставката 00150 – други издатоци во истраж.развој за проекти во 2003 година за извршени консултански услуги во процесот на реконструирање и приватизација на консултанската куќа Маинал Банка **по наод на Државната ревизија** евидентирани се **51.559.002,00 денари** и за 2004 година консултански услуги за реконструирање и приватизација на АД ЕСМ евидентирани се **6.747.980,00** денари или вкупно **58.306.982,00 денари.**

**Во 2005** година потставката 00120 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства евидентирани се
949.900,00 за проекти за геолошки истражувања во 2005 година и
10.000.000,00 денари за електрифицција на неелектифицирани села во 2005 година.
Потставката 00150 – други издатоци во истражувачкиот развој евидентирани се консултански услуги за приватизација на ЕСМ 45.694.385,00 денари за 2005 година.

**Во 2006** година потставката 00120 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства евидентирани се поделена и тоа:
00120 – 46.011.541,00 денари за геолошки истражувања и
00121 – 60.000.000,00 денари.
00120 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства евидентирани се геолошки истражувања за 2005 година 6.663.578,00 денари и геолошки истражувања за 2006 година 16.767.160,00 денари.
00121 – Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства за електрификација на неелектрифицирани села 10.000.000,00 денари.
00150 – Дриги издатоци во истраж.развој и Извори на Деловниот фонд за консултански услуги за приватизација на АД ЕСМ евидентирани се 16.976.326,00 денари.

**Во 2007** година на потставката 00121 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства за електрификација на неелектрифицирани села за 2007 година евидентирани се 30.351,000,00 деари.
На потставката 00120 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства за геолошки истражувања за 2007 ггодина евидентирани се 12.525.162,00 денари.

**Во 2008** година на потставката 00120 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства за геолошки истражувања за 2008 година евидентирани се 35.139.797,00 денари.
На 00121 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства за електрификација на неелектрифицирани села за 2008 година евидентирани ње 18.000.000,00 денари.

**Во 2009** година на потставката 00120 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства за геолошки истражувања за 2009 година евидентирани се 57.543.201,00 денари.
На потставката 00120 - Други вложувања и развој и Извоири на деловни средства за геолошки истражувања за 2010 година евидентирани се 2.184.503,00 денари.
**Доказ: Копии од наодите на Државната ревизија за воведување во евиденција и табеларен преглед по години.**
**Во 2010** година на потставката 00100 – техничко-технолошка документација и Извори на деловни средства за проектот Македонско село за 2010 година евидентирани се 4.047.730,00 денари(прилог документација) од прилжчини што не знаевме од каде ќе се реализира проектот.
По отпочнување да се реализира проектот Македонско село како обврска на Министерството за економија сите плаќања се евидентирани на 030 Инвестиција во тек.
Од причини што не е грешка ни тоаш ни сега е извршено прекнижување од потставката оо100 – техничко технолошка документација на 03010 – инвестиција во тек.
Доказ:Документација
Налог за книжење бр.600082

- **Во однос на препораката кон точка 4.3.10**" Од причина што се работи за побарувања од минати години за кои не се преземени соодветни мерки за наплата во изминатиот период, потребно е да се преиспита целокупната документација во смисла на потврда на ненаплативоста на истите, да се даде предлог за отпис ('сеуште стојат како редовни побарувања во деловните книги), со утврдување на причините за ваквата состојба и преземање на соодветни мерки против одговорните лица ".

**Забелешки:**
Констатацијата на ревизијата во целост не е точна, со оглед на тоа што уште при крајот на 2006 година, заради утврдување и надминување на состојбите а заради доследна примена на законските одредби, Министерот за економија, со Решение број 14-8797/1 од 12.12.2006 година, формира комисија која изврши попис на наведените побарувања, достави извештај за утврдените состојби. Со информацијата се опфатени побарувања кои се пренесени од поранешното Министерство за стопанство а кои според законската регулатива уште во моментот на превземањето биле застарени.
Врз основа на изготвената информација, направена е информација до Владата на Република Македонија, поради тоа што повеке од половината од наведените побарувања (55 милиони денари) се однесуваат на побарувања на средства кои се исплатени во рамките на програмата на Владата за преструктуирање на 25-те загубари од страна на Министерството за стопанство.

**4.Во однос на препораката кон точка 4.4.1**" Одговорното лице во МЕ да ја преиспита потребата од ангажирање на работници за вршење на привремени работи, а во случај на утврдување на потреба од евентуално ангажирање на одреден број на работници, истото да се врши согласно законските прописи "

**Забелешки:**
Согласно утврдената потреба за ангажирање на одреден број на работници , Министерството за економија за потребите на Кабинетот на министерот има ангажирано лица со договор на дело. Истите не можат да се реализираат преку Агенцијата за привремени вработувања, од причина што привремените вработувања во 2010 година се трансформираа во трајни вработувања, а со тоа престанува можноста за ангажирање на лица преку Агенции за привремени вработувања.
Лицата ангажирани со Договор на дело не можат да бидат вработени со постапка за нови вработувања од причина што има времена забрана за нови вработувања во државната администрација, согласно Извадокот од Нацрт-записникот од шеесет и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 21.04.2009 година, од тие причини, нивниот статус е регулиран со Договор на дело , и истиот не е спротивен на законските прописи.

- **Во однос на препораката кон точка 4.4.2**" МЕ да преземе активности за спроведување на електронската акуција, со оглед на тоа што почнувајќи од 01.01.2012 година, должност за спроведување на електронските аукции е 100% од бројот на објавени огласи за отворена постапка, ограничена постапка, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас и за постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас. "

**Забелешки:**
Во тековната 2012 година од 01.Јануари до денес согласно Законот за ЈН за сите јавни набавки со Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и отворени постапки, спроведена е електронска аукција односно 100% од бројот на објавени огласи.
А исто така спроведени се и (14 јавни набавки до 5000 евра) со постапка со барање за прибирање на понуди без огласување за кои до 01.07.2012 година не беше предвидено да се спроведува со електронска аукција.
Доказ: Евиденција на постапките за јавни набавки од Министерството за економија на електронскиот систем за ЈН во Бирото за јавни набавки

- **Забелешки по точка 4.4.3 од Нацрт Извештајот :**

Во врска со забелешките на Државниот завод за ревизија кон Комисијата за јавни набавки, при спроведување на Ограничена постапка за јавна набавка Изведба (градба) на комплексот Македонско село, Комисијата за јавни набавки го дава следниот одговорна дадените забелешки:

**Забелешка 1:** Кон првата точка од забелешките дека во првата фаза од ограничената постапка во која Комисијата врши оценување само на способноста на кандидатите, во делот на докажување на техничката/професионалната способност, економските оператори имале обврска доколку не се во можност истата сами да ја докажат, да достават валиден доказ/изјава дека друг субјект ќе му ги стави на располагање соодветните технички и професионални ресурси. Според наводите во забелешките, во Извештајот на Комисијата од спроведената постапка, избраниот понудувач во оваа фаза на постапката доставил изјави заверени од самиот себе, во кои е наведено дека машинските инженери, иако се вработени во друг субјект, истите му се отстапуваат, што не е во согласност со член 154 од ЗЈН.

- Комисијата за јавни набавки смета дека **ваквата забелешка е неоснована,** од причина што избраниот понудувач во оваа фаза од постапката има подршка за докажување на техничката или професионалната способност со доставени валидни докази согласно точката 2.5.4 од тендерската документација.

Дека постапката во целост е спроведена согласно одредбите од Закон за јавните набавки е и фактот што Комисијата согласно член 140 став (3) од истиот закон и точката 5.3 од тендерската документација, побара појаснување и дополнување на пријавата од избраниот понудувач, односно да достави М1 и М2 за врботените со Висока стручна спрема со работно искуство најмалку 5 години, согласно точка 2.5.1. потточка 2 од тендерската документација. Бараните податоци беа доставени во определениот рок, меѓу кои и обрасците М1 и М2 за машинските инженери, уредно потпишани и заверени, поради што Комисијата ценеше дека се исполнети условите од точката 2.5.4 од тендерската документација, бидејќи во првата фаза (претквалификација) на постапката покрај другата документација, понудувачот имаше доставено Изјава од одговорното лице-управител на фирмата која дава подршка со отстапување на машински инженери, односно Изјава дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари.

**Забелешка 2:** Комисијата за јавни набавки извршила евалуација на понудите, врз основа на критериумите за доделувањ е на догоовор за јавна набавка, цена (90 бода) и рок на изведба на работите (10) бода, и дава предлог за избор на најповолна понуда. Во понудата променет е рокот за изведба на работите без потпис и печат од лицето што ја извршило корекцијата. Ова е утврдено и со увид во динамичниот план, прилог кон понудата, во кој рокот е подолг од наведениот во понудата, поради што постои неусогласеност на податоците дадени во понудата, што не е во согласност со одредбите на Правилникот за содржината на тендерската документација.

- Комисијата за јавни набавки смета дека **ваквата забелешка е неоснована,** поради тоа што во Понудата на избраниот понудувач во делот на финансиската понуда била извршена корекција на рокот за изведување на работите, но до самата корекција има потпис и печат на одговорното лице, што значи дека корекцијата е извршена согласно Точка 3.7, потточка 3.7.2 од тендерската документација, и истата не е во спротивност со одредбите од Правилникот за содржината на тендерската документација.

Бидејќи рокот за изведување на работите е еден од критериумите за доделување на договорот за јавната набавка, истиот беше прочитан на јавното отварање на пристигнатите понуди, на кое присуствуваа и претставници на понудувачите, сите елементи од понудата што се читаат на јавното отварање меѓу кои и рокот за изведување на работите, се внесени во Табела и Извештај, кои се составен дел на документацијата од постапката, а од присутните преставници на јавното отварање немаше забелешки ниту приговори на постапката, што е доказ дека нема Жалби за извршениот избор, а Комисијата целата постапка ја спровела согласно Законот и тендерската документација.

**Забелешка 3:** Комисијата за јавни набавки, пред да пристапи кон вршење на евалуација на понудите, нема (извршена посебна проверка/анализа на начинот на пополнување на предмер-пресметката), прилог кон понудата на избраниот понудувач, при што се утврдени одредени неправилности.

- Во врска со оваа забелешка, Комисијата за јавни набавки укажува на следното: Бидејќи во составот на Комисијата немаше стручно лице од областа на градежништвото, кое би можело истата да ја разгледа и со тоа проверките да ги изврши стручно и компетентно, заради запазување на роковите дадени за завршување на предметната набавка, Изведба (градба) на комплексот Македонско село кој е проект на Владата на Република Македонија, Комисијата продолжи со својата работа.

**Врз основа на напред изнесеното, Комисијата за јавни набавки постапката ја спроведе согласно Закон за Јавните набавки, при тоа обезбедена е фер конкуренција, бидејќи јавниот повик беше меѓународен (пријавени 9 понудувачи во прва фаза, од кои 5 доставија финасиски понуди во втора фаза), од сите пријавени кандидати во прва фаза, беа побарани дополнителни докази и појаснувања согласно законот, што значи дека имаше фер конкуренција, еднаков третман кон понудувачите, а како меѓународен оглас истиот беше објавен во домашни и во странски гласила.**
**Како доказ дека целата постапка е спроведена согласно закон, е и податокот дека од страна на понудувачите немаше Жалби.**

- **Забелешки по точка 4.4.4 од Нацрт Извештајот :**

Врз основа на членот 30 став 2 од Законот за државна ревизија, а во врска со точката 4.4.4 од Нацрт-извештајот на Државниот завод за ревизија, која се однесува на спроведувањето на отворената постапка за набавка на 50 книги од реномирани странски автори, во областа на економијата, на македонски и албански јазик, во тираж од 1000 примероци по книга, делива по наслови, Министерството за економија ги дава следниве забелешки:

-Забелешката на ревизорот *дека при спроведување на евалуацијата Комисијата го имала во предвид само едниот критериум за доделување на договорите за јавна набавка, цената, а истовремено го користела заедно со дополнителниот критериум за утврдување на техничката/професионалната способност (минимален услов за утврдување на економската и финансиската состојба од 3.000.000 денари годишен обрт во последните три години за секој наслов од набавката одделно)* Е НЕОСНОВАНА И КОНТРАДИКТОРНА со наредната забелешката на ревизорот од алинеа 2, според која "*имајќи ги во предвид роковите на изработка пооделно за секој наслов на книга, од вкупно 43 наслови на книги, 17 наслови на книги не се изработени во понудениот рок на изработка, односно задоцнувањето се движи од 1 до 6 месеци по истекот на понудениот рок за изработка за различни наслови на книги одделно*".
При спроведување на евалуацијата, Комисијата строго одлучуваше по критериумите за избор а тоа е најниска цена и најкраток рок, НО се до моментот на исполнување на условот поставен во тендерската документација (како критериум за утврдување на способност) а тоа е еден економски оператор кога ќе го исполни условот од 3.000.000 денари годишен обрт во последните три години, за секој наслов од набавката одделно е избран за потребниот број книги и истиот неможе да учествува во постапката и во тој случај се зема второрангираниот, а кој сеуште го нема исполнето дополнителниот услов и се така додека не се доделат сите наслови.

Комисијата при работењето направи повеќе ранг листи, со цел најтранспарентно одлучување за избор на најповолен понудувач, вкрстувајќи ги сите потребни критериуми вклучително водејќи сметка и за условот објавен во тендерската документација: 3.000.000 денари годишен обрт во последните три години за секој наслов од набавката одделно. Комисијата единствено можеше да одлучува според валидните критериуми најниска цена и рок на испорака и тоа и го направи доказ: Ранг листа бр 5. Но, во исто време Комисијата мораше да води сметка за додатниот услов кој претходно беше определен во самата тендерската документација од Работно тело, посебно формирано при Владата на Република Македонија, и кој не дозволува по исполнување на годишниот обрт за секој наслов одделно, иако некој од понудувачите остварил поголем број бодови и по двата критериуми, да неможе да учествува понатаму во изборот. За овој факт сите економски понудувачи беа навремено запознаени со тендерската документација и никој немаше доставено забелешка.

Значи како резиме на претходното: однапред беа познати сите услови под кои понудувачите имаат право да учествуваат на објавениот тендер, како и критериумите врз основа на кои ќе бидат избрани. Не се работи за нетранспарентен избор, туку почитување на однапред поставени правила.

На овој начин, постапката за доделување на договорите за јавна набавка според отворениот повик бр.1-ОП-2009 Е спроведена во согласност со членот 162 од Законот за јавни набавки, според кој договорниот орган ја избира најповолната понуда врз основа на критериумот за доделување на договорот утврден во огласот за доделување на договорот за јавна набавка и тендерската документација, **АКО понудувачот чија понуда е најповолна ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способност.**

-Забелешката на ДЗР дека *"информациите за спроведување на постапката во тендерската документација не биле точни, прецизни и јасни за економските оператори, со што договорниот орган постапил спротивно на членот 32 од Законот за јавни набавки"* е неоснована и паушално наведена, без конкретно да биде аргументирана.

При изработката на Тендерската документација, во целост се почитувани правилата за изработка на тендерска документација, утврдени во членот 32 од Законот за јавни набавки, бидејќи во истата точно, јасно и прецизно се наведени сите барања, услови и критериуми во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договорот за јавна набавка.

За оваа цел, Министерството за економија во фазата адаптирање на тендерската документација, која што како модел е доставена до Министерството за економија од страна на Владата на Република Македонија (во прилог: електронски допис со датум 8.04.2008 година испратен од координаторот на Работното тело при Владата на РМ, до претставниците од задолжените министерства, со прилог тендерска документација од Генерален секретаријат при Влада на РМ по Отворена постапка бр.01/2008) во неколку наврати дополнително го има консултирано Бирото за јавни набавки, кое воедно и активно учествуваше во Работното тело при Владата на РМ.

Како појаснување на горенаведеното, ве информираме дека моделот на тендерската документација за реализација на владиниот проект "Превод и печатење на 500 стручни и научни книги од реномирани странски автори" е подготвен од страна на Работно тело при Владата на Република Македонија, формирано со цел координирање и следење на активностите од овој проект. (Во прилог: Извадок бр.19-17/97 од 10.10.2007 година од Нацрт-записник од 97-ма седница на Влада на РМ, Извадок бр.19-17/136 од 11.03.2008 од Нацрт-записник од 136-та седница на Влада на РМ, Извадок бр.19-1734/1 од 20.03.2008 од Нацрт-записник од 138-ма седница на Влада на РМ и Извадок бр.19-1734/1 од 23.03.2008 од Нацрт-записник од 139-та седница на Влада на РМ).

За времетраењето на Огласот за доделување на договорот за јавна набавка, до Министерството за економија не е поднесен ниту еден приговор од страна на економските оператори, во однос на содржината на тендерската документација, а воедно не е поднесена ниту една жалба до по Одлуката за избор на најповолна понуда.

-Забелешката на ДЗР од алинеја 3 дека *„за 5 наслови на книги, гаранциите се со рок на важност пократок од времетраењето на склучените договори, односно со закаснување од 21 ден за 4 наслови и 2 месеци за еден наслов.", ви се дава следниов одговор*

Забелешка 1: Наведената непокриеност на испораката по договорите со гаранции, се однесува за 5 наслови книги, кои се превземаа од економскиот оператор „Дата Понс" Скопје. На ревизијата и беа презентирани Испратници од економскиот оператор, на кои се гледа дека првично 5-те наслови-книги беа превземени од представниците на Министерството за економија од економскиот оператор Дата Понс Скопје на 25.12.2009 година, а на вторите испратници стои дека испратниците кои се со датум 21.01.2010 година, имаат врска со испратниците под даден број од

25.12.2009 година. Исто така беше укажано дека ваквата ситуација настана бидејки од страна на одговорните во магацините на Просветно дело ни беше кажано дека, бидејки се работи за период околу Нова година, нема простор да се примат наведените 5 наслови книги (5 наслови по 1000 примероци). Бевме замолени истите да ги примиме во соодветен простор а потоа по ослободување на простор во магацините на Просветно дело, истите ке бидат примени од нивна страна, поради што и се јавуваат 2 испратници. Примопредавањето на книгите реално е направено на 25.12. 2009 година, а потоа е направено само преместување на истите од еден во друг магацин. Анекс гаранциите за овие наслови книги се со важност до 31.12.2009 година. Покрај ова беше укажано дека за ова примопредавање постои и записник со кој се потврдуваат горенаведените работи, бидејки ниту економскиот оператор во чии простории стоеја книгите, неможеше да ги има истите без документ, а особено бидејки се работи за крај на година, кога се прават завршни сметки и усогласување на евиденциите.

Прилог:

- Записник, помеѓу Дата Понс и МЕ,
- Анекс гаранции,
- испратници (по 2 за секој од 5-те наслови- книги.

-Забелешка 2: Во делот на забелешката дека одредени книги не се изработени во наведениот рок односно дека задоцнувањето се движи од 1 до 6 месеци, се укажува на фактот дека задоцнувањето од 6 месеци, се однесува само на една книга а реално задоцнувањето е од 98 дена. Ова произлезе од фактот дека за наведената книга и покрај постојаните усилби за обезбедување на авторско право, од страна на економскиот оператор, со задоцнување авторите на овој наслов се согласија да го отстапат истото. Поради исполнување на целите на Договорот, од проектот на Владата, дојде до задоцнување на испораката. Задоцнувањето на испораката на другите наслови книги за околу 1 месец, се од објективни причини, а заради реализација на проектот, беа прифатени овие незначителни задоцнувања.Треба да се напомене дека 7 наслови книги беа испорачани 2 до 6 месеци пред предвидениот рок.

-Забелешка 3: Во однос на забелешката дека гаранциите за квлитетно извршување на Договорите за јавни набавки, се обезбедени со задоцнување од еден месец од потпишување на договорите, се укажува на фактот дека за да се обезбеди гаранција од соодветна банка, потребно е економскиот оператор да приложи потпишан договор, бидејки истиот се внесува како податок во гаранцијата која треба да се издаде. Од тие причини се прифатени гаранциите со наведеното задоцнување. Од вкупно 43 наслови –книги, за 6 (шест) од нив гаранциите иако се издадени со еден месец задоцнување, го покриваат периодот од потпишувањето на договор, што е наведено во самата гаранција. (точка 3 од гаранциите издадени од Тутунска банка, за економскиот оператор Издавачки центар Три.)

- **Во однос на препораката кон точка 4.4.5** " МЕ да превземе мерки и активности и тоа: тендерските документации, со прилог спецификации, да се изработуваат на начин што ќе му се овозможат на економските оператори целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапките за доделување на договорите;КЈН, пред да пристапи кон евалуација на понудите, да извршат проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачите, утврдена во тендерската документација;евалуацијата на понудите да се врши согласно критериумите за доделување на договорите, на начин претходно дефиниран и објаснет во тендерските документации."

**Забелешки:**

Врз основа на заклучок од Владата на РМ од од дваесет и шестата седница одржана на 04.11. 2008 година, МЕ беше задолжено во соработка со АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО да ги продолжи активностиоте во врска со спроведување на кампања за штедење на електрична енергија. Врз основа на овој заклучок, а со цел за реализација на кампањата е склучен Договор за извршување на групна набавка за спроведување на Кампања за штедење на енергија помеѓу МЕ, АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО. Со договорот МЕ ја презема обврската за спроведување на постапката за

јавна набавка, при што во Комисијата ќе учествуваат преставници од сите три институции. Согласно член 7 од овој договор, договорните страни се обврзуваат навремено и квалитетно да ги извршуваат обврските преземени со овој договор.

На 19.03. 2010 година е скучен Договорот за јавна набавка за спроведување на кампања за штедење на електрична енергија со избраниот економски оператор.
На 20.04. 2010 година од страна на директорот на сектор за комерцијални работи на АД ЕЛЕМ е добиен допис со кој го информираат МЕ дека нема да може да вршат исплата на избраниот понудувач со кој МЕ има склучено договор , поради тоа што АД ЕЛЕМ нема склучено договор со избраниот економски оператор.

МЕ на 27.04. 2010 година со допис до АД ЕЛЕМ, по повод нивното писмо, укажува дека АД ЕЛЕМ има обврска да го спроведе предметниот Договор за јавна набавка, а неспроведувањето на обврските од договорот претставува одговорност на АД ЕЛЕМ согласно Договорот за извршување на групна набавка за спроведување на Кампања за штедење на енергија.

Од претходното произлегува дека периодот за реализација на кампањата како што е утврден со тендерската документација и со понудата на економскиот оператор е прекинат од страна на АД ЕЛЕМ како договорна страна од Договорот за извршување на групна набавка за спроведување на Кампања за штедење на енергија.

Номинации на лица за следење на Договорот за јавна набака се доставени од АД ЕЛЕМ на 07.04. 2010 година и АД МЕПСО на 09. 04. 2010 година.

По прекинот од пет месеци работната група за следење на активностите за спроведување на кампањата согласно обврските од договорот за јавна набавка на состанокот одржан на 01. 10. 2010 година ги одобри материјалите потребни за реализација на кампањата, за што беше известен и економскиот оператор на 05. 10 2010 година.

*Имајќи го предвид горе наведеното произлегува дека не постои законски основ за активирање на гаранцијата за квалитено извршување на Договорот бидејќи ненавременото реализирање на кампањата не е по вина на економскиот оператор.*

*По однос на договорна казна во висина од 15 промили дневно, од вкупната вредност на договорот, во член 10 од Договорот за јавна набавка е утврдено дека обврската за плаќање на договорната казна настапува во моментот на неисполнување на договорениот рок, односно со неизвршување на работите утврдени со овој договор. Со оглед на тоа што во конкретниот случај е настанат прекин во реализацијата на договорот за јавна набавка, заради кој економскиот оператор бил спречен да продолжи со спроведување на активностите за реализација на кампањата ( не му се одобрени материјалите), сметаме дека не постои основ за наплаќање на договорната казна.*

*Во однос на препораките укажуваме дека една од препораките би можела да се однесува и на случаите кога станува збор за договор за групна набавка, договорните органи да се придржуваат кон преземените обврски со договорот.*

*Во однос на наводите наведени во втората алинеја кои се однесуваат дека непокриеност на активностите од кампањата со гаранција за квалитетно извршување укажуваме на следното:*
- *по однос на прекинот на периодот на покриеност со ганација за квалитет од 23.06.2010 година до 01.11.2010 укажуваме дека заради горе наведените причини, во ово9ј период не се реализирале активностите од кампањата, и*
- *по однос на периодот од 15.03.2011 година 30.05.2011 година за кој не е доставена гаранција за квалитетно извршување, укажуваме дека во овој период се спровеле активности во 30 основните училишта кои Министерството за образование ги подржа и даде согласност за спроведување на истите.*

**5.Забелешки по точката 7.1 за Проектот „Сончеви загревачи на вода"**
Основната цел на Спогодбата за финансиска поддршка меѓу Министерството за економија и Амбасадата на Република Австрија во Скопје, склучена на 29.11.2005 година и Работниот договор меѓу Министерството за економија и австриската консултантска асоцијација АЕЕ ИНТЕК (AEE INTEC), склучен на 05.12.2005 година за реализација на проектот „Соларни загревачи на вода", е значително подобрување на административните и технички услови за унапредување на користењето на соларната енергија во Република Македонија,

Владата на Република Македонија на 63-та седница одржана на 21.04.2009 година донесе Одлука за престанок и давање на времено користење на движни ствари - опрема од соларна тест лабараторија од Министерството за економија на Управата за хидрометролошки работи.

Согласно Предметната одлука, Министерството за економија и Управата за хидрометролошки работи во јуни 2009 година потпишаа Договор за користење на соларна тест лабараторија за 20 години. Согласно предметниот Договор, корисникот на опремата за обврзува да обезбеди локација за поставување на соларната тест лабараторија и потребна инфраструктура за непречено функционирање на истат. Исто така корисникот се обврзува да се грижи за управувањето и одржувањето на соларната тест лабараторија.

*Земајќи ги во предвид одредбите од предметниот договор, Управата за хидрометролошки работи како корисник на опремата треба да се грижи за непречното функционирање на соларната тест лабараторија, и истата во зависност од проблемите на кои наидува да предлага соодветни мерки и активности до Владата на Република Македонија. Согласно наведеното, а во правец на функционирање на истата, Управата за хидрометролошки работи изготви и до Владата на Република Македонија достави Информацција за состојбата на сончевате тест лабараторија со предлог заклучок да се изготви Студија со можни предлог решенија или модели за натамошно работење на сончевата тест лабараторија. Министерството за економија со допис бр. 12-795/3 од 16.03.2012 година даде подршка со укажување дека е потребно Студијата да содржи и компаративен преглед на законска рамка во земји од регионот и ЕУ со кој се регулира тестирањето на сончеви колектори со предлог на соодветно законско решение за Република Македонија. Согласно заклучокот од 51-та седница на Владата одржана на 20.03.2012 година, Управат за хидрометролошки работи е задолжена да ја изготви Студијата. Согласно информациите од Управата предметната Студија е изготвена и истата ќе се достави до Владата на Република Макеоднија, по што ќе следат соодветни активности во правец на функционорање на истата.*

**6. Забелешки по точката 7.2 за Одобрени комисиони кредити од средства обезбедени од државата преку кредитните линии ЕБОР, Гасификација и СИЗ за енергетика**

За реализација на мерки за енергетска активност и користење на природниот гас во енергетската потрошувачка обезбедени се три кредитни линии и тоа:

***<u>1.Кредитна линија ЕБОР</u>***
За Изградбата на 400 КВ далекувод "Битола – Скопје" ЕБОР доделила кредит во износ од 46,5 милиони ДЕМ (германски марки) на ЈП "Електростопанство на Македонија", за што гаранција дала Владата на Република Македонија (Закон за ратификација на Договорот за гаранција меѓу Република Македонија и ЕБОР за кредит, "Службен весник на Република Македонија" бр.48/94).
Во рамките на овие средствата ЕБОР доделило 8 милиони ДЕМ на Министерство за стопанство за суфинансирање на реализација на проекти за енергетска ефикасност, за што Министерство за стопанство склучило Меѓусебен договор за заем со ЈП ЕСМ бр. 13-3057 од 8.03.1995 година. Истите средства Министерството за стопанство по пат на конкурс ги доделило во вид на кредит на 26 стопански субјекти од

Републиката за што склучило и поединечни договори за кредит со овие стопански субјекти.

Во месец мај 1997 година бил потпишан Анекс бр. 13-2783 од 28.05.1997 кон Меѓусебниот договор меѓу ЈП "Електростопанство на Македонија" и Министерството за стопанство и Договор за подзаем помеѓу Министерство за стопнаство и ЈП ГАМА бр.13-2786 од 28.05.1997 година со што биле обезбедени уште 1 милион ДЕМ, кои биле наменети за ЈП "ГАМА" – Скопје.

Со средствата од 9 милиони ДЕМ (4,7 милиони ЕУР) се финансирани вкупно 28 проекти. По оваа кредитна линија целосно е исплатен долгот по 18 договори, а неисплатениот долг од преостанатаите 10 договори изнесува 1.892.155,87 евра.

Вкупниот долг на комитентите по оваа кредитна линија содржан во прегледот на побарувања со состојба 31.12.2011 година од Стопанска банка не е ажуриран и истиот треба да биде намален за следните долгови:

- АД ОХИС го има намирено вкупниот долг од 405.190,72 евра спрема Министерството за економија со претварање на побарувањето во траен влог на Република Македонија според донесениот Закон за претварање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во четири друштва меѓу кои и АД ОХИС (Сл. Весник на РМ бр.159/08).
- ЈП ГАМА го има намирено вкупниот долг од 504.890,14 евра спрема Министерството за економија согласно членот 4 став 2 од Одлуката за организирање на ЈП ГА-МА во АД ГАМА Скопје (Сл.весник на РМ бр. 77/2006), каде стои дека долгувањето кои ЈП ГА-МА ги има до денот на донесување на оваа Одлука ги презема Владата на Република Македонија.
- КК "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" АД -СКОПЈЕ го има намирено вкупниот долг од 108.284,67 евра спрема Министерството за економија. Со Решение на Основниот суд во Струга И. Бр. 163/02 на доверителот Република Македонија е досудена недвижноста означена туристички апартмани (над кои со Решение за обезбедување Р.бр.136/96 МЕ има воспоставена хипотека) по цена од 8.480. 918 денари. Министерството за еконимија спроведе постапка за запишување на недвижноста 14 хотелски апартмани во хотел Еуротел во Струга со што е запишано правото на сопственост на Република Македонија во имотниот лист. За ова Министерството за еконимија до крајот на јули 2012 година ќе ја информира Владата на Република Македонија.

За сите 10 комитенти кои не ги подмириле обврските има склучени спогодби за судско порамнување со засновање на заложно право на недвижен имот и со истите како извршни исправи може да се отпочне со постапка за извршување.

***2. Кредитна линија Гасификација***

Средствата за оваа кредитна линија во износ од 41.326.000,00 денари се обезбедни од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за финансии.

Сервисирањето на оваа кредитна линија го врши Стопанска банка, согласно Договорот за вршење на банкарски услуги бр. 10-4038 од 23.10.1995 година склучен со Министерството за финасии. Стопанска банка од 23.11.1995 година до 8.12.1995 година потпишала Договори за инвестиционен кредит со 7 приоритетни претпријатија во име на Република Македонија за набавка на опрема за адаптација на постројките за користење на природен гас. Согласно член III од Договорот за вршење на бакарски услуги Министерството за стопанство дало Согласност бр. 13-12810 од 8.12.1995 година до Стопанска банка АД Скопје на поднесена исплатна документација за набавка на опрема за реализација на проекти за гасификација на 7-те приоритетни претпријатија.

По оваа кредитна линија целосно исплатен е долгот од 4 компании а неисплатениот долг од преостанатите 3 компании изнесува 311.798,76 евра.

Вкупниот долг на комининтентите по оваа кредитна линија содржан во прегледот на побарувања со состојба 31.12.2011 година од Стопанска банка не е ажуриран и истиот треба да биде намален за долгот на АД ОХИС во износ од 1.015.702,37 евра кој е претворен во траен долг на Република Македонија според донесениот Закон за претварање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во четири друштва меѓу кои и АД ОХИС (Сл. Весник на РМ бр.159/08).

Согласно потпишаниот Договор за вршење на бакарски услуги за оваа кредитна линија Стопанска банка се обврзала меѓу другото да обезбеди инструменти за обезбедување на обврските по кредитите вклучувајќи и воспоставување на заложно право на имотот на корисникот.

Провизијата за Стопанска банка по оваа кредитна линија е целосна наплатена од страна на Стопанска банка.

***3. Кредитна линија СИЗ за Енергетика***

Согласно член 76 од Законот за енергетика на Македонија (Службен весник на СРМ бр.41/87) Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донел Програма за штедење, супституција и рационално користење на сите видови енергија до 2000-та година која била објавена во Сл.весник бр.4/88).

Согласно член III од предметната Програма,средствата за реализација на истата се обезбедуваат од следните извори:

1. Дел од средствата што се издвојуваат од основниот данок на промет на нафтени деривати на Републиката,
2. 50% од вкупниот прилив на средстбта што се издвојуваат за развој на рудниците за јаглен,
3. 3% од вкупниот прилив на средства што се издвојуваат за изградба на електроенергетски објекти на СР Македонија,и
4. 0,5 % од доходот на општественото стопанство.

Од вкупните средства околу 60% се обезбедуваат од доходот на општественото стопанство. Средствата предвидени во оваа Програма ќе се уплатуваат на посебна сметка на СИЗ-от за енергетика на Македонија во Стопанска банка- Здружена банка- Скопје.

СИЗ-от преку координнационо тело од стручни лица ја дефинира приоритетната листа на проекти кои нудат најповолни енергетски и економски карактеристрики од пријавените на Конкурсот. Реализацијата на утврдените проекти ја остварува Стопанска банка-Здружена банка-Скопје во согласност со важечките законски нормативи и прописи.

Сервисирањето на оваа кредитна линија го врши Стопанска банка – Здружена банка- Скопје (сегашна Стопанска банка АД Скопје) во свое име, а за сметка на Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија, согласно Договорот за комисионен однос бр.187 од 20.06.1988 година склучен помеѓу Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија и Стопанска банка – Здружена банка- Скопје.

Согласно член 5 од потпишанот Договор за комисионен однос "Банката во свое име, а за сметка на СИЗ-от за енергетика ќе ги врши сите финансиски и банкарско-технички работи во врска со евидентирањето на приливот на средствата, користењето и наплатата на средствата од крајните корисници".

Врз основа на наведениот договор Стопанска банка од 25.08.1989 година до 25.02.1994 година потпишала 75 договори за инвестиционен кредит со 47 претпријатија за реализација на проекти за енергетска ефикасност во вкупен износ од 13.998.188,50 денари .

По оваа кредитна линија целосно е исплатен долгот од 9 компании со вкупно 12 договори. Од овие 9 претпријатија, 7 претпријатија го измириле долгот во вкупен износ од 5.601.035,00 денари врз основа на Закон за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби (Сл.весник на РМ бр.2/95) во претварање во влог на Република Македонија.

Согласно прегледот на побарувања од Стопанска банка неисплетениот долг на преостанатите 38 претпријатија изнесува 143.038.484,50 денари со следната структура: главен долг во износ од 28.345.738,50 денари или 19,82 %, редовна камата во износ од 5.189.500,00 денари или 3,63% и затезна камата во износ од 109.501.996,00 денари или 76,55 %.

Провизијата за Стопанска банка по оваа кредитна линија е целосна наплатена од страна на Стопанска банка. За кредитната линија СИЗ биле предвидени инструменти за присилна наплата на долгот – акцептни налози и меници, а не биле предвидени обезбедување на побарување со (хипотеки) заложно право. Согласно податоците со кои располага Министерството за економија, Стопанска банка навреме поднела тужба за Видеоинжинеринг од Охрид и Декон Гостивар и по тужбата за Видеоинжинеринг од Охрид е добиена правосилна пресуда.

*Во врска со следењето на реализација на овие кредитни линии Министерството за економија- Сектор за енергетика правел анализи и одржувал работни состаноци со претставници од Министерството за финасии, Стопанска банка и претпријатијата должници.*

*Согласно потпишаните Договори за вршење на банкарските работи со Стопанска банка, Стопанска банка има обврска да ги користи сите мерки за наплата и да се грижи за наплатата на кредитите од кредитокорисниците.*

*Последната анализа која е направена во мај 2011 година врз основа на Решение бр. 12-7164/1 од 5.10.2012 година за формирање на Комисија за анализа на состојбата по договорите за заем и комисиони кредити по кредитните линии ЕБОР, Гасификација и СИЗ содржи генерални и конкретни констатации како и предлог мерки.*

*Наредниот перипод оваа анализа ќе се ажурира со најнови податоци и врз основа на истата ќе се изготви Информација до Владата на Република Македонијасо цел за утврдување на натамошни мерки кои треба да се превземат за наплата на ненаплатените побарувања со вклучување на повеќе субјекти кај кои во рамките на нивната надлежност е и реализацијата на утврдените мерки.*

Прилог :

- Договор за вршење на банкарски услуги скучен помеѓу Министерство за стопанство финансии и Стопанска банка АД Скопје
- Договор за вршење на банкарски услуги скучен помеѓу Министерство за финансии и Стопанска банка АД Скопје
- Договор за комисионен однос склучен помеѓу Самоуправна интересна заедница на енергетика и Стопанска банка АД Скопје

**7. Забелешки по точка 4.1 и 4.2 од Нацрт Извештајот од сметката -631**
Од Министерство за финансии побарано е мислење и добиено е известување дека приходите за подигање на тендерска документација се уплатуваат на сметката 631 . Доказ Известување од Министерство за Финансии.

**8. Забелешки по точка 4.2.2. од Нацрт Извештајот од сметката -631**
Секторот за минерални суровини по основ на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударски проекти за извршените стручни оцени (ревизија) од страна на комисии формирани со решенија од министерот за економија, достави решенија и за истите подготвени се плаќања и иницирани во Трезорската канцеларија. Доказ : налози за плаќање потврдени од Трезорска канцеларија.

**Со почит,**

**МИНИСТЕР,**
**Valon Saraqini**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

Изработил: Теута Незири
Контролирал: Славица Синџировска
Одобрил: Анче Трифунов

ДРЖАВЕН ... РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 26.07.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 17 | 122/7 | | |

До: Државен завод за ревизија, Република Македонија
**М-р Тања Таневска, Главен државен ревизор**

**Предмет:** Забелешки по нацрт Ревизорските извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за економија за 2011 година

Почитувана г-ѓа Таневска,

По добивањето на нацрт Ревизорските извештаи за финансиските извештаи (во натамошниот текст: Ревизорски извештај) на министерството за економија за 2011 година за сметка на основен буџет 637 и 631, а врз основа на членот 30 став 2 од Законот за државна ревизија, Ви ги доставувам забелешките по истите, и тоа:

(1) Забелешки во однос на Ревизорскиот извештај за сметка на основен буџет 637

(2) Забелешки во однос на Ревизорскиот извештај за сметка на основен буџет 631

(3) Прилози:

- Прилог 1: Точка 4.3.3
  - Прилог 1.1: Упатство за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет
  - Прилог 1.2: Соопштение за туризам (Декември 2010, Декември 2011 и Мај 2012), Државен завод за статистика
- Прилог 2: Точките 4.3.5 и 4.4.3; Резиме и Вкупни ефекти од наодите
  - Прилог 2.1: Одлука за јавна набавка – Изведба (изградба) на комплексот „Македонско село„
  - Прилог 2.2: Тендерска документација – Прва фаза од ограничената постапка
  - Прилог 2.3: Барање на дополнителна документација до сите економски оператори кои се пријавиле имало потреба од дополнување на документацијата
  - Прилог 2.4: Дополнителна документација доставена од економскиот оператор (која по втората фаза е избран за најповолен понудувач)
  - Прилог 2.5: Записник од отворањето на понудите во првата фаза од ограничената постапка
  - Прилог 2.6: Извештај од Комисијата за јавни набавки за спроведена постапка – прва фаза
  - Прилог 2.7: Одлука за квалификација на понудувачи
  - Прилог 2.8: Тендерска документација – Втора фаза од ограничената постапка
  - Прилог 2.9: Понуда на најповолниот понудувач
  - Прилог 2.10: Записник од отворањето на понудите во втората фаза од ограничената постапка
  - Прилог 2.11: Извештај од Комисијата за јавни набавки за спроведена постапка – втора фаза
  - Прилог 2.12: Одлука за избор на најповолна понуда
  - Прилог 2.13: Известување за избор на најповолен понудувач
- Прилог 3: Точка 4.4.4
  - Прилог 3.1: Извадок од записниците на Владата во врска со заклучоците на Владата
  - Прилог 3.2: Тендерска документација подготвена од Работното тело на Владата
  - Прилог 3.3: Извештај од Комисијата за јавни набавки за спроведена постапка
  - Прилог 3.4: Одлука за избор на најповолна понуда
  - Прилог 3.5: Анекс гаранции од економскиот оператор „Дата Понс„
  - Прилог 3.6: Записник за примопредавање на 5 книги од економскиот оператор „Дата Понс„
  - Прилог 3.7: Анекс гаранции од економскиот оператор „Издавачки центар Три„

Се надевам горенаведените забелешки ќе ги земете во предвид!
Однапред благодарам!

Со почит,

**Д-р Фатмир Бесими**
Одговорно лице за периодот на предмет на ревизија (01.01.2011-27.07.2011)
Скопје, 26.07.2012

**[1] Забелешки во однос на Ревизорскиот извештај за <u>сметката на основен буџет 637</u>:**

**ТОЧКА 4.3.3**

Во точката 4.3.3 изнесени се одредени состојби кои пред сé се од формален карактер, и истите не влијаат на суштината и целта на субвенционирањето на странските и домашните фирми – туроператори и не се во спротивност со Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет (Прилог 1.1) и Законот за општа управна постапка (членовите 1, 2, 3, 20, 65 и 130) според кои работи Комисијата за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет.

Во наведените констатации во Ревизорскиот извештај не се преземени активности да се изнесат ефектите од наведените субвенции, односно повеќекратно зголемување на бројот на туристи во Република Македонија, како и зголемувањето на економските придобивки во областа на туризмот (зголемени девизни приливи, зголемен број на вработени и зголемен промет а со тоа и даночни приливи за буџетот на Република Македонија) и промоција на Република Македонија. Односно според податоците од Државниот завод за статистика бројот на странските туристи и ноќевања на странските туристи во 2011 година споредено со 2010 година е зголемен за 25,1% и 35,1% соодветно, додека во истиот период за бројот на домашни туристи и ноќевањата на домашните туристи се намалени за 1,4% и 3% соодветно (Прилог 1.2). Ефектот на субвенциите врз приливот на странските туристи може да се види и ако се споредуваат движењата за 2010 година споредено со 2009 година, период пред воведување на субвенциите за странскиот организиран туристички промет, кога бројот на ноќевања на странски туристи се намалува повеќе спордбено со домашните туристи, односно 4,2% и 3,7% (Прилог 1.2). Потврда на позитивниот тренд на субвенциите се и податоците се и движењата заклучно со мај 2012 година, односно бројот на странските туристи и ноќевања на странските туристи во јануари-мај 2012 година споредено со истиот период 2011 година е зголемен за 8,6% и 6,2% соодветно, додека во истиот период за бројот на домашни туристи е зголемен за 1,7% додека бројот на ноќевањата на домашните туристи се намали 0,9% (Прилог 1.2).

Од горенаведените може да се заклучи дека во периодот по воведување на субвенциите за организиран странски туристички промет приливот на странски туристи во Република Македонија бележи раст и тој раст е поголем во споредба со домашните туристи. Селдствено, може да констатираме дека забелешките кои се од процедурален и формален карактер не влијаеле на резултатите за кои се наменети овие субвенции, според тоа сметаме дека <u>нереална</u> е констатацијата дека Министерството за економија како буџетски корисник не постапило согласно одредбите во член 37-в од Законот за буџетите, што доведува до ненаменски потрошени буџетски средства.

**ТОЧКИТЕ 4.3.5 И 4.4.3; РЕЗИМЕ И ВКУПНИ ЕФЕКТИ ОД НАОДИТЕ**

**Забелешка 1:** Во Резимето, на страна 2, како и во делот на „Вкупните ефекти од наодите„, на страна 34 во делот на изнесените констатации за проектот „Македонско село„ се констатира пред се во делот на рокот на завршување на наведниот проект, како и дополнителните средства и количини без притоа да се даде соодветна аргументација, во фаза кога проектот се уште е во тек според роковите предвидени во договорот, додека утврдените неправилности се од формален карактер при што нема да влијаат на крајната цел утврдена со наведениот проект. Исто така, во алинеа 5 од точката 4.3.5 и 4.4.3 изнесени се констатации со кои се оспорува проектната документација укажувајќи дека ова упатува на изработен проект кој не е соодветен и не ги задоволува целосно потребните позиции по вид и количина за работа на проектот, при што во Извештајот има проценка за квалитетот на проектната документација од една страна, а од друга

страна во праксата ниту во еден случај не постои проектна документација што во првиот момент би можела да ги опфати целокупните активности па следствено на тоа и во Законот за јавните набавки и Законот за облигациони односи се поместени одредби кои ги уредуваат дополнителните работи. Поради претходно наведеното сметаме дека нереално се изнесуваат констатации за зголемување на висината на потребните средства бидејќи сеуште активностите на наведениот проект се изведуваат, а воедно поради природата на активностите (градежни активности) постојат услови за појава на дополнителни работи кои се предвидени за овој вид на градба (односно вишоци и кусоци). Во исто време, цениме за потребно да истакнеме дека овој вид на градба изградба на комплексот Македонско село за прв пат се појавува во Министерството за економија, а воедно и во Република Македонија, па оттаму не можат со голема прецизност да се предвидат сите активности.

**Забелешка 2:** Забелешка кон алинеа 1 од точка 4.4.3 дека во првата фаза од ограничената постапка во која Комисијата врши оценување само на способноста на кандидатите, во делот на докажување на техничката/професионалната способност, економските оператори имале обврска доколку не се во можност истата сами да ја докажат, да доставaт валиден доказ/изјава дека друг субјект ќе му ги стави на располагање соодветните технички и професионални ресурси. Според наодите во забелешките, во Извештајот на Комисијата од спроведената постапка, избраниот понудувач во оваа фаза на постапката доставил изјави заверени од самиот себе, во кои е наведено дека машинските инженери, иако се вработени во друг субјект, истите му се отстапуваат, што не е во согласност со член 154 од Законот за јавни набавки.

- Комисијата за јавни набавки смета дека ваквата забелешка е неоснована, од причина што избраниот понудувач во оваа фаза од постапката има поддршка за докажување на техничката или професионалната способност со доставени валидни докази согласно точката 2.5.4 од тендерската документација (Прилог 2.2). Дека постапката во целост е спроведена согласно одредбите од Закон за јавните набавки е и фактот што Комисијата согласно член 140 став (3) од истиот закон и точката 5.3 од тендерската документација, побара појаснување и дополнување на пријавата од избраниот понудувач, односно да достави М1 и М2 за врботените со Висока стручна спрема со работно искуство најмалку 5 години, согласно точка 2.5.1. потточка 2 од тендерската документација (Прилог 2.2). Бараните податоци (Прилог 3.3) беа доставени во определениот рок, меѓу кои и обрасците М1 и М2 за машинските инженери, уредно потпишани и заверени, поради што Комисијата ценеше дека се исполнети условите од точката 2.5.4 од тендерската документација, бидејќи во првата фаза (претквалификација) на постапката покрај другата документација, понудувачот имаше доставено Изјава од одговорното лице-управител на фирмата која дава поддршка со отстапување на машински инженери, односно Изјава дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари (Прилог 2.4).

**Забелешка 3:** Според забелешките во алинеа 2 од точка 4.4.3, Комисијата за јавни набавки извршила евалуација на понудите, врз основа на критериумите за доделување на договор за јавна набавка, цена (90 бода) и рок на изведба на работите (10) бода, и дава предлог за избор на најповолна понуда. Во понудата променет е рокот за изведба на работите без потпис и печат од лицето што ја извршило корекцијата. Ова е утврдено и со увид во динамичниот план, прилог кон понудата, во кој рокот е подолг од наведениот во понудата, поради што постои неусогласеност на податоците дадени во понудата, што не е во согласност со одредбите на Правилникот за содржината на тендерската документација.

- Комисијата за јавни набавки смета дека ваквата забелешка е неоснована, поради тоа што во Понудата на избраниот понудувач во делот на финансиската понуда била извршена корекција на рокот за изведување на работите, но до самата корекција има

потпис и печат на одговорното лице, што значи дека корекцијата е извршена согласно Точка 3.7, потточка 3.7.2 од тендерската документација, и истата не е во спротивност со одредбите од Правилникот за содржината на тендерската документација (Прилози 2.8 и 2.9). Бидејќи рокот за изведување на работите е еден од критериумите за доделување на договорот за јавната набавка, истиот беше прочитан на јавното отварање на пристигнатите понуди, на кое присуствуваа и претставници на понудувачите, сите елементи од понудата што се читаат на јавното отварање меѓу кои и рокот за изведување на работите, се внесени во табела и извештај, кои се составен дел на документацијата од постапката, а од присутните преставници на јавното отварање немаше забелешки ниту приговори на постапката, што е доказ дека нема жалби за извршениот избор, а Комисијата целата постапка ја спровела согласно Законот и тендерската документација (Прилог 2.10).

**Забелешка 4:** Според забелешките во алинеа 3 од точка 4.4.3, Комисијата за јавни набавки, пред да пристапи кон вршење на евалуација на понудите, нема извршена посебна проверка/анализа на начинот на пополнување на предмер-пресметката, прилог кон понудата на избраниот понудувач, при што се утврдени одредени неправилности.

- Во врска со оваа забелешка, Комисијата за јавни набавки укажува на следното: Бидејќи во составот на Комисијата немаше стручно лице од областа на градежништвото, кое би можело истата да ја разгледа и со тоа проверките да ги изврши стручно и компетентно, заради запазување на роковите дадени за завршување на предметната набавка, Изведба (градба) на комплексот Македонско село кој е проект на Владата на Република Македонија, Комисијата продолжи со својата работа.

**Забелешка 5:** Дадените констатации во последниот параграф од точка 4.4.3 дека не е обезбедена фер конкуренција и еднаков третман на економските оператори е неоснована и напротив во целокупниот процес е обезбедена фер конкуренција и еднаков третман на економските оператори, поради тоа што е овозможено учество на сите заинтересирани економски оператори и транспарентно водена целата постапка и воедно ниту еден од учесниците во постакпката не достави забелешки (жалба) за начинот на водење на постапката и избраниот најповолен понудувач. Комисијата за јавни набавки постапката ја спроведе согласно Закон за јавните набавки, при тоа обезбедена е фер конкуренција, бидејќи јавниот повик беше меѓународен (Прилог 2.1) при што има пријавени 9 понудувачи во прва фаза, од кои 5 доставија финасиски понуди во втора фаза (Прилози 2.5 и 2.10), од сите пријавени кандидати во прва фаза, беа побарани дополнителни докази и појаснувања согласно законот (Прилог 2.3), што значи дека имаше фер конкуренција, еднаков третман кон понудувачите, а како меѓународен оглас истиот беше објавен во домашни и во странски гласила. Како доказ дека целата постапка е спроведена согласно закон, е и податокот дека од страна на понудувачите немаше жалби.

**Забелешка 6:** Забелешките во алинеа 4 од точка 4.3.5 дека избран е економски оператор чија понуда има голем број неправилности, наведени во точка 4.4.3 од Ревизорскиот извештај, кои влијаат и на реализација на договорот и на вредноста на инвестицијата односно на висината на потрочените средства, како и констатацијата во точка 4.3.5 дека Министерство за економија како буџетски корисник не постапило согласно одредбите во член 37-в од Законот за буџетите се неосновани и неаргументирани ако се имаат предвид горенаведените забелешки (забелешка 1 до забелешка 5) дадени кон точките 4.3.5 и 4.4.3.

**ТОЧКА 4.4.4**

**Забелешка 1:** Забелешката во алинеа 1 дека при спроведување на евалуацијата Комисијата го имала во предвид само едниот критериум за доделување на договорите за јавна набавка, цената,

а истовремено го користела заедно со дополнителниот критериум за утврдување на техничката/професионалната способност (минимален услов за утврдување на економската и финансиската состојба од 3.000.000 денари годишен обрт во последните три години за секој наслов од набавката одделно) е неоснована и контрадикторна со наредната забелешката на ревизорот од алинеа 2, според која "имајќи ги во предвид роковите на изработка поделно за секој наслов на книга, од вкупно 43 наслови на книги, 17 наслови на книги не се изработени во понудениот рок на изработка, односно задоцнувањето се движи од 1 до 6 месеци по истекот на понудениот рок за изработка за различни наслови на книги одделно".

- При спроведување на евалуацијата, Комисијата строго одлучуваше по критериумите за избор а тоа е најниска цена и најкраток рок, но се до моментот на исполнување на условот поставен во точка 2.4.1 од тендерската документација (како критериум за утврдување на способност) а тоа е еден економски оператор кога ќе го исполни условот од 3.000.000 денари годишен обрт во последните три години, за секој наслов од набавката одделно е избран за потребниот број книги и истиот неможе да учествува во постапката и во тој случај се зема второрангираниот, а кој сеуште го нема исполнето дополнителниот услов и се така додека не се доделат сите наслови (Прилог 3.2).
- Комисијата при работењето направи повеќе ранг листи, со цел најтранспарентно одлучување за избор на најповолен понудувач, вкрстувајќи ги сите потребни критериуми вклучително водејќи сметка и за условот објавен во тендерската документација: 3.000.000 денари годишен обрт во последните три години за секој наслов од набавката одделно. Комисијата единствено можеше да одлучува според валидните критериуми најниска цена и рок на испорака и тоа и го направи доказ: Ранг листа број 5. Но, во исто време Комисијата мораше да води сметка за додатниот услов кој претходно беше определен во самата тендерската документација (точка 2.4.1) подготвено од Работно тело, посебно формирано при Владата на Република Македонија, и кој не дозволува по исполнување на годишниот обрт за секој наслов одделно, иако некој од понудувачите остварил поголем број бодови и по двата критериуми, да неможе да учествува понатаму во изборот. За овој факт сите економски понудувачи беа навремено запознаени со тендерската документација и никој немаше доставено забелешка.
- Значи како резиме на претходното: однапред беа познати сите услови под кои понудувачите имаат право да учествуваат на објавениот тендер, како и критериумите врз основа на кои ќе бидат избрани. Не се работи за нетранспарентен избор, туку почитување на однапред поставени правила.
- На овој начин, постапката за доделување на договорите за јавна набавка според отворениот повик бр.1-ОП-2009 е спроведена во согласност со членот 162 од Законот за јавни набавки, според кој договорниот орган ја избира најповолната понуда врз основа на критериумот за доделување на договорот утврден во огласот за доделување на договорот за јавна набавка и тендерската документација, ако понудувачот чија понуда е најповолна ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способност.

**Забелешка 2:** Забелешката на ДЗР во алинеа 1 дека *"информациите за спроведување на постапката во тендерската документација не биле точни, прецизни и јасни за економските оператори, со што договорниот орган постапил спротивно на членот 32 од Законот за јавни набавки"* е неоснована и без конкретна аргументација, при што ве известувам за следното:

- При изработката на Тендерската документација, во целост се почитувани правилата утврдени во членот 32 од Законот за јавни набавки, бидејќи во истата точно, јасно и прецизно се наведени сите барања, услови и критериуми во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договорот за јавна набавка.

- За оваа цел, Министерството за економија во фазата адаптирање на тендерската документација, која што како модел е доставена до Министерството за економија од страна на Владата на Република Македонија (Прилог 3.2: електронски допис со датум 8.04.2008 година испратен од координаторот на Работното тело при Владата на РМ, до претставниците од задолжените министерства, со прилог тендерска документација од Генерален секретаријат при Влада на РМ по Отворена постапка бр.01/2008), исто така во неколку наврати дополнително го има консултирано Бирото за јавни набавки, кое воедно и активно учествуваше во Работното тело при Владата на РМ.
- Како појаснување на горенаведеното, ве информираме дека моделот на тендерската документација за реализација на владиниот проект “Превод и печатење на 500 стручни и научни книги од реномирани странски автори“ е подготвен од страна на Работно тело при Владата на Република Македонија, формирано со цел координирање и следење на активностите од овој проект и истата е идентична за сите владини институции. (Прилог 3.1: Извадок бр.19-17/97 од 10.10.2007 година од Нацрт-записник од 97-ма седница на Влада на РМ, Извадок бр.19-17/136 од 11.03.2008 од Нацрт-записник од 136-та седница на Влада на РМ, Извадок бр.19-1734/1 од 20.03.2008 од Нацрт-записник од 138-ма седница на Влада на РМ и Извадок бр.19-1734/1 од 23.03.2008 од Нацрт-записник од 139-та седница на Влада на РМ).
- За времетраењето на Огласот за доделување на договорот за јавна набавка, до Министерството за економија не е поднесен ниту еден приговор од страна на економските оператори (вкупно 12 кои учествувале на тендерот), во однос на содржината на тендерската документација, а воедно не е поднесена ниту една жалба по Одлуката за избор на најповолна понуда.

**Забелешка 3:** Забелешката од алинеа 3 дека *„за 5 наслови на книги, гаранциите се со рок на важност пократок од времетраењето на склучените договори, односно со закаснување од 21 ден за 4 наслови и 2 месеци за еден наслов.“*, сметаме дека е <u>неоснована</u> со оглед на следните факти:

- Наведената непокриеност на испораката по договорите со гаранции, се однесува за 5 наслови книги, кои се превземаа од економскиот оператор „Дата Понс“ Скопје. Притоа, за тој период дополнително е обезбедена гаранција со важност до 31.12.2009 (Прилог 3.5). Исто така, има Испратници од економскиот оператор, на кои се гледа дека првично 5-те наслови-книги беа превземени од представниците на Министерството за економија од економскиот оператор „Дата Понс„ Скопје на 25.12.2009 година, а на вторите испратници стои дека испратниците кои се со датум 21.01.2010 година, имаат врска со испратниците под даден број од 25.12.2009 година. Притоа беше укажано дека ваквата ситуација настана бидејки од страна на одговорните во магацините на „Просветно дело„ ни беше кажано дека, бидејки се работи за период околу Нова година, нема простор да се примат наведените 5 наслови книги (5 наслови по 1000 примероци). Од министерството беше побарано истите да ги примиме во соодветен простор, а потоа по ослободување на простор во магацините на „Просветно дело„, истите ке бидат примени од нивна страна, поради што и се јавуваат 2 испратници (Прилог 3.6). Примопредавањето на книгите реално е направено на 25.12.2009 година, а потоа е направено само преместување на истите од еден во друг магацин. Анекс гаранциите за овие наслови книги се со важност до 31.12.2009 година (Прилог 3.5). Покрај ова беше укажано дека за ова примопредавање постои и записник со кој се потврдуваат горенаведените работи, бидејки ниту економскиот оператор во чии простории стоеја книгите, не можеше да ги има истите без документ, а особено бидејки се работи за крај на година, кога се прават завршни сметки и усогласување на евиденциите (Прилози 3.5 и 3.6).

**Забелешка 4:** Во делот на забелешката дека одредени книги не се изработени во наведениот рок односно дека задоцнувањето се движи од 1 до 6 месеци, се укажува на фактот дека задоцнувањето од 6 месеци, се однесува само на една книга а реално задоцнувањето е од 98 дена. Ова произлезе од фактот дека за наведената книга и покрај постојаните усилби за обезбедување на авторско право, од страна на економскиот оператор, со задоцнување авторите на овој наслов се согласија да го отстапат истото. Поради исполнување на целите на Договорот, од проектот на Владата, дојде до задоцнување на испораката. Задоцнувањето на испораката на другите наслови книги за околу 1 месец, се од објективни причини, а заради реализација на проектот, беа прифатени овие незначителни задоцнувања. Треба да се напомене дека 7 наслови книги беа испорачани 2 до 6 месеци пред предвидениот рок.

**Забелешка 5:** Во однос на забелешката дека гаранциите за квалитетно извршување на Договорите за јавни набавки, се обезбедени со задоцнување од еден месец од потпишување на договорите, се укажува на фактот дека за да се обезбеди гаранција од соодветна банка, потребно е економскиот оператор да приложи потпишан договор, бидејки истиот се внесува како податок во гаранцијата која треба да се издаде. Од тие причини се прифатени гаранциите со наведеното задоцнување. Од вкупно 43 наслови – книги, за 6 (шест) од нив гаранциите иако се издадени со еден месец задоцнување, го покриваат периодот од потпишувањето на договор, што е наведено во самата гаранција (Прилог 3.7).

**Забелешка 6:** Дадените констатации во последниот параграф од точка 4.4.4 дека не е обезбедена фер конкуренција и еднаков третман на економските оператори не ја одразува реалната состојба и напротив во целокупниот процес е обезбедена фер конкуренција и еднаков третман на економските оператори, поради тоа што е овозможено учество на сите заинтересирани економски оператори и транспарентно водена целата постапка и воедно ниту еден од учесниците во постапката не достави забелешки (жалба) за начинот на водење на постапката и избраниот најповолен понудувач. Комисијата за јавни набавки постапката ја спроведе согласно Закон за јавните набавки, при тоа обезбедена е фер конкуренција, бидејќи јавниот повик беше меѓународен, истиот беше објавен во домашни и во странски гласила и пријавени се 12 понудувачи (Прилог 3.3). Како доказ дека целата постапка е спроведена согласно закон, е и податокот дека од страна на понудувачите немаше жалби.

**РЕЗИМЕ И ТОЧКА 5**

Во делот на изнесените мислења (во делот на резимето и точка 5) како за финансиските извештаи, така и за усогласеноста со законите и прописите, сметаме дека е пореално да се ревидираат и да се даде позитивно мислење освен со наедените констатации,кои во најголем дел се од формална природа.

**[2]** Забелешки во однос на Ревизорскиот извештај за **<u>сметката на основен буџет 631</u>**:

**РЕЗИМЕ И ТОЧКА 5**

Во делот на изнесените мислења (во делот на резимето и точка 5) како за финансиските извештаи, така и за усогласеноста со законите и прописите, сметам дека е пореално да се ревидираат и да се даде позитивно мислење освен со наедените констатации,кои во најголем дел се од формална природа.

## ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Точка 4.3.3

Прилог 1.1: Упатство за субвенционирање на страскиот организиран туристички промет
Прилог 1.2: Соопштение за туризам (Декември 2010, Декември 2011 и Мај 2012), Државен завод за статистика

Прилог 2: Точките 4.3.5 и 4.4.3; Резиме и Вкупни ефекти од наодите

Прилог 2.1: Одлука за јавна набавка – Изведба (изградба) на комплексот „Македонско село„
Прилог 2.2: Тендерска документација – Прва фаза од ограничената постапка
Прилог 2.3: Барање на дополнителна документација до сите економски оператори кои се пријавиле имало потреба од дополнување на документацијата
Прилог 2.4: Дополнителна документација доставена од економскиот оператор (која по втората фаза е избран за најповолен понудувач)
Прилог 2.5: Записник од отворањето на понудите во првата фаза од ограничената постапка
Прилог 2.6: Извештај од Комисијата за јавни набавки за спроведена постапка – прва фаза
Прилог 2.7: Одлука за квалификација на понудувачи
Прилог 2.8: Тендерска документација – Втора фаза од ограничената постапка
Прилог 2.9: Понуда на најповолниот понудувач
Прилог 2.10: Записник од отворањето на понудите во втората фаза од ограничената постапка
Прилог 2.11: Извештај од Комисијата за јавни набавки за спроведена постапка – втора фаза
Прилог 2.12: Одлука за избор на најповолна понуда
Прилог 2.13: Известување за избор на најповолен понудувач

Прилог 3: Точка 4.4.4

Прилог 3.1: Извадок од записниците на Владата во врска со заклучоците на Владата
Прилог 3.2: Тендерска документација подготвена од Работното тело на Владата
Прилог 3.3: Извештај од Комисијата за јавни набавки за спроведена постапка
Прилог 3.4: Одлука за избор на најповолна понуда
Прилог 3.5: Анекс гаранции од економскиот оператор „Дата Понс„
Прилог 3.6: Записник за примопредавање на 5 книги од економскиот оператор „Дата Понс„
Прилог 3.7: Анекс гаранции од економскиот оператор „Издавачки центар Три„

**Прилог 3**

**Одговор на забелешки**
**на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Доставени се забелешки на Нацрт извештајот од извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизијата на усогласеност на Министерството за економија – сметка на основен буџет – 637, и тоа:

- На ден 26.07.2012 година под архивски број 17-122/7, од одговорното лице на Министерството за економија, за периодот – предмет на ревизија (01.01. – 27.07.2011 година), д-р Фатмир Бесими.
- На ден 06.08.2012 година под архивски број 17-122/8 од законскиот застапник на Министерството за економија, Ваљон Саракини.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот доставени од одговорното лице на Министерството за економија за периодот – предмет на ревизија (01.01. – 27.07.2011 година) и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешките на наодот во **точка 4.3.3.** од Нацрт извештајот, кој се однесува на утврдени неправилности при исплатата на средства на странски и домашни фирми – туроператори во текот на 2011 година, врз основа на решенија донесени од министерот, по спроведена постапка од страна на комисија, за субвенционирање на реализиран странски организиран туристички промет, **не се прифаќаат,** поради следното:

   - Во прилог на забелешките е доставено Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет и неговите измени, кое што ревизијата го имаше во предвид и за што е дадено детално образложение во точка 4.2.6. Исто така, даден е коментар дека утврдените состојби се од формален карактер и не се во спротивност со Упатството, без да се достават нови докази кои би го оспориле наодот.
   - Ревизијата не ги оспорува ефектите од субвенционирањето во туризмот и зголемувањето на бројот на странски туристи во 2011 година во споредба со 2010 година, за што во прилог одговорното лице достави извадоци од статистички показатели од Државниот завод за статистика за порастот на бројот на странски туристи, пред и по воведување на субвенциите. Ефикасноста од воведувањето на субвенционирањето е цел на ревизија на успешност која подразбира ревизија на економичност, ефикасност и ефективност во користењето на државните средства. Целта на извршената ревизија на Министерството за економија за 2011 година е да се издаде мислење за тоа дали финансиските извештаи се

изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива. Извршената ревизија и констатираните наоди во ревизорскиот извештај се согласно стандардите на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ)пропишани за примена во Република Македонија и Методологијата, правилниците и упатствата на Државниот завод за ревизија.

2. Забелешките на наодите во **точка 4.3.5.** и **точка 4.4.3.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на констатирани неправилности во планирањето, спроведувањето на постапката за јавна набавка и реализацијата по склучениот договор за изградбата на комплексот „Македонско село“ со избраниот понудувач, **не се прифаќаат,** поради тоа што доставените прилози со реден број од 2.1 до 2.13, ревизијата ги имаше во предвид и истите не преставуваат дополнителни докази кои што ќе ги оспорат состојбите утврдени со наодите. Врз основа на забелешките потребно е да се истакне следното:

   Комисијата за јавни набавки во првата фаза од ограничената постапка извршила оценување само на способноста на кандидатите. Во делот на докажување на техничката или професионалната способност, потребно било економските оператори доколку не се во можност истата сами да ја докажат, да достават валиден доказ/изјава дека друг субјект ќе му ги стави на располагање соодветните технички и професионални ресурси. Во Извештајот од спроведената постапка, ревизијата констатира дека избраниот понудувач во оваа фаза на постапката доставил изјави заверени од самиот себе, во која има наведено дека машинските инженери иако се вработени во друг субјект му се отстапуваат, што не е во согласност со член 154 од Законот за јавни набавки.

   Комисијата за јавни набавки нема извршена посебна проверка/анализа односно не е посветено посебно внимание на предмер-пресметката, прилог на понудата и консултирање или вклучување на стручни лица од повеќе области, кои во ваквите постапки се потребни и биле дадени како насока од Владата на РМ со Извадок од Нацрт записник од 137 – та седница од 2009 година.

   При вршењето на евалуацијата на понудата, иако цената е со 90 бода, во оваа постапка извршен е избор на понуда која била финансиски повисока, а која има рок на изведба пократок. Прифатената понуда е за 0,20 бода подобра од второ рангираната која пак има пониска вкупна вредност од 7.727 илјади денари во однос на најповолната понуда.

Понудата која е избрана за најповолна врз основа на еден од критериумите за доделување на договор за јавна набавка (рок за изведба на работите) е корегирана односно пишувано е врз претходен текст, без истата да е потврдена/парафирана од одговорното лице што ја потпишува понудата. Ревизијата изврши увид во рокот за изведување на градбата наведен во динамичниот план, прилог кон понудата. Тој рок е подолг од оној наведен во понудата, поради што постои неусогласеност на информациите дадени во самата понуда.

Потребно е да се истакне дека битни заклучоци од состаноците на работните група формирана од министерот на 20.05.2011 година, меѓу другото се, и решавање на проблемот со наплата на вишоците и дополнителните количини со времени Анекс договори за извршување на секои 6 или 12 месеци, решавање на проблемот со локалниот пат, решавање на проблемот за начинот на приклучување на проектот на енергетска мрежа и на водоводна и канализациона мрежа, барањето за продолжување на рокот за 105 дена од изведувачот заради прекин на работа на 23.12.2011 поради лошите временски услови.

3. Забелешките на наодот во **точка 4.4.4.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на спроведената отворена постапка за набавка на 50 книги од реномирани странски автори од областа на економијата, **не се прифаќаат,** поради тоа што со забелешките доставени се прилози од реден број 3.1 до 3.7. кои ревизијата ги имаше во предвид односно не се доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат состојбата искажана во наодот. Во дел од доставените забелешки, одговорното лице ги истакнува причините за утврдените состојби на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката за делот од **Резимето** и ревизорското мислење дадено во **точка 5** од Нацрт извештајот, која се однесува на изнесеното мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на МЕ за 2011 година, како и на усогласеноста со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, **не се прифаќа**, од причина што мислењето е резултат на констатираните наоди во ревизорскиот извештај кое согласно ревизорската методологија на Државниот завод за ревизија се пренесува во резимето од Нацрт извештајот.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот доставени од законскиот застапник на Министерството за економија и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешката на препораката на наодот во **точка 4.1.** од Нацрт извештајот, која се однесува на системот на интерни контроли и поставеноста на внатрешната ревизија во МЕ, **не се прифаќа**, од причина што ревизијата ја имаше во предвид поставеноста и функционирањето на Секторот за финансиски прашања поради што укажа на зајакнување на контролниот систем со донесување на пишани процедури во сите процеси на работењето на МЕ.

2. Забелешката на препораката на наодот во **точка 4.2.1.** од Нацрт извештајот, која се однесува на преземање активности за целосно осамостојување на Бирото за метрологија и Државниот пазарен инспекторат, претставува **известување** дека за истото треба да одлучи Владата на Република Македонија преку измена на Законот за организација и работа на органите на државната управа во соработка со надлежното министерство.

3. За забелешките на препораката на наодот во **точка 4.2.2.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на усогласување на систематизацијата на работните места со што ќе се овозможи мобилност во државната служба од Помлад соработник во непосредно повисоко звање и почитување на степенот и видот на образованието при преземање или распоредување на соодветно работно место, се дава следното образложение:

- За усогласувањето на систематизацијата на работните места со што ќе се овозможи мобилност во државната служба од Помлад соработник во непосредно повисоко звање дадено е **известување** за прифаќање на препораката на Државниот завод за ревизија и надминување на состојбата со донесување на нов Правилник за организација и работа и систематизација на работните места на МЕ.
- За делот од препораката која се однесува на почитување на степенот и видот на образованието при преземање или распоредување на соодветно работно место, истата **не се прифаќа** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат дадената препорака.

4. Забелешките на препораката на наодот во **точка 4.2.3.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на преземање мерки и активности за квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и изворите на средства согласно законските прописи, **не се прифаќаат,** поради тоа што истите претставуваат коментар на начинот на спроведување на пописот во МЕ од централната пописна комисија, без да се достават дополнителни

доказиs кои што ќе ја изменат или оспорат утврдената состојба од ревизорот. Забелешката која се однесува на направеното прекнижување на набавената опрема за вршење на попис во деловните книги во 2012 година, не е релевантна за утврдената состојба во наодот, ниту пак се однесува на дадената препорака.

5. Забелешката на препораката на наодот во **точка 4.2.4.** од Нацрт извештајот, која се однесува на преземање активности во насока на комплетирање на сите судски предмети кои се водат во МЕ пред надлежен суд и истите да бидат предадени на постапување на Одделението за судски и управни постапки, претставува **известување** за преземање на мерки за перманентно и постојано ажурирање на судските предмети.

6. Забелешката на препораката на наодот во **точка 4.2.5.** од Нацрт извештајот, која се однесува на преземање активности за доуредување на законските прописи заради целосно раздвојување на надлежностите и активностите на Секторот за туризам и угостителство при МЕ во однос на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и преиспитување на постоењето на секторот во МЕ, претставува **известување** за прифаќање на дадената препорака и преземање на мерки за доуредување на постојната законска регулатива.

7. Забелешката на препораката на наодот во **точка 4.2.6.** од Нацрт извештајот, која се однесува на преземање активности за донесување на нов подзаконски акт за начинот, видот и висината на субвенциите согласно член 57 став 2 од измените на Законот за туристичка дејност, **не се прифаќа**, поради тоа што Упатството е донесено врз основа на член 57 став 2 од измената на законот („Службен весник на РМ„ бр. 89/08), а истото престанува да важи на 19 февруари 2011 година согласно член 16 од измената на законот објавена во „Службен весник на РМ„ бр. 17/2011 година, врз основа на кој министерот е должен да го пропише начинот, видот и висината на субвенциите. Исто така, согласно член 29 од измената на законот, било потребно да се донесе подзаконскиот акт во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на законот.

8. Забелешките на наодот во **точка 4.2.7.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на правната поука во донесените решенија за исплата на субвенции за странскиот организиран туристички промет и работата на Комисијата формирана со решение од министерот, во јуни 2010 година, со задача да ги спроведува постапките за доделување на буџетски средства опфатени со Програмата за развој на туризмот за 2010 година, а не и за 2011 година, **не се прифаќаат,** од причина што и самиот текст во дадените

забелешки претставува потврда на констатираните состојби во наодот на ревизорот. Имено, ниту со одредбите од Законот за туристичка дејност, ниту Упатството донесено врз основа на законот, не предвидуваат право на жалба против решенијата донесени од страна на министерот. Тоа значи дека МЕ со дадената поука за жалба погрешно ги упатува физичките и правните лица во остварувањето на нивните права и обврски да поведуваат управен спор пред Управниот суд, при што, МЕ го нема земено во предвид членот 17 од Законот за управни спорови, со кој се регулира стварната надлежност на Управниот суд.

9. Забелешките на препораката на наодот во **точка 4.3.1.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на преземање активности за целосно спроведување на одредбите од поединечно склучените договори со корисниците согласно Законот за задолжување на РМ со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, претставува **известување** за прифаќање на препораката и преземање на активности од страна на министерството заради задолжување на корисниците, Централен регистар на РМ и НБРМ, за делот од отплатата на заемот согласно договорите. Во контекст на наведеното ревизијата укажува дека во наодот не е констатирано дека ануитетите за отплата кои се вршат исклучиво преку Буџетот на министерството го надминуваат усвоениот амортизационен план спрема Светска Банка и дека се исплаќаат повеќе средства. Основната цел на наодот е дека отплатата на главнината и плаќањето на каматата се врши исклучиво од буџетски средства на МЕ односно не се соодветно поделени ануитетите на корисниците на кредитот – Министерство за економија, Централен регистар на РМ и НБРМ.

10. Забелешката на препораката на наодот во **точка 4.3.2.** од Нацрт извештајот, која се однесува на преземање активности за проверка и контрола на сите исплатени средства во периодот од 2008 – 2011 година по основ на кофинансирање на Европскиот информативен и иновативен центар, **не се прифаќа**, поради што истата претставува образложение односно дадени се информации за овој проект кои ревизорот ги имаше во предвид при утврдување на констатациите во наодот без да се достават дополнителни докази кои ќе ја оспорат состојбата. Не оспорувајќи ги ефектите од вклучувањето на државата со кофинансирање на овој проект, ревизијата имаше обврска да ја обелодени законитоста на исплатата на средствата кои претставуваат државни расходи.

11. Забелешките на препораката на наодот во **точка 4.3.3.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на преземање активности по добивање на Извештајот од извршената внатрешна ревизија на исплатата на субвенциите во туризмот

која е во тек, **не се прифаќаат,** од причина што самиот текст во дадените забелешки, како и наведените случаи по одделни алинеи од наодот, упатуваат на недоследности во почитувањето на условите и критериумите за правото и висината на субвенциите за странски организиран туристички промет утврдени со Упатството кое е донесено со Законот за туристичка дејност и истите претставуваат потврда на констатираните состојби од страна на ревизорот. Исто така, слабостите истакнати по одделните алинеи во наодот, не се во согласност со член 37-в од Законот за буџетите согласно кој, буџетските корисници и единки корисници се одговорни за извршување на расходите и другите одливи, во согласност со одобрените средства, и должни се одобрените средства да ги користат наменски. Секој расход и одлив од буџетот мора да се заснова на веродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање.

12. Забелешката на наодот во **точка 4.3.4.** од Нацрт извештајот, која се однесува на одобрените барања за исплата на субвенции за странски организиран туристички промет за 2011 година, и покрај намалените буџетски средства за таа намена, и пренесување на обврските од 2011 во 2012 година по неисплатените позитивно решени барања од страна на МЕ на Агенцијата за промоција и поддршка во туризмот во РМ, претставува **известување** дека се преземени активности во текот на 2012 година, без доставени прилози во забелешките и неизвршена промена на Програмата за промоција и поддршка на туризмот.

13. Забелешката на препораката во наодот во **точка 4.3.5.** од Нацрт извештајот, која се однесува на преземање мерки и активности за проверка на целокупната документација во врска со изградбата на комплексот „Македонско село„ заради утврдување на причините кои придонеле за појавените неправилности со лоцирање на одговорноста, претставува **известување** дека ќе се формира интерна Комисија во МЕ која ќе пристапи кон проверка на целокупната документација за изградба на комплексот „Македонско село„ заради утврдување на фактичката состојба.

14. Забелешката на препораката во наодот во **точка 4.3.6.** од Нацрт извештајот, која се однесува на воспоставување на систем на интерни контроли со кои ќе се обезбеди целосна примена на процедурата за користење на службените моторни возила пропишани со Правилникот за внатрешна организација и функционирање на Министерството за економија бр.14-815/1 од 21.10.2008 година, **не се прифаќа** поради недоставени дополнителни докази кои би ја оспориле констатираната состојба.

15. Забелешката на препораката во наодот во **точка 4.3.7.** од Нацрт извештајот, која се однесува на преиспитување на целокупната документација во врска со набавката на просториите, утврдување на причината за евидентирањето на истите на инвестиција во тек и покренување на постапка за донесување на Одлука за давање на правото на користење на Бирото за метрологија, по што ќе се изврши и соодветно запишување во надлежниот катастар, **делумно се прифаќа**, поради дополнително доставување на копија од нотарската заверка на Анекс договорот, во прилог на забелешките, како еден од потребните документи согласно писмото од МФ – Управа за имотно правни работи од 30.05.2005 година, со додавање на следниот пасус„ Со забелешките на Нацрт извештајот доставени од министерот на МЕ, доставена е копија од анекс договорот заверена на нотар„. Дополнително доставените пописни листи за извршен попис на градежен објект во Бирото за метрологија за 2007, 2008 и 2009 година, **не се прифаќаат**, од причина што истите се однесуваат на физички попис во Бирото за метрологија, а не за попис на инвестициите во тек во деловните книги на МЕ, на кое што се евидентирани просториите од деловниот објект кој го користи Бирото за метрологија, во изминатите години station наназад.

16. Забелешката на министерот на МЕ на **точката 4.3.8.** која се однесува на осигурувањето на имотот на министерството, претставува **известување** за причините поради кои не се почитуваат одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, не донесено упатство и не обезбедените средства за оваа намена во буџетот на министерството.

17. Забелешките на препораката на наодот во **точка 4.3.9.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на преземање активности за преиспитување на документацијата врз основа на која се евидентирани нематеријалните средства со цел правилно утврдување на вредноста на истите, врз основа на попис, **не се прифаќаат,** за што се дава следното образложение:
Ревизијата ги имаше во предвид дадените препораки во ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија во претходниот период. Целта на искажаните констатации во наодот е континуирано следење и ажурирање на искажаните состојби во билансот на состојба и потврдување на истите со попис. Препораката дадена од Овластениот државен ревизор во претходниот период која се однесува на реализацијата на Програмата за електрификација на села, исплатени на АД ЕСМ од капиталните расходи на министерството, била дадена во период кога акционерското друштво не било приватизирано со цел да се постигне контрола на исплатените расходи и евентуална капитализација/корист на државата од исплатените средства. Што се однесува до издатоците за истражувања на минерални суровини кои биле реализирани преку капиталните расходи на министерството,

истите преставуваат нематеријални средства доколку претставуваат: стекнување на права за истражување, топографски, геолошки, геохемиски и геофизички истражувања, истражувачко дупчење, ископување, вадење примероци и сл. Начелото на претпазливост налага доколку при истражувањата не се откриени наоѓалишта на минерални суровини или постои проценка дека не се исплатливи за истражувања, овие расходи не се признаваат како нематеријални средства. Потребна е евиденција на геолошките истражувања по места и области.

18. Забелешката на препораката во наодот во **точка 4.3.10.** од Нацрт извештајот, која се однесува на побарувања од минати години за кои не се преземени соодветни мерки за наплата во изминатиот период, потребно е да се преиспита целокупната документација во смисла на потврда на ненаплативоста на истите, да се даде предлог за отпис (`сеуште стојат како редовни побарувања во деловните книги), со утврдување на причините за ваквата состојба и преземање на соодветни мерки против одговорните лица, **не се прифаќа,** поради недоставени нови докази за промена на наодот. Исто така, забелешката се однесува само на алинеја 2 од наодот и наведената Информација до Владата на РМ од 2007 година е земена во предвид при утврдување на состојбата.

19. Забелешката на препораката во наодот во **точка 4.4.1.** од Нацрт извештајот, која се однесува на преиспитување на потребата од ангажирање на работници за вршење на привремени работи, **не се прифаќа,** поради тоа што не се доставени дополнителни докази за промена на наодот.

20. Забелешката на **точката 4.4.2.** од министерот на МЕ која се однесува на спроведувањето на постапките за јавни набавки преку електронска аукција претставува **известување** дека во 2012 година министерството ги спроведува постапките преку електронска аукција, 100% од објавените огласи, за што е доставен прилог - преглед од ЕСЈН.

21. Забелешките на наодот во **точка 4.4.3.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на начинот на спроведување на ограничена постапка за јавна набавка за работи/изведба (градба) на комплексот „Македонско село„, **не се прифаќаат**, од причина што во забелешките се дава коментар без да се приложат соодветни докази со кои ќе се оспорат состојбите утврдени во наодот, особено што забелешките се однесуваат само на дел од наодот кој се состои од 3 алинеи со 6 потточки, во кои се утврдени поединечни неправилности за самата понуда на избраниот понудувач, што влијаат на реализацијата на договорот и на висината на потрошените средства.

22. Забелешките на наодот во **точка 4.4.4.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на спроведената отворена постапка за набавка на 50 книги од реномирани странски автори од областа на економијата, **не се прифаќаат,** поради тоа што наведеното образложение во забелешките ревизијата го имаше во предвид при утврдувањето на состојбите во наодот, а не се доставени соодветни дополнителни докази. Иако, за еден дел од наодот е наведен прилог на документи, истите не се доставени.

23. Забелешките на препораката на наодот во **точка 4.4.5.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на реализацијата на групната јавна набавка на Кампањата за штедење на електрична енергија од 2009 година која ја реализирале АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ и МЕ, **не се прифаќаат**, поради тоа што со забелешките не се доставени нови докази, односно наведени се причините за констатираните состојби на ревизорот, кои се земени во предвид, но немаат влијание врз констатираните состојби.

24. Упатената забелешка на состојбите од **точката 7.1** , поместена во поглавјето „Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет", претставува известување и доставување на дополнителни информации за проектот „Сончеви загреvачи на вода„ кои не влијаат на искажаните состојби во ревизорскиот извештај.

25. Со упатената забелешката на **точката 7.2**, законскиот застапник на министерството за економија дава дополнителни информации за кредитната линија на ЕБОР и кредитната линија на СИЗ за енергетика кои не влијаат на состојбите искажани во ревизорскиот извештај.